# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>16.03.2017 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 52 |
|---|---|


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **5** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **21** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година. | **42** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **52** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот 01.01. - 31.12.2016 година. | **58** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот 01.01. - 31.12.2016 година. | **62** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за периодот 01.01. - 31.12.2016 година. | **65** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година. | **68** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година. | **72** |
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2016 година. | **77** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 31.12.2016 година. | **84** |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2016 година. | **92** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **100** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма други комунални услуги за 2016 - 2018 година за периодот 01.01. - 31.12.2016 година. | **113** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2016 - 2018 за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **117** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за јавно осветлување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **125** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **128** |
| **18.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај 2016 - 2018 за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **136** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **138** |
| **20.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **142** |
| **21.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2016 година. | **146** |
| **22.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2016 година. | **154** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2016 година. | **155** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година. | **158** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2016 година и Извештајот за годишниот попис за 2016 година. | **164** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2016 година. | **170** |
| **27.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Христо Узунов“ Охрид. | **178** |
| **28.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Григор Прличев“ Охрид. | **178** |

| | | |
|---|---|---|
| **29.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид. | **179** |
| **30.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финасиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Братство Единство“ Охрид. | **180** |
| **31.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид. | **181** |
| **32.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти. | **181** |
| **33.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец. | **182** |
| **34.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани. | **183** |
| **35.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОМУ„Методи Патче“ Охрид. | **183** |
| **36.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОСУ„Св.Климент Охридски“ Охрид. | **184** |
| **37.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ Охрид. | **185** |
| **38.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ Охрид. | **186** |
| **39.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ОУТУ„Ванчо Питошески“ Охрид. | **186** |
| **40.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2016 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид. | **187** |
| **41.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2015/2016 година. | **188** |
| **42.** | Одлука за усвојување на финансискиот Извештај и Извештајот за работата на МЈП„Проаква“ Струга работна единица Водовод Охрид за периодот 01.01. - 31.12.2016 година. | **189** |
| **43.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Нискоградба Охрид“ Охрид за 2016 година. | **190** |
| **44.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **190** |
| **45.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **191** |

| | | |
|---|---|---|
| **46.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година. | **192** |
| **47.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП„Билјанини Извори“ - Охрид за 2016 година. | **193** |
| **48.** | Одлука за инвестирање во инфраструктурно уредување на пристапот во објектот ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ Охрид. | **193** |
| **49.** | Одлука за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“ Охрид кон ЕВН Македонија за потрошена електрична енергија. | **194** |
| **50.** | Одлука за усвојување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2017 година. | **195** |
| **51.** | Одлука за усвојување на програмата за работа на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид за 2017 година. | **201** |
| **52.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Билјанини извори“ – Охрид за 2017 година. | **204** |
| **53.** | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешачка патека Табана - Канео - Лабино. | **206** |
| **54.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр.1, Кп.бр.2 и Кп.бр.3627 КО Елшани. | **207** |
| **55.** | Одлука за определување на ширината на крајбрежен појас на дел од водотекот на Скребатска река во населено место Косел. | **208** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2016 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**Годишен извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 – 31.12.2016 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од една година и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 год. за реализација на:

- РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 – 31.12. 2016 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2016 – 31.12.2016 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**
3. **Развој на туристичка инфраструктура**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процес на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2521 станоиздавачи)
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи во:

- Утрехт, Холандија 12-17.01.2016 год.
- Истанбул, Р. Турција 28-31.01.2016 год.
- Брисел, Белгија 04-08.02.2016 год.
- Софија, Р. Бугарија 11-13.02.2016 год.
- Белград, Р. Србија 18-21.02.2016 год.
- Берлин, Р. Германија 09-13.03.2016 год.
- Москва, Русија 23-26.03.2016 год.
- Германија, Бремен 04-06.11.2016 год.
- Романија, Букурешт 17-20.11.2016 год.
- Швајцарија, Луцерн 18-20.11.2016 год.
- Србија, Крагујевац 24-27.11.2016 год.
- Шпанија, Барселона 29.11 – 01.12.2016 год.
- Турција, Измир 08-11.12.2016 год.

- Субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем
- Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009-2016
- Снимена и емитувана репортажа за Охрид и регионот во емисијата ГАСТРОНОМАД
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во Виена
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во Далијан, Кина
- Туристичка промоција на Охрид на меѓународниот саем за туризам во Ниш
- Туристичка промоција на Охрид во списанието ELEVATE
- Испечатен промотивен материјал за град Охрид

- Општина Охрид домаќин на меѓународната конференција ADVENTURE NEXT BALKAN
- Организација и реализација на манифестацијата “БЕЛО ЛЕТО 2016”
- Организација на манифестацијата “Денови на Медот во Охрид”
- Организација на фестивалот Ohrid Calling
- Организација на манифестацијата Ohrid Craft Expo
- Организација на Караванот “ЛЕТЕН ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ“
- Организација и реализација на фестивалот на “ВИНО И СИРЕЊЕ 2016”
- Организација и реализација на манифестацијата “ОХРИДСКА СОФРА 2016”
- Организација на „ПРОМО ТУРА 2016“
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Промоција на Охрид во странски ТВ станици - емитувани репортажи за Охрид од екипи на телевизиска куќа TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK – Р. Турција
- Подготвителни активности за поставување на туристички инфо центар
- Подготвителни активности за поставување на јавни тоалети
- Спроведување на анкетни листови за состојбата на туризмот и угостителството во Охрид на домашни и странски гости.
- Субвенционирање на нови авиолинии

ЛУТОН – ОХРИД – ЛУТОН

- Одржана јавна расправа за Законот за угостителска дејност

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

**АНЕКС 1**

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2016 год.

**1. Управување со туристички дејности**

**2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација**

**3. Развој на туристичка инфраструктура**

**4. Подготовка на проекти и проектно управување**

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2016 год. во однос на 2015 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2016 – 31.12.2016 год.**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2016 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид чија што крајна цел е искористување на ресурсите на охридскиот регион како туристичка дестинација по пат на меѓусебна соработка во процесот на развој на дестинацијата. | Во соработка со Swiss Contact Foundation и Универзитетот „Saint Galen„ од Швајцарија се пристапи на изработка за Стратегија за развој на туризмот и План за развој на дестинациски менаџмент | Стратегијата за развој на туризмот е во завршна фаза, Активностите за планот за развој дестинациски менаџмент се одвиваат во континуитет. | Не се користени сопствени средства. Изработката на Стратегијата за развој на туризмот и Планот за развој на дестинациски менаџмент е финансирана од Swiss Contact Foundation |
| **1.2.** | **Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2016 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2521 станоиздавачи од кои во 2016 година се регистрирани 116 нови станоиздавачи | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2** | Јануари-Декември 2016 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на 2016 година продолжени се 63 решенија за категоризација | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Јануари – Декември 2016 | Регистрација на физички лица кои вршат услужни дејности поврзани со водениот превоз | Согласно Законот за туристичка дејност сите вршители на туристички услуги поврзани со водениот превоз се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општина Охрид | По иницијатива на градоначалникот на општина Охрид и секторот ТЛЕР, по извршените законски измени и дополнувања на законот за туристичка дејност вршителите на оваа дејност се регистрираат во регистарот. Во секторот за ТЛЕР се регистрирани 20 физички лица од оваа област, даватели на услуги поврзани со водениот превоз – кајчиња. | Не се потрошени финансиски средства |
| 4 | Јануари – Декември 2016 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за 2016 год. согласно надлежноста заверени се 120 нормативи за храна и пијалоци | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| 1 | Јануари – Декември 2016 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност (50% од извршената уплата на Таксата за привремен престој) за 2016 год. беа поднесени 66 барања. | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид и зголемена наплата на ТПП | Вкупно во 2016 се исплатени 594.745,00 мкд. (за периодот јули – декември 2015 и јануари – јуни 2016) |
| **1.4 Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| 1 | Јануари - Декември 2016 | Субвенционирање на авио превозници (операционализација на нова авио линија Охрид -Лутон – Охрид) со | Согласно развојната Програма за Туризам 2015-2018 и Договорот со Авиопревозникот Визер од 2015 до 2018 оперативна е линијата Охрид – Лутон (Лондон). Во 2016 согласно | По добиените годишни извештаи од ТАВ, на релацијата Охрид - Лутон – Охрид за периодот од 15 Мај до 31 Декември се превезени 8539 патници со што се надмина лимитот | Исплатени финансиски средства во износ од 6.190.204,00 ден кои се субвенции за 2015. Субвенциите за 2016 ќе |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Авиокомпанија Визер. | договорот операторот ја опслужуваше линијата од 15 Мај до 31 Декември. | од над 7000 патници | се исплатат во 2017 |

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

| **2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јули-Септември 2016 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Емитувани репортажи за Охрид во ТВ куќи од Р. Турција како во TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK, електронското издание на магазинот „Cercle Diplomatique“ од Австрија и др. | Објавени репортажи за Охрид во турските ТВ куќи TEK RUMELI, TGRT HABER и TRT TURK, електронското издание на магазинот „Cercle Diplomatique“ од Австрија и др. Промовирана туристичката понуда и туристичкиот потенцијал на град. Целта е приближување на туристичкиот потенцијал на Охрид до гледачите. | Не се потрошени финансиски средства |
| 2. | Мај 2016 | Објавена репостажа за Охрид во мајското издание на магазинот „Elevate“ на авио превозникот „AIR SERBIA“ | Промоција на туристичката понуда на Македонија, а посебно на Охрид. | Маркетиншка промоција на Охрид и туристичката понуда преку магазинот кој се дистрибуиран во авионите на „AIR SERBIA “ на сите дестинации на кои тие летаат. | Не се потрошени финансиски средства |
| 3 | Април 2016 | Промоција на Охрид и регионот во емисијата ГАСТРОНОМАД | Емисијата има за цел прикажување на традиционалните рецепти кои ги нуди Охрид и регионот низ призма на историјата, традицијата и културата, како и запознавање со културно – историските знаменитости во Охрид. | Снимени и емитувани осум емисии на Националната Радио Телевизија Србија и сателитскиот канал на РТС. | Потрошени финансиски средства во износ од 29.300,00 ден |
| **2.2 Организација на “промо – тура 2016“** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Септември 2016 | Организација на промо тура Охрид 2016 | Согласно програмата за развој и унапредување на туризмот и угостителството, секторот за ТЛЕР во заедничка соработка со туристичките субјекти од Охрид организирана беше ПРОМО ТУРА ОХРИД 2016. На промо турата поканети беа и присуствуваа претставници на туристички агенции од Белгија. Посетени беа културно-историските знаменитости на Охрид, природните убавини и акцент беше ставено на алтернативните форми на туризам. | Промотивната тура опфати деловен престој на претставници на туристички агенции од Белгија кои престојуваа 4 денови во Охрид, при што се запознаа со туристичкиот потенцијал на градот и околината. Целта беше да го увидат туристичкиот потенцијал на Охрид и да се дефинираат и креираат нови пакет аранжмани за Охрид со што би се зголемил бројот на гости од оваа држава. | Потрошени финансиски средства во износ од 28.559,00 ден |
| **2.3. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2016 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ и општина Охрид испратен е промотивен материјал за промоција на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Утрехт, Холандија 12-17.01.2016 Истанбул, Р. Турција 28-31.01.2016 Брисел, Белгија 04-08.02.2016 Софија, Р. Бугарија 11-13.02.2016 Белград, Р. Србија 18-21.02.2016 Берлин, Р. Германија 09-13.03.2016 Москва, Русија 23-26.03.2016 Германија, Бремен 04-06.11.2016 Романија, Букурешт 17-20.11.2016 Швајцарија, Луцерн 18-20.11.2016 Србија, Крагујевац 24-27.11.2016 Шпанија, Барселона 29.11-01.12.2016 Турција, Измир 08-11.12.2016 | Преку агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид во меѓународните туристички саеми и зголемување на интересот за Охрид на странските туристи. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Април, 2016 | Туристичка Промоција на Охрид во Виена, Австрија | Пред повеќе од 150 присутни, помеѓу кои амбасадори од неколку земји, претставници на туристички агенции, туроператори и новинари за туризам, | Присутните преку обраќањето на градоначалникот, видео спотовите и промотивниот материјал имаа можност да ги доловат природните | Потрошени финансиски средства во износ од 278.325,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | туристичкиот потенцијал на Охрид беше промовиран во Виена, Австрија. Настанот за промоција на Охрид пред најеминентните туристички работници беше во ко-организација со Амбасадата на Република Македонија во Австрија и почесниот конзул на Р. Македонија во Австрија, Сузана Родлер. | убавини на градот и големиот број на културно историски знаменитости. По завршувањето на презентацијата присутните имаа можност на коктел од традиционални јадења да ја вкусат македонската кујна и да уживаат во вкусовите на разновидните вина од винаријата „Далвина“, која даде целосна поддршка на настанот. На манифестацијата се отвори можност за неколку соработки во иднина со австриските туристички работници, за ставање на Охрид на туристичката мапа на австриските туроператори. | |
| **3.** | Мај 2016 | Туристичка Промоција на Охрид во Далијан, Кина | На покана на Туристичкото биро на Далиан, Кина, делегација на Општина Охрид престојуваше во работна посета на овој град и потпишан меморандум за соработка. Во рамки на работната посета беше реализирна промоција на туристичката понуда на Охрид, а беа остварени и деловни средби со претставници на повеќе од дваесет тур-оператори и туристички агенции, како и поголем број на медиуми, меѓу кои и Dalian Gulian International Travel, China International Travel Service Dalian Branch, China Comfort Travel, Caissa Touristic, Dalian East Intenational Travel Sevice Co. Ltd, Dalian Nine- Dragon International Travel Service Co. LTD, Liaoning Ruide International travel Agency, Dalian Aviation Int’l Travel Service Co. LTD, Dalian Holy International Travel Service Co. LTD, Dalian Holy | За време на деловните разговори акцент беше ставен на можностите, условите и стандардите коишто треба да бидат постигнати во процесот на започнување на конретна деловна соработка помеѓу туристичкичките сектори од Охрид и Република Македонија и градот Далиан. | Потрошени финансиски средства во износ од 140.320,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Conference Service, Dalian World International Travel Service. Настанот беше медиумски покриен и од националната телевизиска куќа на НР Кина - CCTV. | | |
| **3.** | Мај 2016 | Туристичка Промоција на Охрид во Ниш, Србија | Во склоп на меѓународната промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид, на 25.04.2016, во соработка со Туристичката организација на Ниш и нишката општина Медијана, беше организирана туристичка промоција на Охрид во Ниш, Р. Србија, во ресторан Пандора. | На промоцијата на која присуствуваа околу 30 гости – туроператори и медиуми, беа презентирани туристичкиот потенцијал на Охрид и можностите за соработка со туристичките работници од Охрид | Потрошени финансиски средства во износ од 46.125,00 ден |
| **4** | Ноември 2016 | Промоција на Охрид на туристичкиот саем во Солун. Грција | Промоција на туристичкиот производ на саемот за ребрендирање на туристичките дестинации во СОлун, Грција | Туристичкиот производ на Охридскиот регион, беше, презентиран на саемот за ребрендирање на туристичките дестинации кој што се одржа во Солун, Грција.<br>На саемот свое учество зедоа агенции и организации од цела Југоисточна Европа | Нема потрошени финансиски средства |
| **2.4 Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јануари 2016 | Организација на манифестација “Богојавление Водици 2016” | Општина Охрид во заедничка соработка со МПЦ ја организира манифестацијата Водици 2016 која традиционално се одржува на 19 и 20 Јануари. Беа поканети и присуствуваа видни личности и делегации од повеке странски земји, како и голем број на гости од државата и странство. | Успешна реализација на манифестацијата во делот за кој општина Охрид имаше надлежност и ингеренции.<br>Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зима. | Нема потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Мај 2016 | Организација на манифестацијата “ADVENTURE NEXT BALKANS” | Во соработка со агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ, УСАИД и Владата на Швајцарија, а со поддршка на Светската туристичка организација во Охрид се одржа конференција на тема Активен туризам. Покрај разгледот на градот и културно-историските богаства во Охрид и охридско организирани беа и специјализирани сесии, промоции и деловни средби на учесниците. | На конференцијата за активен туризам во Охрид, најголема до сега на Балканот, учествуваат 300 делегати. Меѓу нив и врвни експерти од областа на туризмот и новинари од 25 влијателни светски медиуми, како и блогери и други професионалци. Конференцијата беше поддржана од Светската туристичка организација, според која Македонија има големи компаративни предности за развој на активниот туризам. | Потрошени финансиски средства во износ од 48.000,00 ден |
| **3** | Август 2016 | Манифестација Ohrid Craft Expo 2016 | Целта на манифестацијата е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој за зачувување на традицијата и културата на нашата земја. | Манифестацијата се одржа на плоштадот Крушевска Република од 19 до 21 Август на штандови на кои занаетчиите направија промоција на широката палета на производи (сувенири, бакрорез, книговез, накит) создадени од вештите раце на занаетчиите со што се овозможи воспоставување на поинтензивна соработка во делот на зголемување на мерките за поддршка на занаетчиството кое нуди перспектива за вработување на младите поддржани преку проекти за почнување мали бизниси. | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Август 2016 | Денови на медот | Во коорганизација со Пчеларското здружение “Охрид” од Охрид, од 5 до 8 август на плоштадот “Крушевска Република” – кај Чинарот, се одржа манифестацијата “Денови на Медот”. | Преку изложените производи на штандовите, посетителите имаа уникатна можност повеќе да се запознаат со медот и неговите производи, а воедно имаа и можност да вкусат дел од разноврсните производи како дел од туристичкиот производ на овој регион | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Август 2016 | Фестивал на Вино и Сирење 2016 | Секторт за ТЛЕР традиционално ја организира манифестацијата “ВИНО И СИРЕЊЕ” преку која се изврши промоција на руралните производи – разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија.<br>Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва. | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина, како неизоставен дел на туристичката понуда. | Потрошени финансиски средства во износ од 28.500,00 ден |
| **6** | Јули-Септември 2016 | Избор на сувенир на град Охрид | Објавен јавен повик за избор на сувенир на град Охрид. Создавање на уникатна слика за понудата и урбаниот имиџ кој ќе соодвејствува побарувачката и ќе ги мотивира и потсети туристите повторно да се вратат на рекреацијата и задоволството, а потенцијалните гости да добијат претстава за одредено место | Добиени 5 предлог решенија за сувенир на град Охрид. Од страна на комисијата не беше избрана прва награда за сувенир на градот. | Не се потрошени финансиски средства |
| **7** | Септември 2016 | Организирана манифестација Охридска Софра, со цел промоција на традиционална храна и пијлаци, како и други форми на традиционални и културни вредности од Охридскиот крај. | Секторот за ТЛЕР ја организира манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА. Во склоп на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина, традиционалната македонска храна и пијлоци, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од учениците од средното угостителско училиште Ванчо Питошески. Манифестацијата беше збогатена со настап на групата “НИЗАЛКА”. | Промовирани Охридски тадиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 12 учесници од кои тричлената комисија ги избра најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден. Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | Потрошени финансиски средства во износ од 86.000,00 ден. |
| **8** | Јули-Септември 2016 | Организација на манифестацијата Ohrid Calling 2016 | За прв пат во заедничка соработка со АВАЛОН продукција се со цел збогатување на туристичката понуда на Охрид беше организирана манифестацијата Ohrid Calling. Оваа | Реализиран прв фестивал од овој тип под брендот CALLING. Збогатување на туристичката понуда на Охрид. Привлекување на голем број на домашни и странски | Не се потрошени финансиски средства за активностите реализирани преку секторот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | манифестација опфаќаше учество на два музички спектакли односно групата ПРОДИЦИ и Ал Ди МЕОЛА. | туристи. Овој фестивал ќе се одржува и во наредните годите. | |
| **9** | Август 2016 | ЛЕТЕН ЏЕЗ КАРАВАН | Министерството за култура во соработка со општините, оваа година по 9 пат ја организира манифестацијата „Топол културен бран“. Како резултат на заложбите на општина Охрид за поголемо учество во културните настани и афирмација на Охрид како културен туристички центар во рамки на Манифестацијата, Секторот ТЛЕР при општина Охрид аплицираше и го реализираше проектот „Летен џез караван“ | Ваквите активности ја збогатија културната понуда на градот во летниот период, а истовремено придонесоа за надградба и културен континуитет со секојдневни настани и промоции на туристичката понуда на градот. | Потрошени финансиски средства во износ од 100.000,00 ден |
| **2.5 Организација на “БЕЛО ЛЕТО 2016“** | | | | | |
| **1** | Јули 2016 | Организација и реализација на манифестацијата Бело Лето 2016 | Манифестацијата се одржа на 01 Јули. Во предворјето на врквата Св Софија беше организиран концерт на Владимир Четкар Секстет. На градскиот плоштад настапија на ДЈ-и, а свој перформанс имаше и перкусионистичка група KARANOS од Воден Р. Грција со кои официјално е отворена туристичката сезона во Охрид.<br>Манифестацијата „Бела Ноќ“ вклучуваше работа на угостителските објекти, без ограничување, цела ноќ. | Оваа манифестација го означува почетокот на летната туристичка сезона во град Охрид. Присутни беа голем број на туристи и посетители од Македонија и странство. | Потрошени финансиски средства во износ од 276.000,00 ден |
| **2.6 Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари - Декември 2016 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е изработка на нов и репринт на постоечкиот промотивен материјал, како и изработка на нов | Испечатени промотивни материјали за Охрид (Туристички водич, фотоброшура, фотоброшура за алтернативен и активен туризам, промотивни флаери, мапи, разгледници). Обајвен тендер за изработка на промотивни спотови | Извршена исплата во износ од 779.002,00 ден. Исплатата на средства за видео спотовите ќе се реализира во 2017. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | промотивен видео материјал за Охрид | (5 кратки по 30 секунди) и 1 од 3 минути. Одбран е економски оператор и спотовите се изработени со висок квалитет. | |

# 3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1 Туристички информативни центри** | | | | | |
| **1** | Јули-Декември 2016 | Поставување на туристички информативен центар | Во рамки на проектот WATERNET беше предвидена изработка и поставување на модерен туристички информативен центар во строгиот центар на Охрид | Активноста е целосно реализирана. Во центарот на градот поставен е туристичкиот центар со цел давање на информации на туристите и посредување при сместување на гости. Во 2017 ќе биде завршено уредувањето на внатрешноста. Завршени се инфраструктурните работи. | Нема потрошени финансиски средства од оваа програма. Средствата се реализирани преку проектот WATERNET во програмата за ЛЕР |
| **3.2 Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| **1** | Јули-Септември 2016 | Поставување на мапа на град Охрид | Во рамки на проектот со Долна Нормандија поставени се две градски мапи со потребните информации и локалитети. | На локациите кај стариот чинар и античкиот театар се поставија две илуминирани градски мапи потребните информации и локации како и опис на туристичките локалитети и историски споменици. | Нема потрошени финансиски средства од оваа програма. Средствата се реализирани преку проектот со Долна Нормандија во програмата за ЛЕР |
| **2** | Ноември – Декември 2016 | Поставување на билборди со стари фотографии од градот Охрид | Поставување на билборди со стари фотографии од локалитетите каде што се поставени | На две локации односно кај чинарот и црквата Св. Софија се поставија билборди со стари фотографии од соодветните локации. Поставувањето имаше за цел да го прикаже Охрид во минатото како на туристите така и на домашното население. | Нема потрошени финансиски средства од оваа програма. Средствата се реализирани преку проектот WATERNET во програмата за ЛЕР |
| **3.3 Поставувањње на јавни тоалети** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јули-Декември 2016 | Поставување на два јавни тоалети во Охрид | Во рамки на програмата за 2016 на ЈЗПР за Општина Охрид се предвидени набавка и поставување на два јавни тоалети. | Подготвена е техничката спецификација од страна на ЈЗПР. Распишан е тендер за поставување на јавните тоалети. Избрани се набавувачите и во тек е изработката на истите. Поставувањето ќе биде во 2017 | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Јануари - Декември 2016 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско - туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Јануари - Декември 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| **3** | Јануари - Декември 2016 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.5. Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Јавен повик за Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид | Целокупната постапка започна со подготвување на јавниот повик за поднесување на проектни апликации, избор на Комисија за евалуација на поднесени апликации, како и критериуми врз основа на кои се врши избор. Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | Подготвена е комплетната документација за јавниот повик кој е објавен на 07.04.2016 година. Од страна на назначена Од страна на назначена Комисија за евалуација спроведена е евалуација за административна и техничка соодветност на вкупно 12 пристигнати апликации. Избрани се 6 проекти за кофинансирање од кои 4 се имплементирани а 3 се исплатени во согласност со договорните услови. Од нив од оваа | Исплатен е износ од 81.500 МКД. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | програма реализиран е проектот: 1.Исплатен и реализиран проект “планинските валавици на црнечка река„ – реализиран од здружение на граѓани ОРТЕТ с. Куратица | |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Март - Декември 2016 година | Проект LAKtive Tourism, одобрен од програмата COSME на Европската Комисија. | Проект LAKtive Tourism е аплициран во партнерство на конзорциумот од организации од 5 европски држави (Италија, Словенија, Шпанија, Ирска и Македонија) од Мрежата на градови со Езера. Проектот предвидува активности со цел зголемување на бројот на повозрасни туристи во ниска сезона во градовите учесници во проектот. Проектот ќе трае 15 месеци а официјалниот стар е во Март 2016. | Потпишан е Грант Договор со Европската Комисија од страна на Главниот Координатор на Проектот Општина Исео; Потпишан е Грант Договорот од Општина Охрид, започната е Имплементацијата на Европскиот партнерски проект. Во овој период одржан е еден состанок во Исео, Италија за отпочнување на проектните активности, изработени се тендерски досиеа за извршување на набавките предвидени согласно проектниот буџет. | Износот на реализирани средства изнесува 49,200.00 ден заклучно со 31.12.2016 |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2016 до 31.12.2016** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец септември)**

| | ВКУПНО | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| 1 | **Јануари** | 211804 | 107808 | 319612 |
| 2 | **Февруари** | 195216 | 63200 | 258416 |
| 3 | **Март** | 200824 | 77808 | 278632 |
| 4 | **Април** | 158016 | 41776 | 199792 |
| 5 | **Мај** | 785896 | 47136 | 833032 |
| 6 | **Јуни** | 2122736 | 90816 | 2213552 |
| 7 | **Јули** | 1850190 | 384560 | 2234750 |
| 8 | **Август** | 2463856 | 565216 | 3029072 |
| 9 | **Септември** | 2721816 | 548112 | 3269928 |
| 10 | **Октомври** | 1728744 | 273952 | 2002696 |
| 11 | **Ноември** | 1269760 | 162488 | 1432248 |
| 12 | **Декември** | 303232 | 91904 | 395136 |
| | **ВКУПНО** | 14012090 | 2454776 | 16466866 |

**Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 16.466.866,00 денари.**

**Споредба Јануари - Декември**

| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **Вкупно Ноќевања** | | **Однос %** |
| | | **2015** | **2016** | **2016/15** | **2015** | **2016** | **2016/15** | **2015** | **2016** | **2016/15** |
| 1 | јануари | 1780 | 2575 | 144.7 | 3671 | 5139 | 140.0 | 5451 | 7714 | 141.5 |
| 2 | февруари | 2377 | 2875 | 121.0 | 3195 | 3589 | 112.3 | 5572 | 6464 | 116.0 |
| 3 | март | 3030 | 3009 | 99.3 | 6529 | 7027 | 107.6 | 9559 | 10036 | 105.0 |
| 4 | април | 5588 | 7763 | 138.9 | 14915 | 16158 | 108.3 | 20503 | 23921 | 116.7 |
| 5 | мај | 13448 | 17410 | 129.5 | 40315 | 36940 | 91.6 | 53763 | 54350 | 101.1 |
| 6 | јуни | 17996 | 19641 | 109.1 | 47349 | 43373 | 91.6 | 65345 | 63014 | 96.4 |
| 7 | јули | 29843 | 37518 | 125.7 | 59157 | 58666 | 99.2 | 89000 | 96184 | 108.1 |
| 8 | август | 40219 | 34126 | 84.9 | 72036 | 56905 | 79.0 | 112255 | 91031 | 81.1 |
| 9 | септември | 10043 | 17226 | 171.5 | 47423 | 44842 | 94.6 | 57466 | 62068 | 108.0 |
| 10 | октомври | 9802 | 11441 | 116.7 | 16968 | 22978 | 135.4 | 26770 | 34419 | 128.6 |
| 11 | ноември | 4392 | 4324 | 98.5 | 3762 | 5742 | 152.6 | 8154 | 10066 | 123.4 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | декември | 5278 | 2709 | 51.3 | 5670 | 7348 | 129.6 | 10948 | 10057 | 91.9 |
| | **ВКУПНО** | 143796 | 160617 | 111.7 | 320990 | 308707 | 96.2 | 464786 | 469324 | 101.0 |

**За споредба, во 2015 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 15.594.336,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2016 година е зголемена за 6 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот периот во 2015 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2016 год. во однос на 2015 год.)**

**Согласно податоците од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2016 година во однос на 2015 година, е зголемен за 1 % и тоа : кај домашните ноќевања има зголемување за 11,7 % , а кај странските има намалување за 3,8 %.**

**Број 08-3415/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 – 31.12.2016 година**

**Годишен извештај за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој за период 01.01.2016 – 31.12.2016 година.**

Во текот на изминатата 2016 година одделението за ЛЕР ги вршеше задачите кои произлегуваат од Програмата за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2016 година.
Општина Охрид оваа Програма ја реализира преку Секторот за ТЛЕР и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, од стратегијата за одржлив локален економски развој.

Активностите за реализација на Годишната Програма за 2016 се реализираат во следните Подпрограми или области на делување:

1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата.
2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.
3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси.
4. Подготовка на проекти и проектно управување.
5. Други оперативни расходи и договорни услуги.

**Посебен акцент во 2016 година во работењето на одделението за локален економски развој беше даден на следните активности:**

- Јавен повик за финансирање на микро проекти од страна на урбани и месни заедници, како и од невладини организации.
- Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција.
- Имплементација на проектот финансиран од UNDP во рамките на програмата за Општинско корисна работа
- Имплементација на проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција.

- Имплементација на проект „LAKtive Tourism” во соработка со конзоциум на градови со езера.
- Имплементација на проект SUPPORT CROSS BORDER UNTERPRENEURSHIP / TRANSNATIONAL BUSINESS CONSULTANT SCBE / TBC во соработка со НВО Центар за климатски промени и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција
- Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на Општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk
- Реализација на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување.
- Изготвување и аплицирање на 4 проектни предлози на тековните повици за прибирање на проектни апликации во рамки на програмите Balkan MED и IPA-INTEREG CBC Greece-Macedonia
- Изготвување на проектен предлог за аплицирање на тековен повик од страна на УНЕСКО финансиран од Фондовите за Светско наследство односно од буџетот за Меѓународна помош во 2017 год.
- Имплементација на Проект „Опремување на кабинет по биологија” ОУ Григор Прличев, финансиран од Амбасада на СР Германија во Република Македонија.
- Имплементација на Проект: Зелена недела на ЕУ, “Инвестирање за позелена иднина “

---

Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1

**АНЕКС 1**

**1. Реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој за период 01.01.2016 – 31.12.2016 год.**

**1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на Заедницата.**

1.1. Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на општина Охрид

1.2. Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година

**2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија.**

2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд

2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид

2.4. Меѓународни партнерства

2.5. Денови на дијаспората

2.6. Одржување на редовни состаноци на Општински економски совет- “ Совет на градски татковци “

**3. Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси**

3.1.Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија.

3.2.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој
3.3.Советувања и обука на производителите за производство на органска храна
3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците

**4. Подготовка на проекти и проектно управување**
4.1.Подготовка на проекти и проектно управување
4.2.Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти
4.3.Средства од аплицирани и одобрени проекти

**5. Други оперативни расходи и договорни услуги.**
5.1. Договорни обврски
5.2. Други оперативни расходи

## 1. Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид** | | | | | |
| 1. | Јануари-Декември 2016 година | Јавен повик за Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно Стратегијата за одржлив развој и Стратегијата за Рурален развој на Општина Охрид | Целокупната постапка започна со подготвување на јавниот повик за поднесување на проектни апликации, избор на Комисија за евалуација на поднесени апликации, како и критериуми врз основа на кои се врши избор. Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој. | Подготвена е комплетната документација за јавниот повик кој е објавен на 07.04.2016 година. Од страна на назначена Од страна на назначена Комисија за евалуација спроведена е евалуација за административна и техничка соодветност на вкупно 12 пристигнати апликации. Избрани се 6 проекти за кофинансирање од кои 4 се имплементирани а 3 се исплатени во согласност со договорните услови. Од нив од оваа програма реализирани се проектите:<br>1.Исплатен и реализиран проект “Изградба на потпорен ѕид – гробишта црква Св. Спас - с. Лескоец, кон имплементаторите Здружение на туристички водичи и придружници КЕЈ – Охрид и локалната месна заедница- исплатен износ 119.994,00 ден.<br>2.Исплатен и реализиран проект “Реконструкција на селски дом – Куратица кон имплементаторот Здружение за развој ИДНИНА – Куратица - исплатен износ 117.100,00 ден. | Исплатен е износ од 237.094 МКД за имплементираните микро проекти во 2016. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **1.2 Имплементација на активности од Стратегија за рурален развој 2014-2018 година** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Одобрен и имплементиран проект од страна на Бирото за регионален развој во програмата за развој на селата. | Одобрениот проект е за неопходна санација на дренажниот систем и тоалетите во ОУ Кочо Рацин во село Долно Лакочереј. Главните активости на овој проект се поставување на соодветен дренажен систем, целосно реконструирање на тоалетите и поставување на врати во училници и кабинети во ОУ „Кочо Рацин“ во село Долно Лакочереј. | Крајните корисници учениците во ОУ Кочо Рацин во с. Долно Лакочереј како резултат на овој прокет добиваат нов дренажен систем во основнот училиште, нови тоалети и врати во учлниците и кабинетите.<br>Избрани се економски оператори за поставување на соодветен дренажен систем, целосно реконструирање на тоалетите и поставување на врати во училници и кабинети<br>Проектот е во целост имплементиран.<br><br>Вкупниот буџет изнесува 596.954,00 ден. / 9.725 еур.<br>Барани средства од БРР - 298.477,00 ден<br>Сопствено учество – 298.477,00 ден | Грантовите средства се префрлени на буџетска сметка во износ од 298.477,00 ден.<br>Исплатата ќе биде во 2017 г. |

## 2. Зајакнување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатијата

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки како модел за поддршка на развојот на МСП и претприемништвото** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Согласно годишната програма на Секторот за ТЛЕР за 2016 година предвидено е да се реализираат периодични истражувања и анализи за економските движења, како и анализи на приоритетните стопански гранки. Реализацијата на оваа програмска активност се одвива во заедничка соработка со бизнис заедницата од Охрид, Стопанските Комори и други институции од економскиот сектор. | Општина Охрид на редовна основа врши ажурирање на база на податоци за мали и средни претпријатија на територијата на општина Охрид по дејности како и усогласување на политиките за развој на претприемништвото на територијата на Општина Охрид | Податоците се ажурираат еднаш месечно со нови податоци за мали и средни претпријатија на територијата на општина Охрид, по дејности и број на вработени. Ажурирани се 150 стопански субјекти. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.2. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Активности и задачи за олеснување на пристапот кон вработувањето за граѓаните на општина Охрид преку одржување на веб портал на страницата на општина Охрид www.ohrid.gov.mk. | Преку посебен линк на веб порталот на општина Охрид, се поставуваат сите тековни огласи за вработување на територијата на општина Охрид, со што се овозможува полесен пристап на сите заинтересирани невработени лица до информации за слободни места за вработување. | Податоците се ажурираат еднаш неделно со нови огласи кои се тековно активни | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Јануари-Октомври 2016 година | Согласно годишната програма на Секторот за ТЛЕР за 2016 година предвидено е реализација на серија стручни обуки за невработени лица, како и обуки за преквалификација и доквалификација во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. | Конкурсот за пријавување на кандидати за бесплатни курсеви за основни познавања од електро струка и основни познавања од машинска струка за невработени лица од Општина Охрид беше објавен на 18 Мај 2016. Од пријавените кандидати избрани беа 10 лица за основни познавања од машинска струка и 10 лица за основни познавања од електро струка. | По објавениот конкурс извршен беше избор на корисници на бесплатни курсеви за основни познавања од електро струка. Обуките за основни познавања од машинска струка за 10 лица и основни познавања од електро струка за 10 лица се завршени и спроведени од Општинската јавна установа Кузман Шапкарев. | Исплатени се 120.000 ден. за спроведените обуки. |
| **2.3. Промоција на можностите за инвестирање во општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2016 | Општина Охрид беше учесник во проект кој беше имплементиран од страна на Биро за Регионален развој за југозападен плански регион за промоција на капацитети во Охрид, Дебар, Струга и Кичево. | Општина Охрид преку Секторот за ТЛЕР, подготви и достави информации во база на податоци кои беа отсликани во ВЕБ ГИС платформа за локации во Охридскиот регион кои се во државна и општинска сопственост како и дел од пријавени локации во приватна сопственост со координати и приказ на слики како и мапирана состојба. Пристап до ВЕБ ГИС платформата има на ВЕБ страницата на Бирото за развој на југозападен плански регион. | Во текот на 2016 година беа ажурирани податоци за локациите кои беа веќе внесени, како и промени за истите како редовна процедура за учество во промоцијата на локациите кои се поволни за инвестиции во Охридскиот регион. | Не се потрошени финансиски средства при имплементација на оваа активност. |
| **2.4. Меѓународни партнерства** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Работна средба на Градоначалникот на Општина Охрид со Амбасадорот на РМ во Јапонија, Министерот во Владата на РМ за привлекување на странски инвестиции и Јапонска Бизнис Делегација | Организација на работната средба на Градоначалникот на Општина Охрид со Јапонска Бизнис Делегација и претставници на Музејот на Езерото Бива. Со оваа иницијатива се создаваат услови за пристап до заеднички научно-истажувачки проекти и потенцијални инвестиции од Јапонија. | Наскоро се очекува потпишување на Меморандум за соработка помеѓу Музејот на Езерото Бива и Хидробиолошкиот Институт од Охрид и остварување на заедничка научно-истражувачка работа, како и промоција на Охрид и Охридското Езеро во Јапонија. | Не се потрошени финасиски средства |
| **2.** | Април 2016 година | Подготовка и реализација на работна средба на Градоначалникот на Општина Охрид со Амбасадорот Прицони од Италија | Дводневна посета на високиот претставник на Мрежата на европски езера, Амбасадорот Проџони од Италија. Организација на неговиот престој, разглед на Охрид и околината, работна средба со Градоначалникот на Општина Охрид и др. | Промоција на Охрид, Охридското Езеро и натамошна афирмација на Охрид и поширокиот регион. Насоки за продлабочување на соработката помеѓу Општина Охрид и мрежата на европски езера. | Не се потрошени финасиски средства |
| **3.** | Октомври 2016 година | Работна средба со претставници на германска бизнис делегација | Посета и состанок со претставници на Германскиот економски совет | Германската бизнис делегација оствари скрининг посета на Охрид, за идни потенцијални вложувања во туризмот, прехранбента и земјоделска индустрија и ИТ секторот. | Не се потрошени финасиски средства |
| **4.** | Февруари 2016 година | Работна посета на Визмар, Германија | Работна посета и средби со претставници на градот Визмар, Германија | Разгледани беа можностите за туристичка соработка помеѓу градовите Охрид, Струга и Поградец преку реализација на проекти кои ќе овозможат збогатување на туристичката понуда на градовите околу Охридското Езеро секако со силна поддршка на германската влада. Остварена средба и со претставници од светски позната компанија која се | Искористени 20.000,00 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | занимава со изградба, одржување и издавање на туристички населби при што пред нив беа презентирани можностите за нивно инвестирање во Охрид | |
| **5.** | Април 2016 година | Состанок со делегација од Далијан, Кина | Работна средба со директорот на Агенцијата за интернационални вложувања од Далијан, Народна Република Кина | На средбата директорот на Агенцијата за интернационални вложувања од Далијан изрази силен интерес за вложување во Охрид, во областа на туризмот и прехранбената индустрија. Презентирани беа и актуелните планови на Општина Охрид во однос на урбанистичките решенија за одредени крајбрежни зони и визијата за нивно уредување и можноста за инвестиции. | Не се потрошени финасиски средства |

## 3.Одржлив локален развој и рационална употреба на ресурси

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.4.Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Редовна процедура на вршење на попис за експропријација на земјиште и трајни насади и посеви во корист на општината. | Поднесени 83 барања | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2.** | Јануари-Декември 2016 година | Легализација на времени земјоделски објекти. | Редовна процедура на легализирање на земјоделски објекти. | Поднесени 250 барања, решени 13, одбиени 1 барање, 3 повлечени | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **3.** | Јануари-Декември 2016 година | Проценки на штети од елементарни непогоди на објекти, насади и посеви како и изготвување на информации од областа на земјоделството. | Процес за проценка и обесштетување од елементарни непогоди. | Изготвени се 12 елаборати, доставени до Влада, од кои 6 се исплатени во вкупна вредност од 8.710.889,00 денари, 3 елаборати се одбиени а 2 се во процедура<br>Поднесени се 30 барања, и за истите се изготвени записници, и исплатени се средства во висина од 4.820.589,00 денари | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. Извршена исплата во износ од 13.531.478,00 денари од страна на Влада на Р.М. |
| **4.** | Јануари-Декември 2016 година | Изготвување на извештаи од областа на земјоделството | Изготвување на информации за состојбата на земјоделско државно земјиште | Изготвени се 4 извештаи за искористеност на површините со кои општиан Охрид располага како земјоделско земјиште а се во сопственост на Р.М. Изготвени се 15 информации и одржани се 20 обуки | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |
| **5.** | Јануари- | Издавање на ИПАРД 1 и 2 | развој на локалната | Издадени се 150 потврди за | Не се потрошени буџетски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Декември 2016 година | потврди согласно Стратегијата за одржлив економски развој на општина Охрид. | економија, вработувањето и рационалното искористување на природните и демографските ресурси и стратешки цели за поддршка на развојот на индивидуалните земјоделци | набавка на земјоделска механизација и опрема | Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението |

## 4. Подготовка на проекти и проектно управување

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септември 2016 година | Проект за „Реконструкција на централната градинка Јасна Ристеска во енергетски ефикасен објект“ | Во програмата на ЈЗПР за 2016 година е предвиден проект за Реконструкција на централната градинка Јасна Ристеска во енергетски ефикасен објект | Избран е економски оператор за реализација на градежните работи и активностите се спроведени.<br>Проектот е имплементиран. | Имплементираниот буџет на проектот е 50.000 еур. Средствата се реализирани во 2016 година. |
| **4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2016 година | Проект WATER.NET во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид и во пратнерство со Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со Факултетот за туризам и угостителство од Охрид и има за цел изведба на пешачка патека од 200 метри во рамки на постоечката патека која започнува после мостот од „Билјанини Извори“, | Проектот е имплементиран, сите тендерски постапки за реализација на проектните активности согласно ПРАГ регулатива (освен јавната набавка за патеката) се завршени и се испорачани услугите за истите односно промотивен сет на материјали, промотивни штандови, водич, инфо центар, мапи и брошури и | Реализација на средства заклучно со 31.12.2016 изнесува 6,620,713 МКД или 107,654 ЕУР. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изградба на модерен туристичко информативен центар и други промотивни активности, а во делот на ФТУ Охрид е планирана изведба на ботаничка градина во рамки на факултетот и мобилна кујна. | економски оператор за надзор на градба.<br>Тендерската постапка и изградба на пешачка патека во должина од 200 м е завршена и избрани се економски оператори за 3 дела – 1.Архитектура, 2. Водовод и Канализација и 3. Електрика<br>Вкупниот износ на одобрени средства за реализација на овој проект е 210.000 Евра. Согласно потпишан Адендум 1 вкупниот износ на финансиски средства за реализација на овој проект е зголемен на 226.904,08 Евра со вклучена финансиска контрибуција на општината во износ од 16,904.08 Евра за реализација на активноста поврзана со изградба на Пешачка патека во должина од 200 м.<br>Проектот е целосно имплементиран . | |
| **2.** | Јануари-Декември 2016 година | Проект SCBE/TBC Support cross border entrepreneurship / transnational business – consultant во соработка со НВО Центар за климатски промени од Охрид и во партнерство со Hellenik Menagement Association, Greek Association of IT и | Носител на проектот од Македонска страна е општина Охрид во партнерство со НВО Центар за климатски проемени од Скопје и има за цел имплементација на активност за зајакнување на претприемништвото во | На 07/06/2016 потпишан е грант договор за проектот со ДЕУ, Скопје во износ од 184,958.00 Евра од кои износот за општина изнесува 74,500.00 евра а 110.458,00 евра се за партнер 4- НВО Центар за климатски промени –Охрид.. Од страна на ДЕУ, Скопје се | Износот на потрошени средста заклучно со 31.12.2016 изнесува 120.540 МКД или 1,960 ЕУР. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Technopolis International Institute for Education од Р. Грција добиен од програмата на ИПА за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. | охридскио регион и формирање на нови бизниси преку подготовка на СВОТ и ПЕСТ анализи за бизнис клима на Југозападен регион, одржување на обуки за претприемништво за невработени лица на обуки за претприемашство на вработени лица во Југозападен регион. | префрлени грант финансиски средства во износ од 125.771,44 Евра. Одржани се два состаноци за кооординација за започнување на проектните активности во Солун Р. Грција и објавен е повик за ангажман на проектен персонал каде се ангажирани две лица задолжени за имплементација на проектот. Тендерските процедури за реализација на проектните активности се во процес на изработка. | |
| **3.** | Јануари-Октомври 2016 година | Имплементација на проект за Изработка на план за интегрирана заштита на старо градско јадро во партнерство со Долна Нормандија, Франција. | Носител на проектот е општина Охрид во соработка и партнерство со општина Каен, Долна Нормандија и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид. Со изработка на планот за интегрирана заштита на Старото градско јадро се овозможи мапирање и утврдување на валоризирани и ревалоризирани објекти на недвижно културно наследство, мапирање и утврдување на состојбата на одделни делови или градби во состав на споменична целина, развој | Проектот е имплементиран. Изработена е Студија за интегрирана заштита на Старото градско јадро (предлог план) и Маркетинг стратегија за достигнување одржливост на старо градско јадро на Охрид. Извршена е набавка на промотивен материјал и организиран е завршен настан на кој беа промовирани резултатите од проектот. Поднесен е финансиски и наративен извештај за реализација на проектот и истиот е одобрен од донаторот | Исплатени се 289.279,00 денари. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на локални планови за планирање на урбаниот развој, промовирање на потенцијалот за развој на културниот туризам, како и зголемување на значењето на јавната свест за културното наследство на Охрид. | | |
| **4.** | Јануари-Септември 2016 година | Проект “Опремување на кабинет по биологија” финансиран од Амбасадата на СР Германија во Република Македонија | Проектот предвидува комплетно опремување на кабинет по биологија во рамки на ОУ „Григор Прличев“. Опремата е финансирана од страна на Амбасадата на СР Германија во Република Македонија, додека реконструкцијата на кабинетот е финансирана од страна на општина Охрид. | Проектот е успешно имплементиран.Склучен е договор бр.09-461571 од 24.03.2016 год. помеѓу Германска Амбасада во Скопје, општина Охрид и ОУ Григор Прличев Охрид. Активностите се реализирани во месеците април и мај.<br>Вкупна вредност на проектоте 396.160,00 денари или 6.457,00 евра.<br>Општина Охрид партиципира во делот на санација на училницата со средства во износ од 70.000 денари, опремувањето на кабинетот со LCD Projector беше финансирано одстрана на ОУ „Григор Прличев“ во вкупна вредност од 32.000,00 денари Кабинетот по биологија се опреми со средства од Амбасадата на СР Германија во Р. Македонија кои согласно договорот изнесуваат | Потрошени финансиски средства. 404,662.00 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 294.160,00 денари или 4.794,00 евра. Проектот е финализиран и исплатен. | |
| **5.** | Септемви - Декември 2016 година | Тековни активности за реализација на предлог проектот финансиран од страна на UNDP во рамките на програмата Општинско корисна работа | Овој пркт дава можност за ангажирање на невработени лица кои се пријвени во Центарот за вработување Охрид на превремена работа. Проектот им дава можност на овие невработени лица преку привремената работа да се стекнат со искуство и практична работа односно се стекнуваат со работни вештини со кои понатака во процесот на вработување ќе имаат олеснување или предност пред други кандидати. | Како резултат на овој проект преку јавен повик, ангажирани на привремена работа во сите подрачни градинки на ЈОУДГ Јасна Ристеска се:<br>1 Психолог во детска градинка,<br>1 Дипломиран дефектолог,<br>1 Дипломиран педагог по физичко воспитување,<br>2 Дипломирани професори по англиски јазик и книжевност | Вкупната сума на проектот изнесува 204.600 ден<br>Сопствено учество 18.600 ден.<br>Побарување од UNDP 186.600 ден.<br>108,500 ден. се реализирани заклучно со 31.12.2016 |
| **6.** | Април-Јуни 2016 година | Проект: Зелена недела на ЕУ, "Инвестирање за позелена иднина" | На 16-ти Јуни во просториите на ЈУДГ "Јасна Ристеска" беше поставена изложба на 30 фотографии со димензии 50х70 см на пластифицирана позадина forex. Фотографиите беа со еколошки мотиви од Охрид и охридскиот регион. А исто така беа испечатени и брошури со цел подобро запознавање на посетителите со еколошките вредности на | Изложбата беше организира во соработка со Фото Клуб Охрид. Целта и на овој настан беше зајакнување на јавната свест за потребите од зачувување на еколошките вредности на Охрид и охридскиот регион (вклучително и Националниот Парк Галичица и Охридското Езеро), валоризација на биодиверзитетот и природните вредности и реткости како и едукација на најмалите за потребата од зачувување на животната средина. | Потрошени се финансиски средства во висина од 53.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Охридскиот регион и потребата од неговото идно сочувување и запознавање на најмалите со значењето од зачувувањето на животната околина и стварање на навики за висока еколошка свест. | | |
| **7.** | Април-Јуни 2016 година | Прв повик за проектни предлози на Програмата за транснационална соработка Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во Приоритетна оска 2: Животна средина, Специфична цел: 2.2 Одржливи територии: подобрување на меѓународната соработка за ефикасноста на ресурсите и климатските промени. | Подготовка на Предлог Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувчки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атена од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастро од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство. | Предлог Проектот е подготвен и навремено аплициран. | Не се потрошени финасиски средства. Вкупен буџет на проектот е 1.111.000,00 Евра од кои за Охрид се предвидени 169.000,00 евра буџет за реализација на проектни активности. |
| **8.** | Април-Јуни 2016 година | Прв повик за проектни предлози од Програмата за транснационална соработка | Подготовка на Предлог Проект ”Виа Игнација крстопат. Прикторија | Предлог Проектот е подготвен и навремено аплициран | Не се потрошени финасиски средства. Вкупен буџет на проектот е 1.000.000,00 Евра, од кои за општина Охрид буџетот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во Приоритетна оска 1: Претриемаштво и иновации, Специфична цел: 1.3 Територии на знаеење | историска мрежа на златни спортски медали“ акроним на проектот ”Прикторија“, во партнерство со општина Едеса (водечки партнер и партнер 1), Демокрит универзитетот во Тракија (партнер 2), грчко-италијанската комора на Солун (партнер 3), универзитетот во Битола (партнер 4), општина Охрид (партнер 5), универзитетот во Корча (партнер 6). | | изнесува 100.000,00 Евра. |
| **9.** | Април-Јуни 2016 година | Прв повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска 2: Заштита на животната средина, транспорт, Тематски приоритет Б: Заштита на животната средина и промовирање на климатските промени адаптација и ублажување на ризикот, превенција и управување со ризик, Специфична цел 2.3. Одржливо управување со заштитените подрачја, екосистемите и | Подготовка на Предлог Проект„Водени еко тематски менаџмент активности" акроним на проектот „ВОТЕРЕНЕРЏИ” кој е аплициран во партнерство со Општина Едеса - Водечки партнер, општинско претпријатие за водовод од Едеса - Партнер 2, Александар-технолошки институт од Солун - Партнер 3, општина Охрид - Партнер 4 и универзитетот во Битола / ФТУ Охрид – Партнер 5. | Предлог Проектот е подготвен и навремено аплициран | Не се потрошени финасиски средства Вкупен буџет на проектот е 1.500.000,00 Евра, за општина Охрид буџетот изнесува 230.000,00 Евра.. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | биодиверзитетот. | | | |
| **10.** | Април-Јуни 2016 година | Прв повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република Македонија 2014-2020, во Приоритетна оска: Промовирање на социјална и културна инклузија преку границите Специфична цел: Подобрување на здравствената заштита и социјалните услуги на децата и старите лица. | Подготовка на Предлог Проект „Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција” акроним на проектот „крос4ол” кој е аплициран во партнерство со водечки партнер - Лабораторија на медицинска информатика на универзитетот Аристотел во Солун и партнери: општина Неаполис, грчка национална конфедерација на лица со попреченост, факултет за информатички и комуникациски технологии „Св.Климент Охридски“ - Битола, општина Охрид и болница „Св.Стефан“- Охрид. | Предлог Проектот е подготвен и навремено аплициран | Не се потрошени финасиски средства. Вкупен буџет на проектот е 1.378.500,00, Евра за општина Охрид буџетот изнесува 180.000,00 Евра. |
| **11.** | Ноември-Декември 2016 година | Прв повик за проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Албанија – Република Македонија 2014-2015, во Приоритетна оска 2: Заштита на животната средина, транспорт, Тематски | Подготовка на Предлог Проект „Подобрен безбеден туризам и план за управување со интервенции за Охридско Езеро“. Проектот вклучува институции кои се директно инволвирани во управувањето со кризи во рамки на Охридскиот регион, Општински нивоа | Предлог Проектот е подготвен и навремено аплициран | Буџетот на проектот изнесува 396,000,00 ЕУР |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | приоритет Б: Заштита на животната средина и промовирање на климатските промени адаптација и ублажување на ризикот, превенција и управување со ризик, Специфична цел 2.3. Одржливо управување со заштитените подрачја, екосистемите и биодиверзитетот. | на власт јавни претпријатија, центри за управување со кризи, против пожарна станица како и езерска полиција итн. Очекувани резултати на проектот се воспоставување на прекугранична стратегија за управување со безбеден туризам и интервенции. Мапирање на потребите во смисла на безбедност и анализа на моментаниот степен на ризик. Набавка на бродови и потребна опрема за реализација на специфични интервенции со цел да се подобри безбедноста во регионот за туристи и жители во Охридскиот регион. Развивање на можности за тренинг на адекватен персонал и креирање на можности за нови вработувања како и засилување на стратешката соработка помеѓу партнерите | | |
| **12.** | Јули-Декември 2016 година | Подготовка на проектна апликација за тековен повик објавен од страна на УНЕСКО финансиран преку фондовите за | Проектниот предлог е подготвен во рамките на програмата за Промоција и едукација за реализацијата на Конвенцијата за светско | Со овој пркт како резултат треба да се добие готов промотивен матријал за сите локалитети под заштита на УНЕСКО. Промотивниот | Не се потрошени финасиски средства . Предвиден буџет 10.000 ЕУР. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | имплементација на Конвенцијата за светско наследство односно од буџетот за Меѓународна помош во 2017 год. | наследство. Намерата е преку промотивен материјал да се обезбеди едукација и промоција за постоечкото природно и културно наследство на Охрид. | материјал ќе биде наменет за едукација на населението и посетителите за тоа како треба да се однесуваат и да го штитат културното и природното наследство. | |

**Број 08-3415/4-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/5 ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год. Градоначалник**
**О х р и д Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год. Претседател**
**О х р и д Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016**

**Охрид, 28.02.2017**

**Во текот на 2016** година се работеше на изработка плановите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2016. Дел од нив се комплетно завршени, усвоени од Советот на општина Охрид и ставени во употреба, дел се во фаза на изработка, а дел сеуште не се отпочнати со работа

## А. Планови донесени од страна на советот на општина Охрид и планови

**со добиена согласност од страна на МТВ Скопје**

1. **ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 2 (опфат кај Основен суд во Охрид)**
   – донесен од страна на Совет
2. **ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 за ГП 1 на дел од КП. 11843 КО Охрид 2**
   – донесен од страна на Совет
3. **ДУП за ГП 2.4.20 во УЗ 2 дел од Блок 2.4 на КП 16545 и 16546 КО Охрид 3**
   – донесен од страна на Совет
4. **ДУП за УЗ 4 дел од УБ 4.7 – опфат 2**
   – донесен од страна на Совет
5. **ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 – опфат 1 („Крстџамија“)**
   – донесен од страна на Совет
6. **ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат 4**
   – донесен од страна на Совет
7. **ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.4 – опфат 1**
   – донесен од страна на Совет
8. **Општ акт за село Љубаништа**
   – донесен од страна на Совет

## Б. Планови во постапка на изработка и донесување

### I. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Деталeн Урбанистички План за УЗ 1** | |
| | **1.1. Урбан блок 1.1** | |
| | 1.1.1.ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.1 - Опфат Табана<br>• Поради стапување во сила на катастарот на недвижности потребно е повторно ажурирање на планскиот опфат, а воедно со влегување во сила на Законот за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство, планот е во фаза на повторна преработка<br>---------------------------------------------------------------------------<br>1.1.2.ДУП во УЗ 1 дел одУБ 1.1 – Урбан комплекс 13 – Св. Богородица Перивлепта<br>• Прифатена иницијатива –постапка по е-урбанизам | Општина<br>-------------------------<br>Прив.иницијатива |
| | **1.2 Урбан блок 1.2** | |
| | 1.2.1.ДУП за УЗ 1 УБ 1.2 Урбан комплекс 7 "Долни Сарај"<br>• Одобрена иницијатива | Прив.иницијатива |
| | **1.3.Урбан блок 1.3** | нема активност |
| | **1.4. Урбан блок 1.4** | нема активност |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **Детален Урбанистички план за УЗ 2** | |
| | **2.1. Урбан блок 2.1** | |
| | 2.2.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.1 - Опфат Кеј<br>• Поради стапување во сила на катастарот на недвижности потребно е повторно ажурирање на планскиот опфат, а воедно со влегување во сила на Законот за прогласување на старо градско јадро на Охрид за културно наследство, планот е во фаза на повторна преработка | Општина |
| | **2.2 Урбан блок 2. 2** | |
| | 2.2.2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2<br>• Планерот постапува по забелешки од комисија по Нацрт план | Прив. иницијатива |
| | **2.3 Урбан блок 2.3** | |
| | 2.3.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5<br>• Изработувачот треба да достави Нацрт план<br>2.3.2. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6<br>• Нацрт план доставен до АКН<br>---------------------------------------------------------------------------<br>2.3.3.ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7<br>• Прифатена иницијатива, постапка по е-урбаниз | Прив.Иницијатива<br>Прив.Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | **2.4 Урбан блок 2.4** | |
| | 2.4.1. ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1<br>• Планот е вратен со неиздавање на согласност планерот постапува по забелешките | Прив. иницијатива |
| | 2.5 Урбан блок 2.5 | нема активност |
| | 2.6 Урбан блок 2.6 | нема активност |
| **3** | **Детален Урбанистички план за УЗ 3** | |
| | 3.1. Урбан Блок 3.1 | Општина |
| | **3.2. Урбан Блок 3.2** | |
| | 3.2.1. ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2<br>Утврден Нацрт план<br>---------------------------------------------------------------------------<br>3.2.2 ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектирани ул.,<br>• Пртифатена иницијатива постапка на е-урбанизам | Прив. Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 3.3. Урбан Блок 3.3 | нема активност |
| | 3.4. Урбан Блок 3.4 | нема активност |
| **4** | **Детален Урбанистички план за УЗ 4** | |
| | 4.1. Урбан Блок 4.1 | нема активност |
| | 4.2. Урбан Блок 4.2 | нема активност |

| | | |
|---|---|---|
| | **4.3. Урбан Блок 4.3**<br>• Одобрена планска програма | Општина |
| | 4.4. **Урбан Блок 4.4**<br>• Планот се комплетира со мислења од институции | Општина |
| | **4.5. Урбан Блок 4.5**<br>• одобрена иницијатива,постапка по е-урбанизам | Прив. иницијатива |
| | **4.6. Урбан Блок 4.6**<br>• одобрена иницијатива,постапка по е-урбанизам | Прив. иницијатива |
| | **4.7. Урбан Блок 4.7** | нема активност |
| **5** | **Детален Урбанистички план за УЗ 5** | |
| | 5.1. Урбан Блок 5.1 | нема активност |
| | **5.2. Урбан Блок 5.2**<br>• отпочната постапка за изработка на план | општина |
| | **5.3. Урбан Блок 5.3**<br>• планот е доставен до изработувачот за постапување по забелешки | општина |
| | **5.4. Урбан Блок 5.4**<br>• постапка по е-урбанизам, се чека измената на ГУП Охрид каде е опфатен и блок 5.4 | општина |
| **6** | **Детален Урбанистички план за УЗ 6** | |
| | **6.1. Урбан Блок 6.1** | |
| | 6.1.1. ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2<br>• Нацрт план кај изработувачот на корекции по стручно мислење | општина |
| | **6.2. Урбан Блок 6.2** | |
| | 6.2.1. Измени и дополнувања на дел 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2<br>• Утврврден Нацрт план и доставен до АКН на мислење | Прив. иницијатива |
| **7** | **Детален Урбанистички план за УЗ 7** | |
| | 7.1. Урбан Блок 7.1 | нема активност |
| | 7.2. Урбан блок 7.2 | нема активност |
| **8** | **Детален Урбанистички план за УЗ 8** | |
| | 8.1 Урбан Блок 8.1 | нема активност |
| | 8.2 Урбан Блок 8.2 | нема активност |
| | **8.3 Урбан Блок 8.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| | • Постапка по е-урбанизам<br>• Корекција по мислење во АКН-Скопје | Општина |
| **9** | **Детален Урбанистички план за УЗ 9** | |
| | **9.1 Урбан блок 9.1** | |
| | 9.1.1. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1<br>• Утврден Нацрт план<br>------------------------------------------------------------------------<br>9.1.2. ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 – опфат 3<br>• Прифатена иницијатива, постапка по е-урбаниз | Прив. Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 9.2 Урбан блок 9.2 | нема активност |
| | **9.3 Урбан блок 9.3**<br>• Отпочнување на постапка | Прив. иницијатива |
| | 9.4 Урбан блок 9.4 | нема активност |
| **10** | **Детален урбанистички план за УЗ 10** | |
| | **10.1. Урбан блок 10.1** | |
| | 10.1.1. ДУП за УЗ 10 дел одУБ 10.1 опфат 1<br>------------------------------------------------------------------<br>10.1.1. ДУП за УЗ 10 дел одУБ 10.1 опфат 2 | Приватана<br>-------------------------<br>Општина |
| | **10.2. Урбан блок 10.2** | |
| | 10.2.1. ДУП воУЗ 10дел од УБ 10.2 опфат 1<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам<br>------------------------------------------------------------------------<br>10.2.2. ДУП воУЗ 10дел од УБ 10.2 опфат 2<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив. Иницијатива<br>-------------------------<br>Прив. иницијатива |
| | 10.3. Урбан блок 10.3 | нема активност |
| | **10.4. Урбан блок 10.4** | |
| | 10.4.1. ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11, УБ 10.4 и 11.1, ВлашкаМаала и Градинар<br>• Одобрена планска програма<br>• Изработувачот треба да достави предлог план | Прив.иницијатива |
| **11** | **Детален урбанистички план за УЗ 11** | |
| | 11.1 Урбан Блок 11.1 | нема активност |
| | **11.2 Урбан Блок 11.2** | |
| | 11.2.1. ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1<br>• Во АНК за мислење | Прив.иницијатива |
| | 11.3 Урбан Блок 11.3 | нема активност |
| | 11.4 Урбан Блок 11.4 | нема активност |

| | | |
|---|---|---|
| | 11.5 Урбан Блок 11.5 | нема активност |
| **12** | **Детален Урбанистички план за УЗ 12** | |
| | **12.1 Урбан Блок 12.1**<br>12.1.1 ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1<br>• На комисија за разгледување на предлог-план | Прив.иницијатива |
| | **12.2 Урбан Блок 12.2** | |
| | 12.2.1 ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2 - опфат 2<br>• доставено мислење по Планска програма, се чека одговор од изработувач | Прив.иницијатива |
| | **12.3 Урбан Блок 12.3** | |
| | 12.3.1. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.3 - опфат 2<br>• Прифатена иницијатива – постапка на е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **12.4 Урбан Блок 12.4** | |
| | 12.4.1. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2<br>• Доставен кај планер по неиздавање на согласност од МТВ<br>---------------------------------------------------------------------<br>12.4.2. ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3<br>• Изработен предлог план за на согласност | Прив.иницијатива<br>------------------------<br>општина |
| **13** | **Детален Урбанистички план за УЗ 13** | |
| | **13.2 Урбан блок 13.2** | |
| | 13.2.1 ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.2 - опфат 2<br>• Одобрена иницијатива, постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **13.3 Урбан блок 13.3** | |
| | 13.3.1 ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1<br>• доставено мислење по Планска програма, се чека одговор од изработува | Прив.иницијатива |
| | 13.3 Урбан блок 13.4 | нема активност |
| **14** | **Детален урбанистички план за УЗ 14** | |
| | 14.1 Урбан блок 14.1 | нема активност |
| | **14.2 Урбан блок 14.2** | |
| | 14.1.1. ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1<br>• Одобрена планска програма<br>• Изработувачот треба да достави предлог план | општина |
| | 14.3 Урбан блок 14.3 | нема активност |
| | 14.4 Урбан блок 14.4 | нема активност |
| **15** | **Детален урбанистички план за УЗ 15** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **15.1 Урбан блок 15.1** | |
| | 15.1.1. Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус делод УБ 15.1 плански опфат 1<br>• предлог план вратен за постапување по забелешки | Општина |
| | 15.2 Урбан блок 15.2 | нема активност |
| | 15.3 Урбан блок 15.3 | нема активност |
| | **15.4 Урбан блок 15.4** | |
| | 15.4.1. ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1<br>• се постпува по забелешки од АКН | Општина |
| | **15.5 Урбан блок 15.5** | |
| | 15.5.1. ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1<br>• Нацртплан доставен на комисија за мислење | Прив.иницијатива |
| | **15.6 Урбан блок 15.6**<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам<br>• Изработка на планска програма | Прив.иницијатива |
| | **15.7 Урбан блок 15.7**<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **16** | **Детален Урбанистички план за УЗ 16** | |
| | **16.1 Урбан блок 16.1** | |
| | 16.1.1, ДУП за УЗ 16 УБ 16.1<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам<br>------------------------------------------------------------------<br>16.1.2. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1 – опфат 2<br>• планот е вратен со неиздавање на согласност од страна на МТВ Скопје се постапува по забелешки | Прив.иницијатива<br>Прив.иницијатива |
| | **16.2 Урбан блок 16.2** | |
| | 16.2.1. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2<br>• одобрена иницијатива -постапка по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| | **16.3 Урбан блок 16.3** | |
| | 16.3.1. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2<br>• Се постапува по забелешки по неиздавање на согласност од страна на МТВ<br>------------------------------------------------------------------------<br>16.3.2. ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4<br>• Изработувачот постапува по забелешките од АКН Скопје | Прив.иницијатива<br>------------------------<br>општина |
| **17** | **Детален урбанистички план за УЗ 17** | |
| | 17.1 Урбан блок 17.1 – Студенчишко блато | нема активност |
| | 17.3 Урбан блок 17.3 | нема активност |

| | | |
|---|---|---|
| | 17.4 Урбан блок 17.4 | нема активност |
| **18** | **Детален урбанистички план за УЗ 18** | |
| | 18.1 Урбан блок 18.1 | нема активност |
| | 18.2 Урбан блок 18.2 | нема активност |

**II. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО**

| | | |
|---|---|---|
| **1** | УПВНМ за комплекс Андон Дуков<br>• отпочната постапка по е-урбанизам<br>• Се чека достава Предлог план | Прив.иницијатива |
| **2** | УПВНМ за комплекс Даљан | |
| **3** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **4** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **5** | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 3<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **6** | УПВНМ Горица Север<br>• одобрена планска програма | Прив.иницијатива |
| **7** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Општина |
| **8** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 2<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **9** | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 4<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |
| **10** | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина Охрид<br>• постапка по е-урбанизам<br>• доставен предлог план вратен до изработувачот да постапи по забелешките од стручното со мислење | Влада на РМ |
| **11** | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4<br>• постапка по е-урбанизам<br>• доставен предлог план вратен до изработувачот да постапи по забелешките од стручното со мислење | Влада на РМ |
| **12** | УПВНМ Долно Коњско | |
| **13** | УПВНМ Чекоштина | Општина |
| **14** | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани | |
| | 14.1. УПВНМ за дел од потег Лагадин –Пештани<br>• одобрена иницијатива по е-урбанизам | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | УПВНМ стопанска зона Вапила<br>• треба да се корегираат недостатоци во геодетскиот елаборат | Општина |
| 16 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо<br>• потребна е пренамена на земјиштето,за да може да се докомплетира планот | Прив.иницијатива |
| 17 | УПВНМ Горица Исток | |
| | | |

## III. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ИЛИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Орман | |
| 2 | Рамне | |
| 3 | УП за село Велестово<br>• Фаза на прибирање податоци од страна на изработувачот | Општина |
| 4 | Шипокно | |
| 5 | Завој | |
| 6 | Куратица | |
| 7 | Ливоишта | |
| 8 | Опеница | |
| 9 | Плаќе | |
| 10 | Расино | |
| 11 | Речица | |
| 12 | Свињишта | |
| 13 | Сирула | |
| 14 | Скребатно | |
| 15 | Лагадин | |
| 16 | УП за село Пештани<br>• Доставен до планер за постапување забелешки од неиздавање на согласност од МТВ | Општина |
| 17 | Долно Лакочереј | |
| 18 | Горно Лакочереј | |
| 19 | Општ акт за село Елшани<br>• доставени податоци за отпочнување на изработка | Прив.иницијатива |
| 20 | Општ акт за село Долно Коњско<br>• се прибираат податоци и се продолжува со изработка на општиот акт од страна на изработувачот | Прив.иницијатива |
| 21 | Коњско | |
| 22 | Трпејца | |

| | | |
|---|---|---|
| **23** | Општ акт за село Подмоље<br>• Фаза на прибирање податоци од страна на изработувачот | |
| **24** | Општ акт за село Велгошти<br>• се корегира по забелешките од неиздавање на согласност од страна на МТВ Скопје | Прив.иницијатива |
| **25** | Општа акт за село Лескоец<br>• Фаза на прибирање податоци од страна на изработувачот | |
| **26** | Косел | |
| **27** | Вапила | |

## IV. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за откупен центар на дел од кп 702/1 ко Долно Лакочереј-вон град, општина Охрид<br>• отпочната постапка по е-урбанизам<br>• одобрена планска програма<br>• Се изврши пренамена од земјоделско во градежно земјиште (Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство)<br>• изработена е ЛУПД од страна на изработувачот се спрема за на јавна анкета и презентација | Општина |
| **2** | ЛУПД градежна парцела на кп 2002 КО Лескоец - ОУ Ванчо Николески село Лескоец<br>• кај изработувачот за изработка на ЛУПД | Оштина |

## V. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

| | | |
|---|---|---|
| **1** | Измена и дополнување на ГУП на град Охрид<br>• Постапување по неиздавање на согласност издадена од МТВ | Општина |

**Сектор за урбанизам и управување**
**со градежно земјиште**
Помошник раководител на Сектор
Бранко Арнаудовски, диа

**Број 08-3415/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/6**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА–ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година.

**Член 2**
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/6**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска с.р**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

за работата на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) за 2016 година, за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во 2016 година изврши и превзеде за решавање 418 интервенции и тоа:

**I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ**

ТППЕ Охрид во текот на 2016 година изврши вкупно 264 интервеници за гаснење на пожари и тоа:

- пожари на објекти - 129 интервенции;

- пожари на отворен простор - 109 интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 26 интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на Општина Охрид 246 пожари (93,18%) и Општина Дебрца 16 (6,06%) и Општина Струга 2 (0,76%).

**1. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид**

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 246 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Охрид | 101 | 89 | 17 |
| с. Лескоец | 4 | 1 | - |
| с. Вапила | 1 | 1 | 1 |
| с. Д. и Г. Лакочереј | 2 | 2 | - |
| с. Подмоље | - | 1 | 2 |
| с. Пештани | 2 | - | 1 |
| с. Свињишта | 1 | - | - |
| с. Љубаништа | 1 | - | 1 |
| с. Велгошти | 11 | 1 | - |
| с. Трпејца | 1 | - | - |
| с. Ливоишта | - | 1 | 1 |
| с. Опеница | - | - | 1 |
| с. Велестово | 1 | - | - |
| с. Орман | - | 1 | - |
| **ВКУПНО:** | **125** | **97** | **24** |

**2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебрца**

На подрачјето на Општина Дебарца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 16 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| с. Волино | - | 3 | - |
| с. Горенци | - | 2 | - |
| с. Оровник | - | 1 | - |
| с. Ботун | - | - | 1 |
| с. Требеништа | - | 1 | 1 |
| с. Годивје | - | 1 | - |
| с. Лешани | 1 | 2 | - |
| с. Климештани | - | 1 | - |
| с. Белчишта | - | 1 | - |
| с. Д. Средоречe | 1 | - | - |
| ВКУПНО: | 2 | 12 | 2 |

### 3 Пожари и интервенции за гаснење во Општина Струга.

На подрачјето на Општина Струга појавен е и интервенирано е за гаснење на 2 пожари, прикажан во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Струга | 2 | - | - |

На сите интервенции за гаснење на пожарите во 2016 година настаната е материјална штета на 28 пожари од сите видови во вкупна вредност од 4.566.000,оо денари, и тоа:

- Материјалната штета во Општина Охрид на 27 пожари изнесува 4.546.000,оо денари и тоа:

а) на објекти 3.790.000,оо денари
б) на сообраќајни средства 756.000,оо денари

- Материјалната штета во Општина Дебрца на 1 пожар изнесува 20.000,оо денари.

а) на сообраќајни средства 220.000,оо денари

На вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2016 година сопственоста на објектите и просторот е:

- во приватна сопственост - 175 (мат. штета 4.266.000,оо денари)
- во државна сопственост - 89 (мат. штета 300.000,оо денари)

Од сите опожарени објекти и простори во 2016 година на кои интервенираше ТППЕ Охрид осигуран по основ штета од настанат пожар се 6 објекти во државна сопственост и 1 во приватна сопственост.

За сите опожарени објекти и простори во 2016 година констатиран е следниот начин на предизвикување:

- намерно палење - 58 пожари
- невнимание - 171 пожари
- неутврдено - 35 пожари

За сите опожарени објекти и простори во 2016 година констатирани се следните причини за појава на пожарите:

- употреба на отворен пламен - 109 пожари
- употреба на ложиште-огниште - 99 пожари
- електрични уреди и апарати - 6 пожари
- проводници загреани со оптеретување - 14 пожари
- електрични проводници - 1 пожар
- догорче од цигара - 1 пожар
- судар - 1 пожар
- останати причини - 2 пожари
- неутврдено - 31 пожари

Од пожарите на објекти во текот на 2016 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови објекти:

- станбена зграда - 105 пожари
- работна зграда - 2 пожари
- шупа - 4 пожари
- угостителски објект - 2 пожари
- хотел-мотел-камп - 2 пожари
- трансформаторски станици - 1 пожар
- останати градежни објекти - 3 пожари

- трговски дуќан - 2 пожари
- производствен погон - 2 пожари
- барака - 4 пожари
- стоковна куќа - 1 пожар
- кино - театар - 1 пожар

**Од вкупниот број пожари на објекти на подрачјето на Општина Охрид (вкупно 125 пожари) само во градот Охрид ТППЕ Охрид имаше 101 интервенција за гаснење пожари на објекти - индивидуални и колективни станбени згради, од кои 72 интервенции на индивидуални и колективни станбени згради во делот на ложиштата и оџаците.**

Од пожарите на отворен простор во текот на 2016 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните површини и количини отворен простор:

- пожари во шуми - 4 пожари - 8,4 хектари
- пожари на земјоделски површини - 13 пожари - 3,09 хектари
- депонии и друго на отворен простор - 88 пожари - 2,09 хектари

вкупно: 13,58 хектари

**Од вкупниот број пожари на отворен простор на подрачјето на Општина Охрид (вкупно 97 пожари) само во градот Охрид и најблиската околина ТППЕ Охрид имаше 89 интервенции за гаснење пожари на отворен простор, од кои 50 интервенциии за гаснење депониран отпад во контејнери во градот Охрид.**

Од пожарите на сообраќајни средства во текот на 2016 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови возила:

- патнички моторни возила - 19 интерв. (мат. штета 416.000,оо)
- останати моторни возила - 2 интерв. (мат. штета 60.000,оо)
- товарни моторни возила - 5 интерв. (мат. штета 300.000,оо)

Пожарите во текот на 2016 година појавени се во следните временски интервали:

- од 06 часот до 14 часот - 92 пожари
- од 14 часот до 20 часот - 101 пожари
- од 20 часот до 06 часот - 71 пожари

ТППЕ Охрид, дежурната интервентна група, од моментот на пријавата на пожарот до местото - локацијата на појавениот пожар има пристигнато за следното времетраење:

- за време до 5 минути - 202 пожари
- за време од 6 до 10 минути - 21 пожари
- за време од 11 до 15 минути - 18 пожари
- за време над 15 минути вон град - 22 пожари
- за време над 15 минути во град - 1 пожари

Ширењето на пожарите во објектот и на други објекти и простори спречено, односно локализирано е за следното време:

- за време до 5 минути - 132 пожари
- за време од 6 до 15 минути - 85 пожари
- за време од 16 до 30 минути - 27 пожари
- за време над 30 минути на градежни објекти- 8 пожари
- за време над 30 минути на отворен простор - 12 пожари

Од моментот на пристигнување на лице место, пожарите се изгаснати, односно ликвидирани за следното времетраење:

- за време до 1 час - 233 пожари
- за време од 1 до 2 часа - 28 пожари

- за време над 2 часа на градежни објекти - 1 пожари
- за време над 2 часа на отворен простор - 2 пожари

Пожарите во текот на 2016 година гаснети се со следниот број противпожарни возила:
- со 1 противпожарно возило - 241 пожари
- со 2 противпожарни возила - 17 пожари
- со 3 противпожарни возила - 6 пожари

За гаснење - локализирање и ликвидирање на пожарите во текот на 2016 година интервенирано е со следниот број пожарникари:
- со група до 3 пожарникари - 243 пожари
- со група од 4 до 7 пожарникари - 17 пожари
- со група од 8 до 12 пожарникари - 4 пожари

Споредено со 2015 година ТППЕ Охрид, во 2016 година имаше 23 пожари и интервенции за гаснење помалку (287 во 2015 г., а 264 во 2016 г.)

Како припомош при гаснењето на пожарите учествувале 17 граѓани и 19 работници на јавните шумски претпријатија.

## II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во текот на 2016 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 48 технички интервенции и тоа:
- интервенции во услови на сообраќајни незгоди - 12 интервенции
- интервенции за спасување од височини - 4 интервенции
- интервенции за отворање на заклучени објекти - 21 интервенции
- други интервенции - 3 интервенции
- обезбедување и санирање состојби после несреќи - 4 интервенции
- акциденти со опасни материи - 4 интервенции

Техничките интервенции се извршени со 48 ПП возила и 164 пожарникари, од кои:
- успешно завршени за време до 1 час - 40 интервенции,
- за време од 1 до 2 часа - 7 интервенции
- со времетраење над 2 часа - 1 интервенција.

Сите технички интервенции се реализирани за вкупно време од 32 часа поединечно, при што се остварени вкупно 122 работни часа.

## III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебарца во одредени случаи на потреба, задолженија, барања и наредби, ТППЕ Охрид во текот на 2016 година изврши 106 други активности и услуги и тоа:
- обезбедување на спортски натпревари - 3 интервенции
- обезбедување објекти и други простори - 19 интервенции
- носење техничка вода и вода за пиење - 59 интервенции
- други акт. и услуги - чистење на простори со млазеви вода - 25 интервенции

Сите претходно наведени активности ТППЕ Охрид ги изврши со 108 ПП возила и 270 пожарникар, за време од 237 часа поединечно, при што се остварени вкупно 788 работни часови.

**Согласно Ценовникот за вршење услуги со противпожарна и техничка опрема што ја поседува ТППЕ Охрид, донесен од Советот на Општина Охрид, во текот на 2016 година извршени се следните активности – услуги и остварени се следните приходи:**

| р.б. | Активност – услуга | приходи |
|---|---|---|
| 1. | Полнење на боци од изолациони апарати | 6.000 денари |
| 2. | Носење техничка вода на правни лица | 234.200 денари |
| 3. | Обезбедување јавни настапи и манифестации | 141.300 денари |
| | ВКУПНО: | 381.500 денари |

**За сите неведени активности-услуги, направен е обрачун и истиот е доставен за фактурирање и наплата до одделението за финансии и буџет при Општина Охрид.**

Во текот на 2016 година преку јавните електронски медими од Охрид, во повеќе наврати пред летна и зимска сезона извршено е презентирање на противпожарната заштита и култура во смисла за подобро запознавање на граѓаните на Општина Охрид, Дебрца и пошироко, со причините за појава на пожарите од сите видови посебно на објекти и отворен простор и постапка при појава на пожар за спречување на пожарот во било кое време и место.

Во текот на 2016 година согласно Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, а соодветно со Програмата на градоначалникот на Општина Охрид, ТППЕ Охрид изврши предавање од проблематиката на заштита од пожари, постапки и спасување при истите во неколку основни училишта и во сите средни училишта на подрачјето на Општина Охрид.

Согласно Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ Охрид, а врз основа на распоредот за работа и работни време реализирани се сите планирани теоретско-практични активности.

Согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничката опрема и средства за гаснење на пожарите со кои треба да располагаат противпожарните единици, во ТППЕ Охрид во текот на 2016 година се превземани планирани редовни и непланирани вонредни активности за одржување во исправна состојба на техниката и опремата заради навремено стручно и безбедно интервенирање и извршување на работните обврски во секој момент на потреба.

Земајќи ги предвид реализираните активности од доменот на работата и појавените непланирани активности од доменот на работата на ТППЕ Охрид и вон тоа, стручната оспособеност на работниците во единицата е одржана на високо ниво за пружање на навремена стручна и професионална помош и заштита на граѓаните во подрачјето кое го заштитува и пошироко.

Охрид
31.01.2017 г.

ТППЕ Охрид
Командир
Спасе Прентоски

**Број 08-3415/6-1**
**14.03.2017год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ОД 01.01.2016 ДО 31.12.2016 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на локалната самоуправа Одделението за даноци ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

За период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година поднесени се **1183** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 1149 изготвени се решенија.
- За 152 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за општина Охрид по основ издадени решенија по предмети од 2016 година изнесува 5.758.495,00 денари.

- За 997 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 25 предмети се во процедура пред проценувачите од областа на недвижен имот.
- 9 предмети се повлечени од процедура.

Во буџетот на општина Охрид за 2016 година по основ на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 5.500.000,00 денари. Во период од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година по овој основ остварени се приходи во износ од 5.365.714,00 денари или буџетот е реализиран 97,55 %. Од нив 4.677.246,00 денари се по предмети од 2016 година, а 688.468,00 денари се по предмети од минати години.

Вкупното даночно задолжување за 2016 година по овој основ изнесува 5.758.495,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2016 година изнесува 4.677.246,00 денари или процентуално наплатата изнесува 81,22 % со состојба на 31.12.2016 год.

## ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ

За период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година поднесени се **1255** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 1209 изготвени се решенија.
- За 1075 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжение за општина Охрид по основ издадени решенија по предмети од 2016 година е во износ од 94,200,839,00 денари.
- За 134 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 21 предмет се во процедура пред проценувачите од областа на недвижен имот.
- 18 предмети се повлечени од процедура.
- 2 предмети се пренасочени.
- 5 предмети се некомплетни.

Од страна на даночните обврзници поведени се 2 управни спорови на решенија чие решавање е во тек. Во буџетот на општина Охрид за 2016 година по основ на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 86.000.000,00 денари. Во период од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година по овој основ остварени се приходи во износ од 98.321.187,00 денари или буџетот е реализиран 114,3 %. Од нив 85.106.543,00 денари се по предмети од 2016 година, а 13.214.644,00 денари се од предмети од минати години.

Вкупното даночно задолжување за 2016 година по овој основ изнесува 94.200.839,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2016 година е 85.106.543,00 денари или процентуално наплатата изнесува 90,34 % со состојба на 31.12.2016 год.

## ДАНОК НА ИМОТ

За период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година обработени се **3.437** даночни пријави за **данок на имот** од кои 118 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 3.319 по службена должност, **2198** даночни одјави за данок на имот и **925** пријави за промена на имот и истите се целосно обработени.

За 2016 година изготвени се **28.077** решенија од данок на имот од редовен облог од кои **27.480** решенија од данок на имот на физички лица и **597** решенија од данок на имот на правни лица и **266** решенија за припис за 2016 година.

Вкупното задолжување по основ донесени решенија за 2016 година изнесува 80.186.683,00 денари. (редовен облог за физички лица 57.869.885,00 денари + редовен облог за правни лица 21.831.785,00 денари + припис 485.013,00 денари).

Во период 01.01.2016 до 31.12.2016 година изготвени се 528 решенија за данок на имот по припис за период 2012-2016 година, по службена должност, со задолжение во износ 2.413,937,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 23.249 решенија, односно 82,02 %.

Во буџетот на општина Охрид за 2016 година по основ данок на имот планирани се приходи во износ од 69.000.000,00 денари.( 47.000.000,00 денари од физички лица и 22.000.000,00 денари од правни лица ). Во период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година остварени се приходи во износ од 71.204.218,00 денари ( 50.026.768,00 денари од физички лица и 21.177.450,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 103,19 %.
Од страна на даночните обврзници поведени се вкупно 36 управни спорови до Управен суд Скопје, кои се во постапка. Исто така поднесени се 168 други барања по различен основ во врска со данокот на имот и истите се обработени.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**
Во период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година изготвени се 4.733 опомени за неплатен долг по основ на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата , 225 опомени за неплатен долг по основ данок на имот на правни лица како и 93 опомени за неплатен долг по основ данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и 620 решенија за присилна наплата на данок на имот и 10 решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок. Во период од 01.01.2016 до 31.12.2016 изготвени се и 36 заклучоци за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**
Во период од 01.01.2016 до 31.12.2016 искнижани се 247 изводи со 24194 ставки, 148 задолженија по решенија за данок на промет на недвижности изготвени во word, 597 приписи за данок на имот, 382 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување на парични средства. Во истиот период проверени се околу 50 000 финансиски картици на даночни обврзници од страна на сите вработени во Одделението за даноци по основ задолжување и уплата на данок на имот од претходни години за потребите на самите даночни обврзници, за потребите на даночното книговодство и присилната наплата.
Во период од 01.01.2016 за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затварање на 29 513 ставки.

**ПОДНЕСОЦИ**
За период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година поднесени се вкупно **115** барања од кои:
- 55 барања за даночни (не)обврзници на недвижен имот за комплетирање на документи за аплицирање за социјални станови и закупнина.
- 7 барања за даночни (не)обврзници на недвижен имот за пред судски органи и МВР.
- 10 барања за комплетирање документи за виза за странство.
- 14 барања за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии.
-10 барања од институции, органи и физички лица за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.
- 2 барања од УЈП за доставување податоци за даночни обврзници.
- 4 барања од други општини за проценка на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Охрид.
- 5 барања за учество на тендер.
- 5 барања од Комисија за експропријација.
-3 барања за странска пензија.
Сите поднесоци се обработени и на истите е одговорено.
Во истиот период донесени се и **371** решение за пренасочување на погрешно уплатени сретства како и **21** решение за повраќај на паричен износ.
Во период 01.01.2016 до 31.12.2016 година извршено е вреднување на 236 станови од 11 нови згради на подрачјето на општина Охрид, 5 деловни простори и 91 гаража. Во период

01.01.2016 до 31.12.2016 година извршено е вреднување и ревреднување на 1229 индивидуални станбени згради (куќи), 59 деловни простори и 548 помошни објекти и гаражи во склоп на куќите на подрачјето на општина Охрид. Во истиот период извршено е вреднување и ревреднување на 908 станови, 110 гаражи и помошни објекти, 128 деловни простори, 5 хотели, 11 административни згради и простори, 20 деловни згради ( производствени, магацини, хали, стоваришта) , 39 апартмани и 3 бензински пумпи.

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2016 ВО ОДНОС НА 2015 ГОДИНА**
Во период 01.01.2016 до 31.12.2016 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно **174.891.119,00** денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од **160.500.000,00** денари**,** односно буџетот е остварен **108,96 %.**
Во 2016 година остварените приходи по основ на даноци изнесуваат **174.891.119,00** денари и се за **21.354.251,00** денари **повеќе** од 2015 година кога изнесувале . **153.536.868,00.**

- Кај данокот на наследство и подарок има намалување за 687.911,00 денари.
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 17.359.079,00 денари. Причините за повеќе остварените приходи по овај основ се во зголемениот број купопродажби во 2016 година ( 75 даночни пријави за данок на промет на недвижности повеќе од 2015 година) и купопродажби на недвижен имот со поголема вредност , со што е и поголем износот на данокот на промет.
- Кај данокот на имот на физички лица има зголемување за 3.818.241,00 денари. Причините за зголемениот прилив по овој основ е во зголемување на облогот
- ( утврдената даночна обврска) за 2.917.216,00 денари како резултат на ревреднувањето на индивидуални станбени згради (куќи) и континуираната и засилена присилна наплата.
- Кај данокот на имот на правни лица има зголемување за 864.842,00 денари.

**Број 08-3415/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/8**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**Извештај**
**За работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма(назив),како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За 2016 година изготвени се **4587** решение за комунална такса за фирма(назив),од кои **4151** решенија за комунална такса за фирма на правни лица и **436** решенија за комунална такса за фирма на вршители на дејност.Доставени се **2781** решенија,односно околу 60 % .При доставувањето,не се пронајдени **1.806** или одбиле да ги примат решенијата.Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата,поради големиот број регистрирани фирми кои не работат (повеќе од 5-6 години и подолго),а не отпочнале постапка за нивно бришење од регистарот на фирми,односно поради големите трошоци за ликвидација (стечај) на фирмите,сопствениците не се решаваат да ги отпочнат гореспоменатите постапки,односно ги оставаат фирмите во состојба на т.н.наречена мирување,промени на адреси на правните субјекти и сл.

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **6.848.618,00** денари.

Во буџетот на Општина Охрид за 2016 година,по основ на комунална такса за фирма предвидени се приходи во износ од **6.500.000,00** денари.Во период од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година остварени се приходи во износ од **6.848.618,00** денари,или планирањето во буџетот е натфрлен со **6 %** .

(ВО 2015 ГОД. остварен е приход од 7.919.171,00 ДЕН.)

На крајот на 2016 год.започна постапката за присилна наплата по основ на комунална такса за фирма.Постапката за присилна наплата ќе продолжи и во 2017 год.

- Изговени се и опомени за доспеаните долгови, кои се предадени на достава. Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми при наплатата на доспеаните долгови со присилна наплата,поради неможноста на банките да ги извршат решенијата за присилна наплата од бројни причини,како на пр.стари сметки,затворени сметки,затворени фирми кои не се одјавени во централен регистар,фирми кои постојат како активни,а немаат отворено сметка во банка и сл.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2016 год до 31.12.2016 год.по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам,издадени се **61** ЗАДОЛЖЕНИЈА и остварен е приход во вкупен износ од **4.608.988,00** денари.

(ВО 2015ГОД остварен е приход од. 3.257.333,00 ДЕН.)

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(ТЕНДЕРИ)**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп,во времетраење од 90 дена,за доделените локации во Секторот за урбанизам,по нивното доставување во одделението за комунални такси извршена е уплата од **25** обврзници и остварен е приход во износ од **38.970,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвени и доставени се 5 решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа;

**1.АКЦЕНТ МЕДИА**(за период од 10.06.2016 год. до 12.04.2017 год.) за **21** ***рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **21,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

2.КАЛА ПЛАКАТ (за период од 10.06.2016 до 10.06.2017 год.) за 5 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 5.000,00 денари.Истиот износ е наплатен во целост.

3.ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС (за перид од 10.06.2016 до 10.06.2017) за 7 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 7.000,00 денари.Истиот износ е наплатен во целост.

4. МАЈ ПЛЕЈС (за период од 26.10. 2016 до 26.10.2017) за 1 рекламно пано-билборд со мултимедијален екран за период од една година во вкупен износ од 1.000,00денари.

5.ТАЛЕНТА (за период од 27.06.2016 до 27.06.2017) за 12 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 12.000,00 денари.На обврзникот му е доставена опомена за за плакаање на обврската.

**6.ПАП КОМПАНИ**(за период од 10.10.2015 до 10.10.2016 год.) за 170 ***рекламни паноа***, за период од една година во вкупен износ од 170.000. оо ден.Истиот износ е наплатен во целост.

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 год,по основ на комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места остварени е вкупен приход во износ од, **203.000,оо ден.**

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(ПРЕЗЕНТАЦИИ)**

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година, доставени се барања за **7** ***презентации*** ,од кои е остварен приход во износ од **3.563.,00** денари.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година,остварени се приходи во износ од **4.608.988.00 денари,**а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **4.500.000,00** ден.
(во 2015 остварен е приход ви износ од 4.500.000.00 ден.)

**7.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016година изготвени се 111 решенија.Доставени се 111 од и остварен е приход од 250.830,00 ден, а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од 250.000. 00 ден.
(во 2015 год. остварен е приход од 320.300.00 ден.)

**8. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година,остварени се приходи во износ од **65.890.092.00 ден,** а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од**, 67.000 000.00 ден.**.
(во 2015год. остварен е приход од 63.438.711.00, ден.)

**9. Комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба**

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 год.остварени се приходи во износ од 484.220,00 ден., а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од 600. 000.00, ден.

Раководител
Миливој Котески

**Број 08-3415/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за периодот 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/2012,93/13,42/14,44/15, 129/15,39/16), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ од 01.01.2016год до 31.12.2016год.**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2016 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2016 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планирани во буџетот на Општина Охрид.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка .
Програмата опфаќа:
- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко системите и квалитетот на животот;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината ;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината ;

Врз основа на степенот на загаденоста на животната средина во дадено подрачје, содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни

супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава настаната како резултат на стопанските и другите дејности и активности;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси;
- Подигање на јавна свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид.
Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

## I. Табела на предвидени проекти за заштита на животната средина и природата за 2016год.

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени 100.000,00ден. | Завршен проект. На жителите на Бул.Туристичка поделени им се 500 жардиниери со сакциско цвеќе |
| 2. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 300.000, 00ден | Проектот не е реализиран бидејќи , претходниот договор за овој проект до крај на календарската година беше во важност |
| 3. | **Изработка на брошура за подигање на јавна свест за управување со зелен отпад на територија на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 60.000,00денари | Завршен проект Брошурата е изготвена и отпечатена во 2500 примероци кои беа дистрибуирани до граѓаните заедно со сметките за ѓубретарина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | Акцијата за собирање на стара хартија се одвиваше во кругот на Охридските основни училишта и истата беше успешно спроведена. За реализација на проектот не беа предвидени финансиски средства | Завршен проект |
| 5. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | Проектот беше реализиран во соработка со Охридските основни училишта и беа потрошени предвидените средства во висина од 30.000, 00ден | Завршен проект |
| 6. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | Проектот беше реализиран во соработка со МЖСПП Предвидени средства во висина од 18.000, 00ден не беа потрошени | Завршен проект |
| 7. | **Одбележување на 22 декември ( најкраткиот ден во годината)- Изработка на еко календар за Охридските училишта** | Проектот не е реализиран Предвидени беа средства во висина од 80.000, 00ден | Проектот не е реализиран |
| 8. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2016 година** | Проектот е реализиран со предвидените средства во висина од 12.000, 00ден | Завршен проект |
| 9. | **Санација и ревитализација на Охридските чинари** | Отпочната е постапка за реализација на проектот , избран е | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | најповолен понудувач и во тек е постапка за потпишување на договор Предвидени се средства во висина од 570.000,00ден | |
| 10. | **Воспоставување на катастар на загадувачи на воздухот, водата и почвата** | Предвидени беа средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот не е реализиран |

**II – Реализирани активности за период 01.01.2016година до 31.12.2016 година**

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 171,076.00 денари, кои се однесуваат на исплата на дел од стари и ново настанати обврски и тоа :

1. 4,061.00 ден. – Летра дизајн
2. 100,000.00 ден.- Деконс Ема
3. 25,015.00 ден. – Сун採ленс
4. 30,000.00 ден. – по ликовен и литературен конкурс
5. 12,000.00 ден. – најдобро украсен новогодишен двор или балкон

**Број 08-3415/9-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/10**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/10**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**Извештај од 01.01.2016 до 31.12.2016**
**Програма Ј4 одржување на јавна чистота за 2016 година**

Врз основа на „Законот за јавна чистота“ (Сл. Весник на РМ бр.111/08,130/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15 и 147/15) „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2016 година.

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната Единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;
  Исто така заради зголемените активности околу одржувањето на јавната хигиена во с.Трпејца, с.Пештани, нас.Св.Стефан, потегот од нас.лагадин до нас.Елешец, плажа грашница и плажа Сараиште и с.Велгошти, истите влегуваат во I –ва категорија, односно ќе се метат секој ден во текот на летната сезона.
- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;
- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.
  Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење на улици 210 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;
- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - миење на улици 110 дена;
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење на улици 60 дена.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;
  - миење на улици 30 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**I –Изведени активности за период од 01.01. до 31.12.2016 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец јануар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден

Месец февруар:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 29 ден

Месец март:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 15 дена

Месец април:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење и миење на улици од II –ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење и миење на улици од III –та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена

Месец мај:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење и миење на улици од II–ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење и миење на улици од III–та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење и миење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
-

Месец јуни:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење и миење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење и миење на улици од III–та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
  ( селски населби и туристички места )

Месец јули:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење и миење на улици од II –ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење и миење на улици од III –та категорија . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
  ( селски населби и туристички места )

Месец август:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење и миење на улици од II–ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење и миење на улици од III–та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење и миење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
- ( селски населби и туристички места )

Месец септември:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена

Месец октомври:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена

Месец ноември:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена

Месец декември:

- Метење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден

**II – Реализирани активности за период 01.01.до 31.12.2016 година**

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува **10.645.057,00** денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-3415/10-1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/11**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/11**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

### Извештај од 01.01.2016 до 31.12.2016
### Програма J7одржување и користење на паркови и зеленило за 2016 година

Врз основа на „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02), Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07) и Комуналниот ред на Општина Охрид (Сл.гласник бр.9/13), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за период од 01.01. до 31.12.2016 година:

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која се одржува изнесува 74.329 $m^2$.

Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$, како и жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници од се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Кружните текови се засадуваат со сезонско цвеќе кое редовно се одржува и наводнува.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2016 ГОДИНА***

| *Вид на операција* | *Квалификација* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $m^2$ | | | |
| -паркови | | | 49.465 | 14 | 692.510 |
| -Бул.„Туристичка“ | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| -парк Рача | | | 3.500 | 8 | 14.000 |
| -круж.текБул.„Турист“и „АСНОМ“ | | | 314 | 9 | 2.826 |
| Собир.трева по маш.косење со изнес. | ОР | $m^2$ | 40.365 | 4 | 161.460 |
| Полив.трева, дрва и гр. | КВ | $m^2$ | 40.365 | 2 | 80.730 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | $m^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Сад.цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Кроење-режење грмуш. | КВ | бр. | 9.300 | 1 | 9.3000 |
| Кроење режење тренд. | КВ | бр. | 700 | 2 | 1.400 |
| Собир.харт.и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

**I – Изведени активности за период од 01.01. до 31.12.2016 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец јануар:

- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.100 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

Месец февруар:

- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.200 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 29 дена

Месец март:

- Машинско косење трева во градски парк. . . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Собирање трева по машинско косење . . . . . . . . . . . . . . . .40.365 м$^2$
- Чистење трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . .38.000 м$^2$
- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

Месец април:

- Машинско косење трева во градски парк . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ . . . . . . . . . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Собирање трева по маш.косење со изнесување . . . . . . . . . 40.365 м$^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена

Месец мај:

- Машинско косење трева во градски парк ( 2 пати ). . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ . . . . . . . . . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Собирање трева по маш.косење со изнесување . . . . . . . . . 40.365 м$^2$
- Садење на цветни површини со операции ѓубрење и расадување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15.000 бр.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, ул.„Галичица“, ул.„Никола Карев“, ул.“Кленоец“, нас.Рача, нас.Даљан, нас.Варош, нас.Христо Узунов, нас.Гоце Делчев, с.Трпејца, с.Лакочереј, с.Лескоец, с.Пештани и с.Велгошти, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец јуни:

- Машинско косење трева во градски парк ( 3 пати ). . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( 2 пати ). . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“ ( 2 пати ). . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Собирање трева по маш.косење со изнесување . . . . . . . . . 40.365 м$^2$
- Машинско косење трева парк Рача. . . . . . . . . . . . . .. . . . 3.500 м$^2$
- Прашење и поливање на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . 1.000 м$^2$.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена

- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, ул.„Галичица“, ул.„Никола Карев“, ул.“Кленоец“, нас.Рача, нас.Даљан, нас.Варош, нас.Христо Узунов, нас.Гоце Делчев, с.Трпејца, с.Лакочереј, с.Лескоец, с.Пештани и с.Велгошти, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец јули:

- Машинско косење трева во градски парк ( 3 пати ). . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( 2 пати). . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“ ( еднаш). . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
  Машинско косење трева нас.Рача ( еднаш) . . . . . . . . . . . 3.500 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“( 2 пати) . . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Поливање трева,дрва и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .40.365 м$^2$
- Прашење и поливање на сезонски цвеќе . . . . . . . . . . . . . 15.000 бр.
- Кроење – режење на грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000 бр.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Марко Цепенков“, ул.„Егејска“, ул.„Железничка“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, нас.Варош, нас.Христо Узунов, нас.Св.Стефан, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори.

Месец август:

- Машинско косење трева во градски парк ( 2 пати ). . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“( 2 пати) . . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“ ( еднаш ) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева нас.Рача ( еднаш) . . . . . . . . . . . 3.500 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“( 2 пати ). . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Поливање трева, дрва и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .40.365 м$^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, ул.„Галичица“, ул.„Никола Карев“, нас.Даљан, нас.Варош, нас.Гоце Делчев, нас.Рача, нас.Лагадин с.Трпејца, с.Лакочереј, с.Лескоец, с.Велгошти, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец септември:

- Машинско косење трева во градски парк ( еднаш ). . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( еднаш ). . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева парк Рача ( еднаш). . . . . . . . . . . 3.500 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“ ( еднаш ). . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Марко Цепенков“, ул.„Гоце Делчев“, ул.„Егејска“, ул.„Железничка“, ул.„Аргир Маринчев“, нас.Даљан, нас.Христо Узунов, нас.Св.Стефан, с.Пештани,

дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка спомен парк на револуција и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец октомври:

- Машинско косење трева во градски парк. . . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.000 броја
- Кроење – режење на трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

Месец ноември:

- Чистење трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . .38.000 м$^2$
- Садење цветни површини со операции ѓубрење и расадување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .10.000 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена

Месец декември:

- Садење цветни површини со операции ѓубрење и расадување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5.000 броја
- Кроење – режење на грмушки. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3.000 броја
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден

**II – Реализирани активности за период 01.01. до 31.12.2016 година**

Реализацијата на активностите:

- Машинско косење трева
- Собирање трева по маш.косење со изнесување
- Кроење – режење на грмушки
- Кроење – режење на трендафили
- Поливање трева, дрва и грмушки
- Садење цветни површини со операции ѓубрење и расадување
- Прашење и поливање на сезонско цвеќе
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 4.000.000,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-3415/11-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА СПОРТ, МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА СПОРТ, МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за спорт, млади и невладини организации за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации**
Од 01.01. до 31.12.2016 година

Спортот и спортскиот живот во Охрид и охридско е присутен уште од дамнешни времиња . Во прво време се среќавале разни форми на активности за покасно истите да прераснат во организиран спорт.Првиот клуб е формиран 1921 год. а денес има регистрирани повеќе клубови во повеќе спортови..Во својот развој спортските клубови и спортот воопшто во Охрид имале свои светли и темни моменти во зависност од остварените резултат . Особено се забележителни остварувањата на пливачите,веслачите едриличарите односно водените спортови а секакао дека најзначајно место во историјата на охридскиот спорт имаат остварувањата на охридските маратонци во пливање при што овој спорт ги афирмира и на меѓународната сцена.

Создавањето услови за спортување на сите генерации , за правилен физички развој на младите генерации преку изградба ,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на општината Охрид во сверата на спортот .

Спортските содржини на ЈП„Билјанини Извори“ збогатени со изградбата на 3 тениски и едно повеќенаменско игралиште се порепрезентативните спортски објекти со кои располага Општина Охрид и истите се од есенцијално значење за развој на спортот при што спортот и спортската рекреација со сите нејзини активности,програми и содржини во голема мера треба

да ја зголемат и туристичката понуда на Охрид.Секако ,дека во попнудата на спортски објекти во голема мера треба да послужат затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски терени на кои активно се одржуваат натпревари но на истите им е неопходна реконструкција да можат да бидат добра понуда посебно за зимските припреми.

Кога станува збор за младите и спортот и понатаму ќе продолжиме да вложуваме во ресурсите и посветено ќе работиме врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите бидејќи редовната физичка активност и игра се неопходни за физички,ментален ,психолошки и социјален развој,добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Изградба на затворениот пливачки базен е од големо значење. Тој ќе биде пристапен за задоволување на потребите на пливачките клубови и активно ќе се користи за обука на училишната младина за пливачките спортови како и за спортска рекреација на граѓаните од општината Охрид и пошироко.

По спроведената јавна набавка Бр.01/2016 ДОО„ Атриум “ с.Вевчани ги заврши градежните работи Изградба и оградување на фудбалското игралиште со изградба на бетонски трибини во с. Лескоец.

ДОО „Бифора“ е во завршна фаза со поставувањето на гумената подлога на повеќенаменското спортско игралиште во ОУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид.

Неуспешна беше и четвртата објава за избор на најповолен понудувач за изведување на градежните работи Изградба на повеќенаменско игралиште со вештачка трева и ПВЦ покрив врз метална конструкција.

Секако дека на Охрид како град на езеро му е потребна стратегија за развој на водените спортови повторно да станат симбол на Охрид со организирање на државни,балкански а секако со обезбедување на предуслови и првенства од повисок ранг. Со што ќе станат симбол на Охрид но претходно треба да се обезбедат соодветни просторни услови за клубовите од водените спортови.

Отворањето на спортскате паралелки во Охрид ги отвори вратите за создавање квалитетни спортски кадри во ракомет ,фудбал и кошарка кои во голема мера ќе го промовираат спортот и Охрид во спортски град.

Основање училишни спортски клубови во насока на унапредувањето на системот на натпревари во училишниот спорт.Се залагаме за основање училишни спортски клубови во повеќе спортови во училиштата во кои постојат услови согласно законот за Спорт (терени, број на ученици и сл.).

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови со активности за организирање и спороведување на натпревари во училишните лиги во повеќе спортови, во соработка со Сојузот на училиштен спорт, со неопходна поддршка за учество во општински,зонски,регионални и државни натпревари.Она што може училишниот спорт да го направи во воспитанието на младите не можат да го направат многу други форми во воспитно образовниот процес при што физичкото вежбање да се организира под мотото Масовен училиштен спорт – спорт за сите . неопходна поддршка за учество во општински,зонски,регионални и државни натпревари меѓу училишните екипи во повеќе спортови.

Во извештајниов период заврши постапката по конкурсот за субвенционирање на трошоците за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ – Охрид , субвенциите ги користеа : РК „Охрид“ 2013 , РК „ЛИхнид“ , КК „АВ“ , КК „Колибри “,ТК „Давид“ , КБ „Голден Тим“ ,ДООЕЛ „Делфина “ , Црвен Крст Охрид , ГФК „Охрид Лихнидос“ , ЖФК „Билјанини Извори“ ,ОФС Охрид ,ОСК „Фер Плеј“ ФК „Академија Пандев“ , ФК „Еврофудбал 2 Вардар“ и ФК„ Охрид Топ Тим .

Преку програмски активности настојуваме да ги возобновиме маалските игри пред се се мисли на маалскиот фудбал и баскет.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација а воедно направен е приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта онамо каде се неопходни.

Охрид има материјлна основа, но неопходна е функционалност за максимално искористување на истите.

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за развој на спортот како дејност од посебен интерес за одбележување се постигнатите резултати на:

Ракометниот клуб „ Охрид 2013“АД , Ракометниот клуб „Лихнид“ , КК„ АВ“- Охрид.

Фудбалските школи се во врвот на своите категории во Македонија а како резултат на тоа е се поголемиот број на фудбалери од Охрид кои играат за повеќе клубови во Македонија.

Поединечни резултати за почит постигнуваат Нина Балабан во стрелаштво што и овозможи настап на ОЛИ во Рио 2016,поединци од Теквондо клубот „Хваранг ИТФ“.

Извештајот за работата на Секторот за спорт, млади и невладини организации е конципиран врз основа на приоритетноста на дејностите кои се во делокругот на работните обврски,а којшто произлегува од обемот на листата надлежности спорт и рекреација ЗЛС , Закон за спорт ,Закон за здруженија на граѓани и НВО .

Во областа на спортот Општина Охрид и во 2016 год. продолжи со започнатите активности за вложувањата во спортот и спортските објекти и активностите насочени кон подобрување на спортот во општината Охрид .

За таа цел постојано се одржуваа контакти со Агенцијата за млади и спорт, ресорните министерства, спортските клубови, здруженијата, спортските сојузи, јавните претпријатија, образовните институции и др.

Општина Охрид и оваа година во рамките на своите можности, од Буџетската програма :ЛО Спорт и рекреација издвои средства во висина од **16.619.540,00** .

**КОНТО 463120 ТРАНСВЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ**

*Средства во висина од **5.999.800,00** и тоа :*

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013“АД | 400.000,00 |
| Сојуз на спортови | 40.000,00 |
| РК „Охрид 2013“АД | 450.000,00 |
| РК „Охрид 2013“АД | 450.000,00 |

| | |
|---|---|
| ФК „Стефан Толески“ | 12.500,00 |
| Сојуз на спортови | 320.000,00 |
| ОФС | 35.000,00 |
| Сојуз на училишен спорт | 35.000,00 |
| ФК„Фер плеј“ | 50.000,00 |
| ГФК „Охрид -Лихнидос“ | 42.000,00 |

| | |
|---|---|
| Сојуз на спортови | 250.000,00 |
| Сојуз на спортови | 250.000,00 |
| РК Охрид 2013 | 750.000,00 |
| РК Охрид 2013 | 650.000,00 |
| ГФК„Охрид – Лихнидос“ | 70.000,00 |
| ГФК „Охрид-Лихнидос“ | 20.000.00 |
| РК„Охрид 2013“ | 650.000,00 |
| ОФС | 25.500,00 |

| | |
|---|---|
| РК„Охрид 2013“ | 700.000,00 |
| ОФС | 81.600,00 |
| ФК„Стефан Толески“ | 12.500,00 |
| К К „Стрмрц“ | 14.700,00 |
| ГФК„Охрид –Лихнидос“ | 50.000,00 |
| РК„Охрид 2013“ | 641.000,00 |

**КОНТО 464990 ДРУГИ ТРАНСФЕРИ**

*Средства во висина од **75.000,00** и тоа :*

| | | |
|---|---|---|
| ФК „Топ Тим“ | 12.500,00 | Организирање на фудбалски турнир за деца |
| Здружение на клубови- одбојка на песок | 15.000,00 | Организирање на летен турнир –одбојка на песок |
| РК „Лихнид 2012 “ | 12.500,00 | Финансирање на проекти од јавен интерес |
| Сојуз на училиштен спорт | 35.000,00 | Финансирање на проекти од јавен интерес |

**КОНТО 482920 ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ**

*Средства во висина од **4.447,935,00** и тоа:*

| | | |
|---|---|---|
| „Тане 2007„Дооел | 242.106,00 | Изградба на детско игралиште канал Студенчишта |

| | | |
|---|---|---|
| „Нискоградба„ | 500.000,00<br>195.827,00 | Тампонирање и дренажа на терен со вештачка трева |

| | | |
|---|---|---|
| ЈП„Нискоградба“ | 358.183,00 | Санација игралиште ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти |
| „Атриум“ Доо Вевчани | 1.594.118,00 | Изградба на трибина и оградување на фудбалско игралиште во с.Лескоец |
| „Дион Градител“Дооел Охрид | 517.824,00 | Изградба на детско игралиште ОУ„Св.Климент Охридски“ |
| ЈП„Градски гробишта“ | 115.878,00 | Изградба на пристапна патека во ЈП„Билјанини Извори“ |
| ЈП„Градски гробишта“ | 261.016,00 | Армирачки работи на фудбалско игралиште во с.Лескоец |

| | | |
|---|---|---|
| „Атриум“ Доо Вевчани | 522.738,00 | Изградба на трибина и оградување на фудбалското игралиште во с.лескоец |
| ЈП „Нискоградба“ | 140.245,00 | Градежни работи детско игралиште Лескајца |

**КОНТО 482930 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ**
*Средства во висина од* ***296.805,00*** *и тоа:*

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „Градски Пазар“ | 296.805,00 | Реконструкција на ограда ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид |

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користењер на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ – Охрид Бр. 07-785/20 од 29.10.2014 год и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти Бр.07-4189/41 од 30.12.2014 год..по основ на покривање трошоци за користење спортски терени, а со цел омасовување и олеснување на натпреварувачките активности на спортските екипи,здруженија и др. , на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид, се исплатени средства во висина од **5.800.000,00** за следните корисници:

**КОНТО 425130 ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР**

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013“АД | 986.000,00 |
| РК „Лихнид“ Охрид | 210,000,00 |
| КК„Колибри“ | 118,800,00 |
| Кик бокс Голден тим | 39.,600,00 |
| Општински фудбалски Сојуз Охрид | 84.000,00 |
| ЖФК „Билјанини Извори“ | 153.600,00 |
| ФК „Академија Пандев“ | 90.000,00 |
| ФК „Евро фудбал 2“ | 114.800,00 |
| ФК „ОСК фер плеј“ | 114.400,00 |
| ФК „Охрид Топ Тим“ | 112.200,00 |
| ГФК„Охрид Лихнидос“ | 319.500,00 |
| КК „АВ“ | 499.200,00 |
| ДООЕЛ „Делфина 2012“ школа за пливање | 50.000,00 |
| Црвен Крст Охрид | 298.800,00 |
| По Заклучок Бр.08-10090/1 за Live Band – Tne Prodigy | 364.000,00 |
| ТК „Давид“ | 39.600,00 |
| Користење на терени во 2015 фактурирани во | 219.200,00 |

| | |
|---|---|
| 2016 | |
| Паралелки Спортска Академија | 1.986.300,00 |

**Позначајни настани и активности во текот на 2016 год.**

*Февруари* Шампионот обединува – насмевка животот е едукација, Игор Иџе Стефаноски.

*Март* Турнир во мал фудбал – Основни училишта

Вообичаено во периодот Јануари-Март во повеќето спортови се припремните активности за претстојните првенствени натпревари па поради тоа во извештајниот период се бележат настани и активности со намален интензитет.

*Април* Мал фудбал средни училишта

Спорт за сите сите за спорт,фудбал,аеробик,алпинистички велосипедски вештини,тековно ,спортски активности на планина,алпинизам.

Живеј здраво живеј безбедно-спортски игри основни училишта,

Четвортфинални натпревари во Куп на Македонија во Ракомет,

Отпочнаа градежните работи на фудбалското игралиште во с. Лескоец,

Свечено пуштено во употреба повеќенаменското игралиште во с. Трпејца,

*Мај* Ракометен куп на Македонија,

Детска фудбалска лига Југо – западен регион

Меѓународен кошаркарски турнир за јуниори АВ Охрид 2016,

Сениорско првенство во Атлетика на Република Македонија,

Олимписки ден во ОУ „Христо Узунов“

*Јуни* Пуштена во употреба реновираната училишна спортска сала во с.Косел

Традиционален турнир во фудбал Лескоец 2016 ,

Камп на Ракометната Академија „Металург“

Ракометен камп Кире Лазаров

Фудбалски турнир за млади категории „Трофеј 2016“ во организација на Фудбалската школа „Охрид ТОП ТИМ“,

Летен спортско училишен камп-најдобри ученици спортисти.

На 17 Јуни почина Леко Радиќ.

На 20 Јуни почина Влатко Димитров.

*Јули* Летен камп Охрид 2016 – Спорт за сите – сите за спорт спортски училишен Камп,

Припреми на клубови во разни спортови .

*Август* Илинденска регата;

Мал пливачки маратон Горица –Охрид;

Настап на Нина Балабан на 31 ОЛИ Рио 2016 ;

Традиционален турнир во мал фудбал Велгошти 2016 ;

30 Охридски пливачки маратон

Хуманитарен ватерполо натпревар ;

40 години ОФС Охрид ;

Отворена првата фитнес зона .

*Септември* Пензионерите од Охрид и Дебрца први на Републичките спортски игри;

30 Меѓународен атлетски маратон;

Пуштени во употреба тениските терени и повеќенаменското игралиште;

Меѓународна регата во кајак и кану на мирни води .

*Октомври* Настап на Теквондо клубот ХВА РАНГ ИТФ Лескоец на турнирите во Р. БИХ и Р.САловенија;

Лино Червар во Охрид со потенцијалните ракометари од Супер лигата кои .
Конкурираат за сениорската репрезентација на македонија ;
Доминација на јуниорките од стрелачкиот клуб „Охрид “ на третиот куп со воздушно оружје-меѓународна програма Битола ;
Промоција на монографијата 40години од формирањето на ОФС Охрид и ЗФС Од Димче Стојкоски .

*Ноември* Селективен камп за играчи од генерацијата 1996/97 – фудбал ,Благоја Милески и стручниот штаб;
Државно првенство во стрелаштво за ученици од основните и средните Училишта;

*Декември* Настап на ХВА РАНГ ИТФ Лескоец на турирот во Р. Бугарија

**Млади и НВО**

Со градење на меѓусебен партнерски однос, а со цел зајакнување на основните услови за побрз и поефикасен развој на граѓанскиот сектор, Општината Охрид постојано се залага за зголемување и подобрување на општите услови за негов побрз и поефикасен развој.

Во функција на што поквалитетен одговор на поставените задачи благовремено и во предвидените рокови беа реализирани повеќе проекти од областа на младите и НВО:

- Во соработка со основните училишта, Одделението за култура, Здружението за грижи и воспитување на деца се одбележа празникот Бадник со најмасовна поворка „Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање “ ;
- Во соработка со средните училишта беше успешно организирана „Матурска парада“ ;
- Со голем хепенинг на градскиот плоштад каде зедоа учество ученици од основните училишта се одбележа 2-ри Мај –Меѓународодниот ден на лицата со аутизам ;
- Во соработка со студентскиот парламент при Универзитетот за информатичка технологија се одбележа 25-Мај – денот на културната разнолокост .

И во 2016 година Општина Охрид ја продолжи успешната повеќегодишна соработка со ОО Црвен Крст- Охрид, Здужението на глуви и наглуви лица, Здужението на слепи, Здружението на инвалиди, Здужението на жени „Бисера“. Продолжи меѓусебната соработка со сите здруженија од областа на културата, спортот, културно - уметничките друштва „Филиграни“, „Илинден“ с.Велгошти, „Ѓердан“, „Отекс“, „Охриѓанка“ ,Здружение на пензионери-Клуб на пензионери Охрид, Здружение од областа на коњичкиот спорт „Велгошка Гордост“, Здружение на граѓани ФК „ОСК Фер Плеј“ Охрид, Здружение на акцијаши „Брег на младоста“-Охрид, Женски центар „Бисера“- Охрид, Извиднички одред „Пионер“ - Охрид.

Општина Охрид ја негува соработката со најмасовната младинска организација Младински совет – Охрид со реализација на низа успешни проекти и активности за младите луѓе во Општина Охрид .

Во рамките на можностите, логистички и финансиски беа поддржани барања на активните невладини организации, кои што реализираа одредени конкретни проекти. Поддржани беа и талентирани поединци кои го претставуваа Охрид на разни државни и меѓународни манифестации.

На невладиниот сектор во рамките на можностите му беше овозможена секаква логистичка помош околу нивните активности, а воедно беа посетени семинари и обуки во нивна организација.

**Број 08-3415/12-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/13**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/13**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА за периодот 01.01. - 31.12.2016 година**

***Образование и детска заштита***

**Во дејностите опфатени во овој Сектор, во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование и Законот за средно образование, се подготвени и доставени до МОН следните барања:**

-Барање за добивање согласност за вработување на лица по основ старо финансирање;

- Барање за добивање согласност за вработување на лица по основ ново финансирање;

-Барање за добивање мислење за формирање паралелки со помал број од законски дозволениот минимум;

-За прв пат оваа година од училиштата до МОН беа доставени на одобрување и Годишните планови за вработување за 2017 год.

Во Одделението за образование, тековно,според доставени барања од училиштата и детската градинка се изготвуваат и доставуваат согласности за отпочнување постапки за јавни набавки,согласности за исплаќање средства од општинската сметка ,согласности за издавање под закуп на објекти кои се во нивна сопственост .

Во периодот 01.01.2016 година - 31.12.2016 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободено работно место по различен основ: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Во Одделението за образование се врши контрола на месечните пресметки на платите за вработените во училиштата и детската градинка, исплата на надоместоците по основ пензионирање и солидарна помош, а во соработка со Одделението за јавни набавки и Одделението за буџет, учествува во спроведувањето на постапките за организирање превоз на учениците, набавка на нафта, дрва за греење и други набавки на стоки и услуги, според годишниот план за Јавни набавки.

До Одделението за буџет, навремено, согласно законските рокови, се доставуваат обработени и исконтролирани, кварталните финансиски извештаи од училиштата и детската градинка. Од почетокот на 2016 година, од училиштата до Одделението за буџет се доставуваат и квартални извештаи за побарувања и обврски.

До Одделението за поддршка на Советот, навремено, согласно законските рокови ,се доставуваат обработени и исконтролирани од страна на Одделението за образование, Годишните програми и извештаи од училиштата и детската градинка.

Во периодот 01.01-31.12.2016 година завршени се постапките за легализација на СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ и ОСУ „Св.Климент Охридски“.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во периодот 01.01.-31.12.2016 година во училиштата и детската градинка се реализирани следните активности и проекти:**

- **Проект за меѓуетничка интеграција во образованието:** Целта на овој проект кој се реализира во соработка со УСАИД во рамки на Компонентата 2 за градење на капацитети, е да овозможи континуиран развој на активностите за меѓуетничко интегрирање во средината, каде што клучните учесници во образованието активно учествуваат и се организираат различни работилници за професионален развој, активности за учење организирани на ниво на училиште и последователна менторска програма. Со проектот се опфатени наставниците, раководствата на училиштата, членовите на училишниот одбор, родителите и одговорните за образование на општините со цел да стекнат вештини потребни за успешно интегрирање во нивните училишта, за пофокусирано заедничко работење со општината насочено кон јакнење на МИО преку интензивна соработка со основните и средните училишта во Охрид.Покрај реализираните работилници и другите активности, во 2016 година се продолжи со развивање на продлабочена соработка на општината со училиштата за унапредување на МИО на училишно ниво и на ниво на општина.

Во рамки на проектот за време на тримесечниот период започнати се припремни активности за реализација на завршниот настан од реализација на проектот за меѓуетничка интеграција, во рамки на Компонентата за јакнење на капацитетите.Припремните активности се реализираа заедно со онсновните, средните училишта.Завршната активност договорено е да се реализира во спортската сала во ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти.

- **„Вештини за адолесценција“** - во соработка со Министерство за образование и наука се реализира програма за адолесценти, а воедно и за наставници, професори, училишни стручни тимови и родители со цел, од една страна да се подигне нивото на знаења за превенцијата од насилство, меѓуврснички конфликти, злоупотреба на алкохол, дроги и психотропни супстанци

и слично, а од друга страна да ја развие социјално-емоционалната интелигенција. Во реализацијата на проектот се вклучени основните училишта од Општина Охрид.
Во месец септември едукаторите од основните училишта присуствуваа на завршен состанок за согледување на придобивките од спроведување на програмата „Вештини за адолесценција“, утврдување на динамиката за реализација на планираните идни активности. На состанокот беше присутен и Министерот за образование и наука на РМ.
**- Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.
- **Проект „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“** Целта на проектот е да придонесе за зајакнување на сеопфатен и интегриран систем за доживотно учење со фокус на стручното образование и обука и образование на возрасни, преку воспоставување на динамичка корелација меѓу образованието и промените како во општествентата сфера,така и на пазарот на труд. Посебен акцент се става на реформите на наставните планови и програми за две и тригодишно стручно образование и обука во тесна соработка со сите релевантни партнери, особено со приватниот сектор и социјалните партнери. Во реализација на овој проект се вклучени и општините, министерството за образование и наука. Партнери во спроведувањето се Британскиот Совет во соработка со ДВВ интернешнел и Центарот за доживотно учење.
**- „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.
**- „Реонскиот полицаец Ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.
- **„Ден без автомобили“** – Одделението за образовани зеде активно учество во анимирање на најмладите од основните и средните училишта за учество на Денот без автомобили – целта е заштита на животната средина и промоција на алтернативни форми на превоз.
- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.
**- „Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема

толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.
Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

***Одделението за образование во соработка со Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот, основните и средните училишта и ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ во периодот 01.01.-31.12.2016 година ги реализираа следниве активности:***

**- Сообраќајно безбедносни елечиња** – Одделението за образование во соработка со Општинскиот Совет за безбедност во сообраќајот и лајонс клубот „Лихнидос“ од Охрид, доделија сообраќајно безбедносни елечиња на сите првоодделенчиња од основните училишта во Општина Охрид.

***Активностите од областа на образованието и детската заштита се финансирани: од буџетот на РМ (односно Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјала), од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и градинката и од донации.***

***Во изминатиот тримесечен период реализирани се следните активности по училишта:***

**Основни училишта:**

**ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.Лескоец**

- Изработка на одливно корито и санација на олуци - 10.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Доплата за изработен армстронг таван во библиотека 10.000,00 ден. (општински с-ва)
- Поставување на нова инсталација за парно во библиотека - 18.600,00 ден. (општински с-ва)
- Доплата за поставени винфлекс плочки во училницата за прво одделение -20.000,00 денари (општински с-ва)
- Уредување на просторија – библиотека: глетовање на ѕидови, мебел клупи и полици за книги, тавански лустери – 112.356 ден. (донација)

**ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ с.Велгошти –**извршени се следниве активности:

-Тач табла -50.300,00 ден. (донација)
-Матерјали за реконстукција на скали -129.300,00 ден. (донација)
- Реконструкција на скали 40.000,00 ден. (општински и сопствени с-ва)
- Набавка на орман за кабинет по биологија 24.500,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“**

- Реконструкција на кров на 2 згради - инвестиција од Министерство за образование и наука - 7.800.000,00 ден. (МОН)
- Промена на ламинат во една училница - 30.000,00 ден.(општински с-ва)
-Промена на искршени стакла во 2 згради -15.000,00 ден.(општински с-ва)

**ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“**

- Набавка на материјали за санација на ѕидови - 29.895,00 ден. (општински с-ва)
- Набавка на компјутер и компјутерска опрема - 17.900,00 ден. (сопствени с-ва)
- Набавка на работно биро – 2.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Монтирање на ламинат – 8.000,00 ден. (донација)

- Поставување на линолеум под – 85.000,00 ден. (донација)
- Подни плочки во ходник и трпезарија – 30.000,00 ден. (донација)
- Нагледни средства за настава – 2.500,00 ден. (сопствени с-ва)
- Набавка на осигурачи и неонки – 3.000,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ с.Пештани**

- Набавка на материјали за санација на ѕидови – 27.393,00 ден. (општински с-ва)

**ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“**

- Набавка на материјали за варосување на двете училишни згради - 29.894,00 ден. (општински с-ва)

**ОУ „Кочо Рацин“**

Со општински средства се реализирани следните активности:

- Варосување – 9.013,00 ден.
- Одржување на водоводна инсталација – 9.497,00 ден.
- Набавка на карти по историја и географија за развој на наставниот план и програма – 20.520,00 ден.

**ОУ „Св.Климент Охридски“**

- Варосување на објектот во Даљан – 30.000,00 ден.

**ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“**

- Молерисување – 30.000,00 ден. (општински с-ва)
- Од сопствени с-ва:

| | |
|---|---|
| - средства за молерисување | 31.950,00 ден. |
| - подиум за клавири | 29.000,00 ден. |
| - тапацирање | 25.000,00 ден. |
| - реновирање на врата во сала | 23.424,00 ден. |
| - завеси | 18.040,00 ден. |
| - терисони | 20.680,00 ден. |

**Средни училишта:**

**СОСУ „Св.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

- Тековно одржување (санирање ѕидови и молерисување) – 30.000,00 ден.

**ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“**

- Направена платформа и собна врата - 29.000,00 ден. (сопствени с-ва)
- Обезбедени материјали за реконструкција на машките тоалети – плочки, санитарија, ПВЦ врати – (донација)
- Материјални средства и работна рака за дел од фасадата на училиштето (донација)
- молерофарбарски услуги - 27.486,00 ден. (сопствени с-ва)

**ОСУ „Св.Климент Охридски“**

- Поправки на инвентар – 29.830,00 ден.

***Во период од 01.01.-31.12.2016 година во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ реализирани се следните активности:***

Од општинската с-ва во износ од **30.000,00 ден.** извршена е:

Санација на оштетени ѕидови и тавани во објектот „Централна“

- Отстранување на оштетен материјал;
- Малтерисување со продолжен малтер;
- Премаз со хидромал флекс;
- Глетовање до финална изработка;

Од сопстени средства во износ од **431.658,00 ден**. за објект „Централна“:

- Комплет промена на водоводната мрежа во цел објект;
- Промена на канализационата мрежа во детските тоалети;
- Вентилационен систем во детските јазли;
- Поправка на вентилација во кујна;
- Поставување на подни плочки на 160м2;
- Поставување на ламинат во холот од 80м2;
- Поставување преграден ѕид во кујна;
- Поставување преграден ѕид и врата за канцеларија за прием на деца;
- Набавка на 6 детски вц шољи;
- Монтажа на 24 нови чешми и друга санитарија во детските тоалети;
- Поставување на електрична мрежа за бојлери во детските тоалети.

Од Донација:

- Андрос **26.700,00** ден.за цевки за водоводна мрежа;
- Мирка Милеска **4.500,00** за две казанчиња;
- Риа Комерц **4.500,00** за две казанчиња;
- Јованоски Влатко **2.500,00** за едно казанче;
- Донација во вредност од **100 евра** за руралните групи фо форма на играчки, телевизори, дивиди плеери, косалица за трева.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА во периодот 01.01.-31.12.2016 год. (според книговодствената евиденција)**

***Програм Н1-основно образование / 27.837.142,00 ден***

- 1.052.778,00 денари се исплатени за електрична енергија (за ОУ„Григор Прличев“)
- 173.210,00 денари се исплатени за огревно дрво (за подрачните училишта);
- 16.412.000,00 денари се исплатени за нафта,
- 53.395,00 денари се исплатени за ѓубретарина
- 4.520.200,00 ден. се исплатени за превоз на ученици ;
- 420.294,00 ден. се исплатени за систематски и санитарни прегледи на вработените;
- 151.798,00 ден. се потрошени за објавување огласи;
- 126.921,00 ден за оперативни расходи
- 82.200,00 ден. се исплатени за извршени ДДД
- 258.593,00 ден. се исплатени за осигурување на објектите ;
- 1.764.865,00ден. се исплатени за обврски по основ договор на дело за ангажирани наставници во продолжен престој и како долг од претходни години( за договорни услуги)
- 495.000,00ден.се исплатени за трансфери при пензионирање и солидарна помош;
- 367.484,00 ден.се исплатени за поправки и тековно одржување на објектите,опрема и мебел;
- 1.958.404,00 денари се исплатени по основ стари долгови за извршени реконструкции на училишни објекти.

***Програм Н2-средно образование 6.394.956,00 ден***

- 137.470,00 денари се исплатени за набавка на чадори и маици матурската парада;
- 100.000,00 денари се исплатени за договорни услуги за ангажирани лица во училиштата: хигиеничари, наставници по физичко воспитување како долг од претходните години);
- 57.486,00 денари за поправки и тековно одржување ;
- 6.100.00,00ден. се исплатени за градежни зафати (долг од изминатите години)

***Програм В1- детска заштита / 3.009.904,00 ден.***

- 2.950.057,00ден. се потрошени за плати на ангажираните лица во градинката преку агенција за посредување при вработување;
- 59.847,00 денари се потрошени за ситни реконструкции .

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИИ ИСКАЖАНИ ПО ПРОГРАМИ , СПОРЕД НАМЕНАТА :**

***Н1/ основно образование* 205.554.079,00 ден**

***Од вкупните средства на блок дотација за основно образование исплатено е како што следува***:

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 199.265.789,00 ден.
- 5.152.638,00 денари се распределени за комунални услуги (греење,електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 741.561,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена и нагледни средства;
- 270.348,00 денари се исплатени за превоз на ученици
- 105.204,00 денари се исплатени за други тековни расходи (објавување огласи,семинари ,обуки и сл. )
- 18.539,00 денари се исплатени за списанија и весници

***Н2/ средно образование:*** *109.159.910,00 ден.*

- 87.240.780,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;
- 12.967.686,00 денари се исплатени за превоз на ученици;
- 7.120.160,00 денари се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 881.608,00 денари се исплатени за поправки, ситен инвентар, канцелариски материјали,средства за хигиена и нагледни средства;
- 279.000,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош ;
- 57.145,00 ден.се исплатени за одржување на софтвер и хардвер и др.опрема;
- 90.580,00 ден се исплатени по основ осигурување на недвижности и права;
- 52.402,00 ден се исплатени за др.договорни услуги односно за пракса во медицинските паралелки;
- 167.569,00 ден се исплатени за др.договорни услуги односно за семинари и конференции;
- 117.200,00 ден. се исплатени за систематски и санитарни прегледи на вработените;
- 49.132,00 ден. се исплатени за услуги за копирање и печатење.

- 98.351,00 ден. за други услуги (консултантски,вонучилишни образовни услуги и сл.);
- 38.297,00 ден. за објавување огласи .

***В1/ Детска заштита:** 31.659.718,00 ден.*

- 29.270.369,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените ;
- 191.814,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош;
- 2.197.535,00 денари се исплатени за течни горива;

***Извештај за реализирани активности од областа на социјалната заштита***

Во периодот 01.01.-31.12.2016 година се реализираа следните тековни активности од областа на социјалната заштита:

1. ***Подршка за поголема опфатеност на деца во дневен центар*** за лица со интелектуална попреченост.Програмата е финансирана од Австралиска амбасада со имплементација од страна на Општина Охрид во соработка. Во проектот се ангажираа две лица кои подолго време волонтерски работат во центарот. Главна цел на проектот е поголема опфатност на деца, социализација, поголема грижа и едукација како и чувство на поголема љубов и грижа за лицата со интелектуална попреченост од страна на општеството. И по завршувањето на Проектот финансиран оа Австалиска амбасада,Дневниот Центар продолжи да функционира со поддршка од Општина Охрид.
2. ***Организирање доброволна крводарителска акција***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст секоја година традиционално организира крводарителска акција на плоштадот во Охрид.
3. ***Организирање на хуманитерна акција за помош на млади и други лица од социјално загрозени семејства –Донирај***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст успешно секоја година организира хуманитарна акција за помош на лица кои навистина имаат потреба и спаѓаат во категоријата на граѓани од социјално загрозени семејства.
4. ***Субвенционирање трошоци за комунални услуги.***Субвенционирани беа трошоци на социјално ранливи групи (невработени,приматели на постојана парична помош ,користење на социјална помош и инвалидизирани лица со најмалку 70 % инвалидитет).Оваа категорија на граѓани доби намалување на сметките од Јавните претпријатија на општината, во вкупен износ од 600 денари месечно.
5. ***Проект “Се грижиме за топол дом“.***Во соработка со Центар за социјални грижи континуирано се води овој Проект.Се работи за донации од семејства (мебел,бела техника и слично) на други семејства од социјално ранливи групи.Општина Охрид во овој Проект е вклучен во логистичка поддршка,обезбедување и финансиско покривање на превозни средство за транспорт на донациите.
6. Општина Охрид доделува ***еднократна парична помош*** на лица и семејства кои се социјално загрозени како и еднократна парична помош за секое прво и второ новородено дете, со поддршка кон заложбите на Владата на РМ во насока на зголемување на наталитетот.
7. Имплементација на програмата **Општинско – корисно работа**, Програма Општинско корисна работа со наслов на проектот –растеме и оствaруваме соништа за среќно детство.Основна цел на проектот е инклузија на деца од предшколска возраст кои се со интелектуална попреченост , пречки во говорот и инклузија на талентирани деца во насока на пружање на соодветна стручна помош од страна на стручен тим на воспитно

згрижувачките тимови кои работат во установата. Со проектот работно се ангажираа пет лица ( психолог, дефектолог, професор по физичко и 2 професори по англиски јазик).Со проектот ќе се спроведе социјално едукативен процес, задоволување на потребите на родителите и децата од предшколска возраст и работно ангажирање на долгорочно невработени лица. Мислам дека е доволно, на мејлот на образование рекоа да се прати.

8. Започнување со имплентација на проектни активности за отворање на ***Дневен центар за деца со аутизам***, со финасиска подршка од Министерство за труд и социјална политика и општина Охрид.

**Изработиле:**

Лиле Маркоска, советник за образование
Флорентина Стерјовска, соработник за образование

Кети Росиќ, соработник за социјална заштита
Наташа Смилеска, соработник за невладини организации

**Број 08-3415/13-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА 2016 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ**
ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година

**ИЗВЕШТАЈ**
ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КУЛТУРА
за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година

Работните активности на Одделението за култура се реализираат согласно програмските документи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид.

Во наведениот период, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, хронолошки, беа успешно организирани и реализирани следните позначајни културни манифестации, планирани во Програмата за работата на Одделението и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани , беше реализирана верската манифестација **„ Бадникова литија“.**
- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**
- За првпат оваа година, целосна организација од страна на Локалната самоуправа на најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **„Богојавление – Водици“**
- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, Градската библиотека „ Григор Прличев “ и ОУ „ Григор Прличев“ успешно беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Посебно треба да се нагласи присуството и беседата на проф. д-р Георги Сталев Попоски , најзначајниот и најдоследниот проучувач на литературното творештво на Григор Прличев.Научниот работник кој единствен успеа да ја препее во стих епохалната поема „ Сердарот“.
- Во соработка со Историски архив – Охрид и членовите од историските секции при основните училишта одбележана е **годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков.**

- Логистичка поддршка на Здружението на жени „ Бисера“ за одбележувањето на **8-ми Март – Денот на жената.**
- Во соработка со ОО на Црвениот крст –Охрид, и ЈЗУ Општа болница – Охрид и Занаетчиската комора, а по повод **2-ри Април – Меѓународниот ден на лицата со аутизам**, на градскиот плоштад беше одржан хепенинг со учество на најмладите од градинката „Јасна Ристеска“, учениците од основните училишта и повеќемина познати охридски естрадни уметници.
- Во соработка со Општина Другово, ОУ „Христо Узунов“, Здружението на граѓани „ Христо Узунов“, Македонската православна црква и НУ Завод и музеј –Охрид достојно беше одбележана **годишнината од херојската погибија на војводата Христо Узунов.**
- Во соработка со УИНТ „Св. Апостол Павле“ – Охрид, за првпат оваа година, се одржа меѓународна културна манифестација по повод **21-ви Мај –Ден на интернационалната културна разноликост**.
- Со изложба на фотографии во галеријата при НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ , под покровителство на амбасадорот на Република Унгарија во Република Македонија, се одбележа **9-ти Мај – Денот на победата над фашизмот – Денот на Европа.**
- Во соработка со основните и средните училишта свечено беше одбележан, со пригодна културно – уметничка програма и награди за најдобрите ученици, **24-ти Мај – Денот на сесловенските просветители.**
- Со логистичка поддршка од Општина Охрид, се одржа првото издание на **Интернационалниот фестивал на ангажиран филм „ Охрид филм фест“.**
- Во соработка со Министерството за култура, НУ Центарот за култура „ Григор Прличев“ и амбасадата на Република Франција во Република Македонија се одржа годинешното издание на **Францускиот филмски фестивал.**
- Во организација на Општина Охрид, а во соработка со ОО Црвен крст, Нуркачкиот центар „ Амфора“, едриличарските и кајакрските клубови, најмладите од детската градинка „ Јасна Ристеска“ и гости од Општина Поградец беше свечено одбележан **21-ви Јуни – Денот на Охридското Езеро.**
- Во соработка со Здружението за промоција на културно – уметничките вредности „ Тактус“ беше реализиран музички концерт на норвешкото Здружение на музичари **„Пријателство преку музика“.**
- Во соработка со Здружение за културни вредности „Моделс“ и Амбасадата на Република Словенија во Република Македонија беше одржан фолклорниот фестивал **„Словенија во Македонија“.**
- Во соработка со Здружението на граѓани „ТЕМОВ ФШТ“, под покровителство на Општина Охрид се одржа третото издание на **Меѓународниот фестивал на улична уметност -„Баскерфест”.**

Со тридневни жонглерски, музички, театарски настапи, пантомима и други атрактивни перформанси, охриѓани и оваа година ги почувствуваа позитивните вибрации кои ги шири фестивалот под отворено небо.

- Со поддршка на Општина Охрид, а под покровителство на Претседателот на Собранието на Република Македонија, Трајко Велјаноски, се одржа 55-тото јубилејно издание на најстарата музичко – сценска фолклорна манифестација **„Балкански фестивал на народни песни и игри.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Поетска ноќ во Велестово“ се одржа дваесет и осмото издание на културната манифестација **„Поетска ноќ во Велестово“.** Оваа манифестација годинава воведе нови содржини како што е претставување на една светска национална поезија, а беше промоворана и антологија на ирската поезија во која беа претставени единаесет поети.
- Со поддршка на Општина Охрид започна и **56-тото издание на фестивалот Охридско лето.** Во рамките на програмата на годинешното фестивалско издание беа застапени преку 50 музички настани, девет театарски претстави, пет изложби и осум филмови од богатата кинематографска ризница на најстарата продуценска куќа во нашата држава „Вардар филм“. На фестивалот се одржаа низа екслузивни музички настани, како што се: концертите на виолинистите Максим Венгеров, Вадим Репин, Роман Симовиќ, пијанистите Фазил Сеј, Ана Винитскаја и концертот на легендарниот џез музичар Артуро Сандовал.
- Под покровителство на Општина Охрид по петти пат се одржа манифестацијата **„ На зајдисонце во Трпејца“,** во организација на Здружението „За Трпејца со љубов“.
- Оваа година илјадници гости од земјава и странство беа сведоци на спектакуларните настани во рамките на првото издание на **„Ohrid calling“** во организација на Општина Охрид и Авалон Продукција.

  -На 1-ви август на стадионот „Билјанини Извори“ пред илјадитата публика настапи најпознатиот **Д-ј Ники Ромеро**.

  - На 13-ти август на сцената на Античкиот театар настапи најпознатиот виртоузот на гитара **Ал Ди Меола**.

  - На 14-ти август на стадионот „Билјанини Извори“ настапи светски познатата музичка група **– Продиџи ( „The Prodigy“)**
- Општина Охрид и оваа година беше домаќин на второто издание на фестивалот **Алтернативно лето Охрид 2**, кој е во организација на Центарот за интегриран развој . Во рамките на фестивалот, на скејт паркот се одржа скејт и БМХ натпревар каде учествуваа повеќе од 50 натпреварувачи од Македонија и регионот. Во однос на музичкиот дел настапија познати имиња од алтернативна музичка сцена од Македонија и регионот: Локален демо бенд, dj Jans( Србија), ДЈ Гоце (Скопје), Band contact, The Authot, Hard face, Last Hope ( Софија), Zvezde Grajma и други. Целта на настанот е промоција на урбаната култура, алтернативната музика и екстремниот спорт.
- Со пригодна културно – уметничка програма и полагање свежо цвеќе пред спомен - обележјето во градскиот парк беше одбележан **2-ри Август – Денот на Републиката.**
- Со поддршка на Општина Охрид на градскиот плоштад „Свети Климент Охридски“ беше одржан едночасовен **концерт на Военият оркестар на Генералштабот на АРМ.**
- Општина Охрид на достоен начин со дводневни чествувања го одбележа **Јубилејот – 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски.** Во рамките на свеченоста чии носители беа Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорѓе Иванов, Општина Охрид, МАНУ и Универзитетот „Свети Климент Охридски“, на 08.08.2016 година се одржа молебен и полагање на свежо цвеќе на гробот на Свети Климент.

- На 09.08.2016 година во црквата Света Софија, се одржа изложба **„Портретите на Св. Климент охридски во ликовната уметност на Македонија и на соседните земји“, Концерт на Симфонскиот оркестар на Македонската филхармонија, со солистите Ана и Игор Дурловски.**

- Во организација на Општина Охрид и ОО на Црвениот крст – Охрид, на градскиот плоштад „Свети Климент Охридски“ се одржа **хуманитарен концерт за помош на поплавените подрачја во скопскиот регион.** На концертот учествуваа познати имиња од македонската музичка сцена : Елена Велеска, Група Чардак, Наум Петрески, Зуица Лазова, Ѓоко Танески, Петар Нечоски, Татјана Стефаноска, Милован Секулоски , Екстра бенд и Боби Мојсоски.
- Со пригодна свечена програма и полагање цвеќе пред спомен -обележјето на Живко Чинго во Велгошти се одбележа **81-годишнината од раѓањето на Живко Чинго.**
- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Охридски хор“ и оваа година успешно беше реализиран **9-тиот по ред Меѓународен хорски фестивал.**
- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението „ Охрид фест“ на летната сцена Долни Сарај, се одржа 23-тото издание на **Интернационалниот музички фестивал Охридски трубадурии 2016.**
- Во организација на Општина Охрид и ОО на Сојуз на борци на Охрид и Дебарца, основните училишта и најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ со хепенинг и пораки за мир беше одбележан **21-ви Септември – Меѓународниот ден на мирот.**
- Во организација на НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ а со поддршка на Општина Охрид се одржаа **28-мите по ред Охридски староградски средби.**
- Во организација на Општина Охрид, а во со основните и средните училишта и НУ Завод и музеј –Охрид се одбележа **годишнината од смртта на Цар Самоил.**
- На достоен начин со пригодна свеченост, во големата сала на Општина Охрид беше одбележан **11 Октомври – Денот на народното востание.**
- По повод **23 Октомври –Денот на македонската револуционерна борба,** Општина Охрид со свечена академија беше одбележан овој значаен датум во македонската историја.
- Со низа активности и свечена културно – уметничка програма Општина Охрид достојно го одбележа **7-ми Ноември – Денот на ослободувањето на Охрид.**
- Со импозантна Свечена академија во НУ Центар за култура „ Григор Прличев беше **одбележан Јубилејот 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски**
- Во соработка со основните и средните училишта, балетските студија , културно – уметничките друштва о други познати музички имиња, Општина Охрид на градскиот плоштад по повод Нова Година, организираше **тринаесетдневна културно – уметничка програма.**

  Општина Охрид со спектакуларен огномет и настап на познати музички имиња од македонската естрада го одбележа **и дочекот на Новата 2017 година.**

**Финансиски дел од извештајот**
За реализација на програмските содржини, на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2016 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **2.473 787,оо денари.**
Од овие средства :

- **546. 382 , оо** денари се исплатени финансиски средства за реализација на дел од организираните програмски содржини по повод Нова Година;
- **500. 000,оо** денари се исплатени за програмските содржини по повод **Богојавление – Водици.**
- **40.000, оо** денари за организацијата на верската манифестација „ **Бадникова литија“;**
- **30.000,оо** денари за организацијата на годинешното издание на музичкиот фестивал **„ Распеано Рибарче 2016 “**
- **70.000,оо** денари за Охридски хорски фестивал;
- **282.000,о**о денари за фестивалот **Охридско лето;**
- **90.000,оо** денари **за Меѓународниот уличен фестивал „ Баскерфест2016“**
- **46.414,оо** денари за културната манифестација **„ Вечер на Живко Чинго“**
- **30.000,оо** денари за фестивалот **„Охрид фест -Охридски трубадурии“**
- **610.855,оо за Јубилејот: 1100 години од упокојувањето на Свети Климент Охридски;**
- **132 337, оо** за Трансфери кон здруженија на граѓани и фондации ;
- **95. 799,оо** денари за користење на озвучување за реализација на културните манифестации кои беа во организација на Општина Охрид;
- Преостанатите незначителни финансиски средства од вкупниот износ се потрошени на контата: 426990- други оперативни расходи и 425190-друга опрема.

Од буџетот на Општина Охрид за 2016 година, согласно Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јаве интерес и согласно Одлуката на Комисија која одлучуваше за распределбата на предвидените средства, во текот на оваа година ќе бидат поддржани 27 проекти од обласа на културата во износ од 760.000,оо денари. На крајот од овој Извештај, ја апострофираме максималната и конструктивна соработка со Комисијата за празници и манифестации во делот на реализацијата на програмските содржини предвидени во Програмата за одбележување празници и манифестации.
**Изготвиле :**
**Весна Јованоска**
**Митре Велјаноски**

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
## за период од 01.01.2016 до 31.12.2016 година

### Одделение за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови

Во периодот од 01.01.2106г. до 31.12.2016г. беа реализирани следниве проекти од областа на меѓународна соработка.

- Заменик градоначалникот Ангел Јанев, советникот Климе Шешоски и директорката на ЈОУДГ „ Јасна Ристеска`` Роза Крстеска на 1 ви Февруари присуствуваа на одбележувањето на Денот на Нови Сад. Во Рамките на оваа

посета Во рамките на оваа посета Охридската делегација оствари посебни средби со туроператори од Нови Сад на кои се разговарало за привлекување на туристи од ова подрачје и со преставници од детски градинки на кои беа договорени заеднички проекти.

- Делегација од општина Охрид предводена од Претседателот на советот на град Охрид, Гордана Коњаноска како и секретарот на општината , Димитар Спасески и Горан Мицкоски од Секторот за туризам и локален економски развој престојуваа во работна посета на градот Визмар, Германија.за време на овој престој основна тема на дискусија за време на оваа посета беше разгледување на можностите за туристичка соработка помеѓу градовите Охрид, Струга и Поградец преку реализација на проекти кои би овозможиле збогатување на туристичката понуда на градовите околу Охридското Езер со поддршка на германската влада.
- На 10.02. Британскиот амбасадор во нашата земја Чарлс Гарет оствари средба со градоначалникот Никола Бакрачески, на која што средба градоначалникот Бакрачески го запозна амбасадорот со полановите за развојот на Охрид и перспективите кои ги нуди нашиот град како и дека отворената авиолинија Охрид-Лутон е добра подлога за идните релации меѓу Охрид и Лондон, како и можни бизнис релации кои би се воспоставиле со британски инвеститори.
- Градоначалникот Бакрачески на 10.03. беше домакин на работната средба со Амбасадорот на Чешката Република во нашата земја, Мирослав Ремаш. Градоначалникот Бакрачески на оваа средба беше информиран за посетата на Чешкиот Претседател Милош Земан која се оствари во месец Јуни. Охрид беше домакин на Претседателот Земан придружуван од голема група чешки бизнисмени, кои остварија мини бизнис форум со заинтересирани компании од нашата земја.
- Делегација од Бурса, Република Турција предводена од заменик градоначалникот Абдула Карадачна 24.03. беше во посета на општина Охрид. Турските гости остварија средба со заменик градоначалникот Ангел Јанев, на која беа разгледани можностите за соработка помеѓу Охрид и Бурса. Пред преставниците на локалната власт на Бурса, беа презентирани можностите и условите за поголемо присуство на турските туристи во Охрид.
- На 29.03. Градоначалникот Никола Бакрачески имаше работна средба со амбасадорката на Р.Македонија во Јапонија, Андријана Цветковиќ. На оваа средба се разговараше за неколку нови иницијативи за продлабочување на соработката на Охрид, со неколку градови во Јапонија, како и за потпишување меморандум за соработка меѓу Хидробиолошкиот институт и Природниот музеј од Бива. Исто така се разговараше и за реализација на проектот за ревитализација на колекторскиот систем кој се имплементира со помош на Јапонската агенција за меѓународна соработка.
- На 21 јуни се оддржа седумнаесеттата манифестација „ Денот на Охридското Езеро`` на кејот Македонија, со присуство на делегација од Поградец предводена од градоначалникот Едуард Капри. Домаќинот, градоначалникот Бакрачески по повод овој ден истакна дека 21 јуни е ден кој што е врежан во меморијата на граѓаните од двете страни на езерото и е суштествен елемент на битисувањето на граѓаните кои живеат околу езерото. Градоначалникот Капри го искажа своето задоволство од присуството на манифестацијата и го посочи фактот дека од албанското крајбрежје третманот на отпадните води во цела должина на брегот е опфатен со нова канализациона мрежа, а останува да се

реши проблемот само на едно населено место. Исто така веке неколку години властите во Поградец ја организираат оваа манифестација со која симболично го означуваат почетокот на летната сезона.

- На 13.07.2016 во кабинетот на градоначалникот на Охрид, г. Бакрачески се оствари средба помеѓу Израелскиот Амбасадор Дан Оријан и Градоначалникот на Охрид Никола Бакрачески. На оваа средба беа потврдени пријателските врски на Македонија и Охрид со Израел и искрените напори за взаемна соработка. Амбасадорот Оријан изрази подготвеност за поблиска соработка со фестивалоит,, Охридско лето`` односно учество на наши театри на културни манифестации во Израел. Исто така на средбата стана збор за и за континуирианите напори што ги прават локалната самоуправа и Израелската амбасада, во привлекување на израелски инвеститори за вложувањата во здраствениот туризам во Охрид.
- Амбасадорката на Република Австрија во нашата земја, Ренате Коблер на 12.07. 2016г. беше примена од страна на градоначалниот на Охрид, Никола Бакрачески.На оваа средба Австриската амбасадорка го изрази своето воодушевување од Охрид и вети дека ке работи на негово промовирање пред австриските граѓани. Во таа насока Коблер изрази подготвеност за поблиска соработка со менаџментот на фестивалот,,Охридско Лето`` за настап на австриски уметници на нашата најреномирана музичко сценска манифестација.
- На 25.08 2016г. делегација од општина Чанкаја, Турција, предводена од директорот за надворешни работи, Етхем Торуноглу беше во посета на општина Охрид каде што беше примена од страна на заменик градоначалникот Ангел Јанев. На средбата се разговараше за остварување соработка во повеќе области меѓу кои туризам и потенциални инвестиции на турски компании во Охрид. Во областа на туризмот беше договорена соработка помеѓу двете општини за туристичка промоција на Охрид во Анкара на која би присуствувале повеќе туристички агенции и тур оператори, додека во областа на културата се разговараше за настап на фолклорен ансамбл од Чанкаја на некој од фолклорните фестивали кои се одвиваат во текот на летниот период во Охрид.
- Делегација на општина Охрид, составена од советниците Љупчо Настоски и Кујтим Усејни беше во посета на општина Винковци по повод отворањето на 51 Винковачких Јесени. Во рамките на посетата делегацијата на општина Охрид, оствари средба со градоначалникот на Винковци, Младен Карлич и со министерот за наука, образование, спорт на Хрватска, Предраг Шустар, на која што средба се разговараше за продлабочување на соработката помеѓу двете општини.
- На 15.12.2016 г. Градоначалникот Бакрачески на негово барање, во Париз во седиштето на УНЕСКО оствари средба со директорот на одделот за неследство Micheld Rossler и генералниот директор на УНЕСКО – Ирина Бокова и нејзините соработници. На средбата, директорката Rossler и преставниците на УНЕСКО беа детално запознаени со резултатите од студијата на ЏАЈКА и во делот на оштетување на системот како и во делот на рехабилитација и надградба на истиот, така што преставниците на УНЕСКО активно се вклучија во делот на разгледување на сите аспекти за изнаоѓање на можности и механизми за изнаоѓање на оптимално решение на изложениот приоритет на локалното охридско раководство. На вториот состанок кој се оддржа во седиштето на УНЕСКО, Генералниот директор Бокова, ја изрази нејзината спремност, јасна определба и лично залагање кај одредени моќни меѓународни

финансиски институции со цел решавање на едно од најзначајните прашања за Охрид

**Изготвил:**
**Антигона Наумовска**

**Број 08-3415/14-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. – 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. – 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2016 ДО 31.12.2016**
**ПРОГРАМА ФА Развојна програма за уредување на градежно земјиште**
**за 2016-2018 година**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2016-2018 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на општината

В) Сретства од Министерство за транспорт и врски

Г) Сресва од Министерство за финанс

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани.

**Отварање на пристапни патишта**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Отварање на пристапни патишта | **8,000,000** | **1,400,000.00** | **1,140,000.00** | **200,000.00** | **630,500.00** | **42.13** |

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

| Ред. Бр. | опис | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработени Заклучоци за пресметување на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект-легализација | 3 | 13 | 185 | 253 | 197,896.00<br>13,924,000.00<br>4,298,619.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 3,685,901.00 |
| 2 | Изработени предмети и договри на надоместок за уредување на градежно земјиште | 182 | 198 | 18 | 15 | 4,178,668.00<br>3,193,506.00<br>63,065,601.00<br>24,622,107.00 |
| 3 | Поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас | 22.00 | 8.00 | 5.00 | 1.00 | 1,441,500.00<br>168,500.00<br>18,935.00<br>20,005.00 |
| | **Вкупно** | | | | | **118,815,238.00** |

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 1,500,000 | | 944,253.00 | | | 62.95 |
| 2 | Стручна ревизија на инфраструктурни проекти | 500,000 | | 28,984.00 | | | 5.80 |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина за инфраструктурни проекти | 300,000 | | | | | 0.00 |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти | 1,000,000 | | 393,377.00 | | | 39.34 |
| 5 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во УЗ„Влашкамала“ | 2,000,000 | | | | | 0.00 |
| 6 | Асфалтирање и рек. пристапни патишта во УЗ„Илинден“ | 1,000,000 | | | 892,045.00 | | 89.20 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Асфалтирање и рек. на пристапни патишта во УЗ„Видобишта“ | 1,600,000 | | | 623,833.00 | | 38.99 |
| 8 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во УЗ„Дејан Војвода“ | 500,000 | | | | | 0.00 |
| 9 | Реконструкција на пристапен пат за ОУ “Св.Климент Охридски“ | 1,000,000 | | | | | 0.00 |
| 10 | Реконструкција на крак ул. „Кирил и Методи“ горна порта-дрвара | 2,000,000 | | | | 1,591,467.00 | 79.57 |
| 11 | Реконструкција на краци во УЗ„Радојца Новичич“ | 1,000,000 | | | | | 0.00 |
| 12 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта на ул. “Сирма Војвода“-Болнички Комплекс | 2,500,000 | 2,413,500.00 | | | | 96.54 |
| 13 | Реконструкција на дел од улица „Васил Стефоски“ | 1,500,000 | | | | | 0.00 |
| 14 | Реконструкција на краци од ул.„Абас Емин“ | 1,000,000 | | 229,728.00 | | | 22.97 |
| 15 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта на ул.„ Крум Точко“ до спој со дрвара | 600,000 | | 598,372.00 | | | 99.73 |
| 16 | Реконструкција на краци од ул.„Момчило Јорданоски“ | 1,000,000 | | | | | 0.00 |
| 17 | Реконструкција на улици во УЗ „Гоце Делчев“ | 1,000,000 | | | | | 0.00 |
| 18 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Железничка“ | 1,500,000 | | | | 730,276.00 | 48.69 |
| 19 | Асфалтирање на пристапни патишта УЗ„15ти-Корпус “ | 1,500,000 | | | | 930,053.00 | 62.00 |
| 20 | Асфлтирање и реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“ | 3,900,000 | | | | | 0.00 |
| 21 | Асфалтирање и реконструкција на тротоари на „Туристичка“од рас.со ул.„Стив Наумов’’ до рас.со ул.„Распаке“ | 6,100,000 | | | | | 0.00 |
| 22 | Асфалтирање и реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“од рас.со ул.„Јане Сандански ’’ до рас.со ул.„Јордан Мијалков | 5,000,000 | | | | | 0.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 23 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта во населба„Охридати“ | 900,000 | | 532,165.00 | | | 59.13 |
| 24 | Асфалтирање и рек. на пристапни патишта во УЗ „Центар’ул.„Партизанска“ и ул.„Димитар Влахов“ | 1,400,000 | | | 928,227.00 | | 66.30 |
| 25 | Асфалтирање и рек.на пристапни патишта н.Бејбунар | 500,000 | | 318,978.00 | | | 63.80 |
| 26 | Асфалтирање и реконструкција на краци на ул.„7ми Ноември“ | 500,000 | | 162,657.00 | | | 32.53 |
| 27 | Изградба на велосипетска патека од Билјанини извори до н.Свети Стафан | 15,000,000 | | | | | 0.00 |
| 28 | Асфалтирање и реконструкција и одржавање на други непредвидени улици | 6,000,000 | | | | | 0.00 |
| 29 | Санација и крпење на ударни дупки и прекопи | 7,000,000 | | 590,374.00 | | 4,024,848.00 | 65.93 |
| | **ВКУПНО** | | **2,413,500.00** | **3,798,888.00** | **2,444,105.00** | **7,276,644.00** | |

**ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ РАСКРСНИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ РАСКРСНИЦИ И ИЗВЕДБА НА ПАРКИНГ МЕСТА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Уредување и одржавање на постојни кружни раскрсници | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 2 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Јане Сандански | 6,000,000.00 | | | 4,135,521.00 | | 68.93 |
| 3 | Изградба на кружна раскрсница на ул.Туристичка-Абас Емин | 3,500,000.00 | | 3,252,185.00 | | | 92.92 |
| 4 | Изградба и уредување на паркинг места | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 5 | Уредување и оджавање на други раскрсници | 2,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | | **0.00** | **3,252,185.00** | **4,135,521.00** | **0.00** | |

**ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици во УЗ Стар Град | 7,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 2 | Уредување на тротоари во УЗ Центар | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 3 | Поплочување пешачка патека во УЗ Кошишта-Лабино-Канео | 3,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 4 | Поплочување пешачка патека во УЗ Воска | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 5 | Поплочување на тротоари во нас. Далјан | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 6 | Поплочување на тротоари на ул.Сирма Војвода | 1,000,000.00 | 573,869.00 | | | | 57.39 |
| 7 | Поплочување на тротоари во нас. Христо Узунов | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 8 | Поплочување на крак од ул.„7ми Ноември“ | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 9 | Средување на тротоарот на ул.Гоце Делчев | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 10 | Уредување на тротоари во УЗ Влашкамала | 2,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 11 | Уредување на тротоари во УЗ Гоце Делчев | 2,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 12 | Уредување на тротоари УЗ 15-ти Корпус | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 13 | Уредување на тротоари на Бул. Туристичка | 3,000,000.00 | | | | | 76.73 |
| | Уредување на кружна крстосница на пресекот бул.Туристичка со ул.Стив Наумов бул.Туристичка со ул.Јане Сандански | | 585,539.00 | | | 379,013.00 | |
| | Уредување на тротоари на кружна крстосница на пресекот булевар туристичка со ул.Македонски Просветители | | 783,558.00 | 281,657.00 | 272,179.00 | | |
| 14 | Поплочување на Бул Тур. на тротоарот наспроти Халк Банка | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 15 | Изградба и одржавање на тротоар на ул. Абас Емин | 1,000,000.00 | | | | 97,954.00 | 9.80 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Доизградба на тротоари по должина на улицата Даме Груев | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 17 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Март | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 18 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Септември | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 19 | Тампонирање на потег -влез во згради кај Пожарна | 200,000.00 | | | | | 0.00 |
| 20 | Тампонирање на улици во нас.Болнички Комплекс | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 21 | Тампонирање на улици и пристапни патишта | 3,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 22 | Поплочување и одржавање на други улици | 3,000,000.00 | | | | | 20.31 |
| | Партерно уредување на тротоарски површини кај Кардиолошки Завод во нас. Св. Стефан | | | | 464,263.00 | | |
| | Санација и поплочување со бехатон елементи и камени коцки низ улиците во Општина Охрид | | | | 29,273.00 | | |
| | Изведба на градежни работи за изведба на пристапни патеки за спортски терени во СРЦ "Билјанини Извори" | | | | 115,878.00 | | |
| | **ВКУПНО** | | **1,942,966.00** | **281,657.00** | **881,593.00** | **476,967.00** | |

**САНАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Санација и изградба на ѕидови во УЗ Стар Град | 3,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 2 | Изградба на потпорен ѕид во н.Св.Стефан | 500,000.00 | | | | | 0.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Изградба на потпорен ѕид во с.Косел | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 4 | Изградба на потпорен ѕид во с.Пештани | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 5 | Изградба на потпорен ѕид во нас. Рача | 300,000.00 | | | | | 0.00 |
| 6 | Изградба на потпорен ѕид во с.Завој | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 7 | Санација и изградба на потпорни ѕидови во с.Велгошти | 1,500,000.00 | | | | 318,435.00 | 21.23 |
| 8 | Изградба на потпорен ѕид во с.Коњско | 2,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 9 | Санација на потпорен ѕид во с.Велестово | 500,000.00 | | | | | 0.00 |
| 10 | Санација на потпорен ѕид во УЗ Кошишта | 1,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| 11 | Санација и изградба на други ѕидови | 3,000,000.00 | | 61,129.00 | | | 2.04 |
| | **ВКУПНО** | | **0.00** | **61,129.00** | **0.00** | **318,435.00** | |

**ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА УРБАНА И ДРУГА ОПРЕМА**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поправка и одржување на урбана опрема | 2,000,000.00 | | | | | 0.00 |
| | Фарбање на метална ограда, дрвена куќичка и стрелка кај надвозник на влез од градот | | | | | 155,937.00 | |
| 2 | Изградба и опремување на автобуски постојки | 1,000,000.00 | | | 81,821.00 | 877,920.00 | 95.97 |
| 3 | Набавка и монтажа и одржавање на клупи | 500,000.00 | | 51,448.00 | | | 10.29 |
| | **1.000.000,00** | | **849.791,00** | | **84,98** |

**Број 08-3415/20-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ 2016 – 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. – 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2016 – 2018 година за периодот од 01.01. – 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈОД 01.01.2016 ДО 31.12.2016**
**ПРОГРАМА ЈГ Развојна програма за изградба на системи за водоснабдување за период од 2016-2018 година**

**Програма за изградба на системи за водоснабдување 2016-2018г.**

Програмата за изградба на системи за водоснабдување која го опфаќа периодот од 2016-2018година. Преку оваа програма ќе се финансираат активности поврзани со изградба на нови водоводни мрежи во Општина Охрид и тоа мрежи кои се тесно поврзани со реализација на нови и постојани урбанистички планови како и водоводни мрежи во населени места во кои евидентен е недостатокот на вода.
**Изградба на системи за водоснабдување** за задоволување на потребите на жителите со квалитетна питка вода

## Изградба на системи за водоснабдување

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна документација за изградба на водоводни мрежи во Општина Охрид | 400.000,00 | | | | | 0,00 |
| 2 | Изградба на водоводна линија УЗ Гоце Делчев | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 3 | Изградба на водоводна линија с.Велгошти | 700.000,00 | | | | | 0,00 |
| 4 | Изградба на водоводна мрежа во село Горно Лакочереј | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 5 | Снабдување со вода на селата Вапила и Ливоишта | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 6 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Абас Емин„ | 5.500.000,00 | 459.742,00 | | | | 8,36 |
| 7 | Изградба на водоводна мрежа во УЗ Воска | 1.000.000,00 | | 143.047,00 | | | 14,30 |
| 8 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Ванчо Питошески“ | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 9 | Изградба на водоводна линија УЗ Радојца Новичич | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 10 | Изградба на водоводна мрежа во с.Пештани | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 11 | Изградба на водоводна мрежа во н.Лагадин | 200.000,00 | | | | | 0,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Изградба на водоводна мрежа во с.Подмоље | 350.000,00 | | | | | 0,00 |
| 13 | Изградба на водоводна мрежа во село Лескоец | 6.000.000,00 | 1.307.799,00 | | | | 21,80 |
| 14 | Изградба на водоводни линии во Општина Охрид во зависност од реализација на урбанистички планови и по динамика на Локалната самоуправа | 5.000.000,00 | | 1.245.953,00 | | 600.000,00 | 67,85 |
| | Препумпна станица кај Стобекс | | | | | 912.887,00 | |
| | Водоводна линија на ул.,,Бекир Али Риза“ | | | | | 633.564,00 | |
| 15 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Јане Сандански,, | 6.500.000,00 | 1.801.151,00 | | | | 27,71 |
| 16 | Изградба системи за наводнување на нови кружни текови | 500.000,00 | 25.036,00 | | | | 5,01 |
| 17 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Андон Дуков,, | 600.000,00 | | | 345.937,00 | | 57,66 |
| 18 | Изградба на водоводна мрежа на краци на улица „Абас Емин,, | 300.000,00 | | | | | 0,00 |
| 19 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Аџи Мустафа,, | 500.000,00 | | | | 485.528,00 | 97,11 |
| 20 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Мирче Ацев,, | 850.000,00 | | | | | 0,00 |
| 21 | Изградба на водоводна мрежа на улица „Будва,, | 1.500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 22 | Изградба на водоводна мрежа на кеј Македонија | 3.000.000,00 | | | | | 0,00 |
| 23 | Изградба на систем за наводнување на улица “Железничка“ | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 24 | Изградба на водоводна мрежа на крак ул.Александар Турунџев | 500.000,00 | | | | | 0,00 |
| 25 | Изградба системи за наводнување на пешачка патека канал-Парк | 1.000.000,00 | | | | 922.629,00 | 92,26 |
| 26 | Изградба системи за наводнување на пешачка патека Билјанини извори-мост Студенчишта | 1.000.000,00 | | | | | 0,00 |
| 27 | Бушење на бунари за наводнување –техничка вода | 500.000,00 | | | | | 0,00 |

| | ВКУПНО | 39.400.000,00 | 3.593.728,00 | 1.389.000,00 | 345.937,00 | 3.554.608,00 | 22,55 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

**ЈГ-ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ФИНАНСИРАНИ ПРЕКУ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за 2016** | **11.400.000,00** | **3.593.728,00** | **1.389.000,00** | **345.937,00** | **3.554.608,00** | **77,92** |

Од вкупно предвидените средства **11,400,000.00** денари, за реализација на **Програмата ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување** потрошени вкупно **10,188,383,00** денари.

Од вкупно потрошените средства **8.883.273,00** денари се потрошени за реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција- износот од **1.305.110,00** денари се исплата на долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година , процентот на реализација на оваа **Програма ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување ,** изнесува **89.37 %**

| **Предвидени сревства Програма ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување 2016** | **Вкупно потрошени сревства** 01.01.2016 до 31.12.2016 | | | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| **11.400.000,00** | | **10.188.383,00** | | **89,37** |

**Број 08-3415/21-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/22**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2016 - 2018 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. – 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016 - 2018 година за периодот од 01.01. – 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/22**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ОД 01.01.2016 ДО 31.12.2016**
**ПРОГРАМА ЈФ Развојна програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2016-2018 година**

# ЈФ Сообраќајна сигнализација

Изградба и одржавање на сообраќајна сигнализација е програма чијашто реализација директно зависи од условите на терен и од потребите на граѓаните од сообраќаен аспект.

Во рамките на оваа програма се содржани следните активности :

- Замена и одржување на сообраќајни знаци;
- Поставување на нови знаци;
- Поставување на сферни огледала;
- Репарирање на сообраќајни знаци;
- Одржување на сообраќајната сигнализација;
- Бележење на улиците и патиштата;
- Поставување на забавувачи на сообраќај и заштитни огради

| Ред. Бр. | опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2016 31.03.2016 | Извршено 01.04.2016 30.06.2016 | Извршено 01.07.2016 30.09.2016 | Извршено 01.10.2016 31.12.2016 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Замена и одржавање на сообраќајни знаци | 500,000.00 | 38,852.00 | | 244,623.00 | | 56.70 |
| 2 | Поставување нови сообраќајни знаци | 500,000.00 | | 162,233.00 | | | 32.45 |
| 3 | Набавка и одржавање на сверни огледала на ул.„Даме Груев“, ул.„Момчило Јорданоски“-под бараки, ул.„Крали Марко“ и други улици | 300,000.00 | 73,077.00 | | | 8,830.00 | 27.30 |
| 4 | Систем за регулирање на на сообраќајот во стариот дел на градот | 200,000.00 | | | | | 0.00 |
| 5 | Репарирање на сообраќајни знаци –замена на фолија | 300,000.00 | | | | | 0.00 |
| 6 | Електрична семафорска сигнализација -поставување и одржување | 600,000.00 | | | | | 0.00 |
| 7 | Поставување на семафорска сигнализација на рас.„Железничка-Кленоец | 300,000.00 | | | | | 0.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Поставување на семафорска сигнализација на рас.„Железничка-Егејска | 300,000.00 | | | | | 0.00 |
| 9 | Поставување на светлосна сообракајна сигнализација | 400,000.00 | | | | | 0.00 |
| | **ВКУПНО** | **3,400,000.00** | **111,929.00** | **162,233.00** | **244,623.00** | **8,830.00** | **15.52** |

**ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Обележување на осовински линии на патишта , обележење на пешачки премини, обележување на коловозни стрелки, | 2,000,000.00 | 147,342.00 | 379,445.00 | | 1,039,641.00 | 80.89 |
| | | | | | | 51,402.00 | |
| 11 | Обележување на автобуски и такси постојки, | 800,000.00 | | | 322,655.00 | | 40.33 |
| 12 | Изградба и обележување на велосипедски патеки | 800,000.00 | | 229,029.00 | | | 28.63 |
| | **ВКУПНО** | **3,600,000.00** | **147,342.00** | **608,474.00** | **322,655.00** | **1,091,043.00** | **60.26** |

**ЗАБАВУВАЧИ НА СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТНИ ОГРАДИ И ДРУГА СООБРАЌАЈНА ОПРЕМА**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13 | Поставување и одржавање на забавувачи на сообраќај на „Даме Груев“ ул.„Васил Стефоски“ и други улици | 700,000.00 | | | | | 0.00 |
| 14 | Поставување и одржавање на заштитни огради | 300,000.00 | | 273,585.00 | | | 91.20 |
| 15 | Поставување и одржавање на друга сообраќајна опрема | 1,500,000.00 | | 109,681.00 | | | 10.46 |
| | Демонтажа на заштитна ограда од влез на град Охрид (надвозник) до бензинска пумпа Лукоул на бул. Туристичка и поправка на останатиот дел од оградата | | | | 47,200.00 | | |
| | **ВКУПНО** | **2,500,000.00** | **0.00** | **383,266.00** | **47,200.00** | **0.00** | **17.22** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ЈФ Сообраќајна сигнализација** | | | | | | |
| | Извор на финансирање на програмата е: **Буџет на Општина Охрид за 2016** **ВКУПНО** | **3,800,000** | **259,271.00** | **1,153,973.00** | **614,478.00** | **1,099,873.00** | **82.31** |

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година од вкупно предвидените средства **3.800,000.00** денари, за реализација на **Програмата ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација,** потрошени се вкупно **3.800.000.00** денари,
Од вкупно потрошените средства **3,127,595.00** денари се реализирани активности.

Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција износот од **672,405.00** денари се исплата на долгови од претходните години.

Во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година , процентот на реализација на оваа **Програма ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација,** изнесува **100 %**

| **Предвидени сректва Програма ЈФ- Изградба на сообраќајна сигнализација 2016** | **Вкупно потрошени сректва** 01.01.2016 до 31.12.2016 | | | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|
| **3.800.000,00** | | **3.800.000,00** | | **100,00** |

**Број 08-3415/22-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за енергетска ефикасност за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2016**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2016 ДО 31.12.2016**
**ПРОГРАМА ГД Годишна програма за енергетска ефикасност за 2016 год.**
**ГД – проекти за енергетска ефикасност**

***Предговор***

Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена од аспект на имплементација и продолжување на проектите за ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетска ефикасност во градежниот сектор, пред се кај објектите под ингеренција на Општината.

Поранешните централно-планирани економии сеуште се рангираат како најниско енергетско-ефикасни во светот. Во транзиционите економии технологиите за енергетска ефикасност нудат начин за да ја подобрат економската благосостојба преку намалување на

еколошките загадувања предизвикани од употребата на енергија, вклучително и стакленичките гасови. Трансферот на вакви технологии во овие земји може да придонесе за намалување на ризикот од глобалната промена во климата.

Република Македонија има ограничени извори на комерцијални енергетски резерви и во иднина сé повеќе ќе биде зависна од увоз на енергија. Превземањето на мерки за енергетска ефикасност може да ја ублажи оваа зависност, да го продолжи траењето на домашните резерви и да и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на раст. Според Стратегијата за Енергетска Ефикасност на Република Македонија, енергетскиот интензитет на користење на енергија во Р. Македонија, односно износот на потрошена енергија по единица производ во една економија, е три пати поголем во споредба со САД и дури десет пати поголем од неколку земји од Европската Унија, по единица економски производ. Причините за ваквите показатели се повеќекратни, меѓу кои најзначајни се: недоволната и слаба изолација на објектите во Република Македонија, нередовното оддржување на енергетските системи во објектите, ниската свест на населението за примена на мерки за енергетска ефикасност и генерално, навиките за нерационално трошење на енергија од страна на корисниците.

Потребата од креирање и градење на центри во општините со стручни луѓе кои ќе ја следат и промовираат енергетската ефикасност преку употреба на користење на мерки и технологии за енергетска ефикасност ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик, подобрување на економијата на општината и што е најважно, ќе даде свој придонес кон глобалната стратегија за зачувување на Планетата.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е:

- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува
- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за конзервација / заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

За таа цел беше реализирана обука на тимот за енергетска ефикасност во општината кој е задолжен да следи, развива и се грижи за енергетската ефикасност во општината, како и развој на софтверската алатка за мониторинг на потрошувачката на енергија која што беше изработена во рамките на проектот спроведен од страна на УНДП и Министерството за животна средина, која што претставува прв извор на информации за состојбата на објектите под раководство на општината и можностите за подобрување на енергетските системи во истите.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Воедно, изготвување на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во Република Македонија дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

## 1. *Општина Охрид*

Стратешките цели на Општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Притоа, Општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Заложба на Општина Охрид е да се урбанизира голем дел од Општината и да се изгради инфраструктура, а постоечката да се подобри. Спроведувањето на стратегијата,

Општината го гледа преку градење на партнерства со владини и невладини организации, донаторски институции како и активно учество на локалното население и негов придонес во реализација на проектите во Општината.

Главна цел на Програмата е да ги намали трошоците за енергија во Општината, пред се во делот на јавни објекти и улично осветлување. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика (во тек е реализацијата на договорот за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Охрид).

## 2. *Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност*

Во тек на изработка на Програмата, извршено е собирање на податоци, нивна обработка, обработка на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата има неколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда. Податоците за енергетска потрошувачка се собрани преку одговорни лица во објектите и преку тимот во Општината. Врз база на овие два клучни податока за секој од објектите се направени пресметки за реално потребната потрошувачка на енергија, која што понатаму е земена како основа за пресметка на очекуваните енергетски заштеди дадени преку предлог мерки за енергетска ефикасност со апроксимативни инвестициски вредности и време за отплата.

Приоритетите се рангираат според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати. Одредување на приоритет на објект за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (реконструкција на згради) се врши според следната формула на тежински фактори:

$$X_{и} = \frac{\text{Потрош_енер_објект}}{\text{Најг_потрош_енергија}}*(60\%)+\frac{\text{Број_луѓе_објект}}{\text{Најм_луѓе}}*(20\%)+\frac{\text{Повр_објект}}{\text{Најг_површ}}*(10\%)+\frac{\text{Степен_дотр}}{\text{Најг_дотр}}*(10\%)$$

Xi – висина на приоритет на објект i за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (0 - 100%)

Потрош_енер_објект – вк. специфична потрошувачка на енергија во објект

Нај_потрош_енергија – најголема специфична потрошувачка на енергија од објект во сектор или целна група

Број_луѓе_објект – вкупен број на корисници во објект

Најм_луѓе – највисок број на корисници во објект во сектор или целна група

Повр_објект – грејна површина на објект

Најг_површ – најголема грејна површина на објект во сектор или целна група

Степен_дотр – степен на дотраеност на објект (10 за максимално дотраен, 0 за нов или реновиран објект до 1 година)

## 3. *Сегашна енергетска состојба*

Како и повеќето општини во Република Македонија така и Општина Охрид не располага со енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“
* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“
* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, како правен субјект, не е производител на енергија. За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти се користи нафта за греење и огревно дрво, како и во одредени случаи и електрична енергија.

## 4. *База на податоци и извор на информации*

Спроведување на политиката за енергетска ефикасност не е возможна без вистински податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Значајните трошоци за енергија кои се покриваат од општинскиот буџет предизвикаа голем интерес за добивање и градење на информативна база на податоци за средните и основните училишта, детските градинки, административните, услужни и културни објекти и уличното осветление кое е во надлежност на Општината.

Постоењето на база на податоци и нејзино градење со информации за потрошувачката на енергија во објектите на Општината и уличното осветление е најдобар извор на информации. Врз основа на добро изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи:

Сектор **Администрација**:
Целна група **Административни згради**
Сектор **Образование**:
Целна група **Основни училишта**
Целна група **Средни училишта**
Сектор **Социјални грижи:**
Целна група **Детски градинки**
Сектор **Улично осветление:**
Целна група **Улично осветление**

## 5. *Инвестиции*

Општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност.

Вкупните потреби предвидени за спроведување на претходната програма за енергетска ефикасност во Општина Охрид беа значително поголеми од средствата предвидени во соодветните Општински буџети, односно од реализираните активности. Помал дел од тие вкупни потребни средства беа предвидени во буџетот на Општината како сопствени средства, а останатите средства за реализација на програмата беа планирани од надворешни извори.

При тоа, од слични причини, односно од потребата да годишната програма соодветствува пред се на реалните можности, се планира за следната 2016 година потребата од сопствени средства да изнесува 500.000 денари, а останатите средства се планира да се обезбедат од надворешни извори. (притоа овде не се земени во предвид тековните инвестиции за подобрување на енергетската ефикасност во делот на јавното и улично осветление, кои ако се земаат во предвид, драстично ќе го сменат вредноста предвидена во програмата за енергетска ефикасност за 2016 година.)

Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| **Тип** | **Извор** | **предвидени средства за Енергетска Ефикасност** |
|---|---|---|
| | | (ден/год.) |
| **Сопствени средства** | Општински Буџет за 2106 година | 500.000,00 |
| **Надворешни извори (капитал)** | Донатори, локални банки и фондови | ------ |
| **Вкупно:** | | 500.000,00 |

Според сегашната законска регулатива, Општините во Р. Македонија се во можност за аплицираат за кредити за финансирање на проекти во локалните банки. Но недоволното познавање на придобивките од примената на мерките за енергетска ефикасност и начинот на функционирање на администрацијата и банкарскиот сектор е ограничувачки фактор за алокација на средства и спроведување на проекти од оваа област (и една од поголемите причини за обемот на предложениот годишен план).

Планираните инвестиции (финансирање) на предвидените проекти за енергетска ефикасност и реконструкции (планирани буџетски средства како сопствени извори на Општината), се дадени во следната табела:

| **Проект** | **Локација** капитални инвестиции во: |
|---|---|
| Проект 1 | ОУ „Григор Прличев“ (централно и Рача) |
| Проект 3 | ОУ „Братство Единство“ (Лескајца) |
| Проект 7 | ОУ „Живко Чинго“ |
| Проект 9 | ОУ „Ванчо Николески“ (централно) |
| Проект 12 | ОУ „Св. Наум Охридски“ (Трпејца) |
| Проект 18 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Билјана) |

Планираните средства ќе бидат распределени по наведените Проекти, согласно прегледот даден во долунаведената табела:

| **Проект** | **Локација** | **Проценета инвестиција за 2016 година** | | |
|---|---|---|---|---|
| | инвестиции во: | **сопствени средства** | **надворешни средства** | **Вкупно:** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проект 1 | ОУ „Григор Прличев“ (центр. и Рача) | 120.000,00 | ----- | 120.000,00 |
| Проект 3 | ОУ „Братство Единство“ (Лескајца) | 80.000,00 | ----- | 80.000,00 |
| Проект 7 | ОУ „Живко Чинго“ | 60.000,00 | ----- | 60.000,00 |
| Проект 9 | ОУ „Ванчо Николески“ (централно) | 60.000,00 | ----- | 60.000,00 |
| Проект 12 | ОУ „Св. Наум Охридски“ (Трпејца) | 120.000,00 | ----- | 120.000,00 |
| Проект 18 | ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Билјана) | 60.000,00 | ----- | 60.000,00 |
| Вкупно: | | 500.000,00 | ----- | 500.000,00 |

забелешка: во горните проекти не е наведен проектот за рехабилитација и модернизација на јавното и улично осветлување, кој е во тек на реализација.

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2016 година е 500.000,00 денари и тоа како вкупна инвестиција за реализација на горенаведените Проекти (каде што учеството на Општината се сведува во инвестирање во изработка на проектна документација, како и за санација на мали и ургентни потреби).

Секако, останува можноста (ако се јави таква потреба) за релокација на инвестициите, во рамките на предвидените средства.

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проблеми во смисла на првично трасирање на процедурата која ќе овозможи системска имплементација на потребните мерки во сите фази (носење на буџет, следење и анализа на состојбите, изработка на соодветна техничка документација, апликација, па се до реализација на Проектите).

Освен Општината со сопствени средства, како донатори за помош и реализација на инфраструктурните проекти во Општина од аспект на енергетска ефикансост, се вбројуваат: UNDP, USAID, EU IPA фондовите, GEF, EBRD, CARDS програмата, странски амбасади и меѓународни претставништва во Република Македонија.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност ќе придонесе за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на софтверската алатка за следење на потрошувачката на енергија, во рамките на надлежностите на тимот за енергетска ефикасност во општината со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

## 6. *Критериуми за прифатливост на проекти*

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

- Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност
- Имаат економска оправданост создадена преку документирани енергетски заштеди
- Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи
- Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност
- Промовираат нови технологии
- Нудат голема веројатност за аплицирање во иднина
- Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата
- Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организиции, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

## 7. *Прифатливи типови на проекти за ен. ефикасност*

Општината Охрид прифаќа широка дефиниција за енергетска ефикасност која опфаќа широк спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти или јавното

улично осветление со следните програми и годишни планови за енергетска ефикасност. Прифатливи мерки за енергетска ефикасност ги вклучуваат, но и не се ограничуваат на следните типови на проекти:

- Надградување и реконструкција на грејни системи, вклучувајќи: инсталации на термостатски вентили, цевно напојување во грејната мрежа и зафати во котлари;
- Спроведување на мерки за надградба, вклучувајќи термална изолација за прозори, врати, тавани и зидови;
- Имплементација на високо-ефикасен систем за осветление
- Имплементација на електрични мотори со висока ефикасност и пумпи
- Надградување или замена на котли, бренери и печки за греење
- Улично осветление
- Подобрување на системот за пренос на енергија
- Контроли, мерачи на проток, броила, инструменти, дата логери
- Системи за автоматско управување и контрола на потрошувачката

## 8. *Долгорочни цели*

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во училиштата , градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на CO2 во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира овие цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од обласа на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти

## 9. *Контрола на програмата*

Потрошувачката на енергија во повеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена / поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, термостатски вентили и автоматска контрола на греење, исклучување од употреба и користење на дотраени и пред се на непотребни потрошувачи (уреди) на електрична енергија и слично, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.

Со цел да овозможи да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресматаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

Мерењата ќе се извршуваат со утврдена динамика во текот на целата година. За мерење на потрошената електрична енергија ќе се користи електричното броило во секој

објект, со што ќе се споредува потрошената електрична енергија пред и после спроведување на мерките за енергетска ефикасност. Како најголем дел од електричната енергија во училиштата и градинките се користи за осветлување на училишните простории, имплементација на поефикасно осветление директно ќе ја покаже користа од спроведување на таквата мерка.

Најдобри мерни инструменти за користење во овие мерења се уредите наречени дата логери. Дата логер е електронски инструмент со вградни сензори кој лесно се инсталира во простории со цел да мери температурни разлики, притисок и влажност, осветление и други величини. Со помош на овој инструмент можат да се снимат горните величини во даден временски период и истите да се анализираа комјутерски, со што веднаш се идентификуваат заштедите на енергија во дадено време како и проблеми во работењето на системите. Со помош на овој инструмент се подобрува ефикасноста, точноста, доверливоста, квалитетот на добиените податоци и потрошувачката на енергија.

## *10.Резиме*

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. За долгорочна ефикасна примена на мерките за ЕЕ потребна е набавка, инсталација и примена на софтверот ExCITE (External Climate and Inventory Tool for Energy Efficiency) кој е изработен за проектот на УНДП “намалување на климатските промени преку имплементација на мерки за енергетска ефикасност во градежниот сектор”, кој софтвер покрај другото има инвентар на јавни објекти во надлежност на Општината.

Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија во Европа за 20% до 2020 година, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

Од вкупно предвидените средства **500,000.00** денари, за реализација на **Програмата ГД Енергетска Ефикасност** нема реализирани активности.

| | **Предвидени сресства Програмата ЈД Енергетска ефикасност 2016** | **Вкупно потрошени сресства** 01.01.2016 до 31.12.2016 | **Процент %** |
|---|---|---|---|
| | **500,000.00** | **0.00** | **0.00** |

**Број 08-3415/23-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А**
**Комисија за еднакви можности на мажите и жените**
**01.01.2016 до 31.12.2016 година**

Програмата на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените беше усвоена од Советот на општина Охрид. Со донесување на Буџетот за 2016 година предвидени се средства и за реализација на Програмата на Комисијата за еднакви можности.

Во Програмата се предвидени активности за подигнување на свеста за грижа за стари лица и подигнување на свеста за пријавување на семејно насилство,организација на јавни трибини и советување од стручни лица, изготвување брошури и нивна дистрибуција, вклучување на медиумите со дебати, соработка со здруженија и организации кои работат на оваа проблематика, поддршка на деца без родители во нивниот развој низ образовниот систем.

Комисијата за еднакви можности на мажите и жените е во постојана соработка со Невладини Организации, како што е „Опција“ - Охрид, ЖЦ „Бисера“- Охрид, и др., во поглед на организација на одредени активности поврзани со родовата еднаквост, како и делот на превенција од семејно насилство и дискриминација.

- Од 28 – 30 Септември 2016 година во Берово беше одржана работилница за подготовка на акцискиот план за родова еднаквост на ЗЕЛС. На истата беше претставена програмата и целите, беа претставени целта, пристапот и резултатите од процесот. Со таа цел беа спроведени повеќе работилници. На оваа работилница учествуваше координаторот на Комисијата за еднакви можности.

- На 27.10.2016 година, Координаторот на Комисијата за еднакви можности учествуваше на работилница во рамките на ЕУ "Твининг" Проект – "Поддршка за имплементаццја на родова еднаквост", одржана во Општина Струга, финансирана од ЕУ. На работилницата се спроведе едукација за Родовата еднаквост и поставување на еднаквоста во дело. Воедно беше спроведена едукација за работа со медиумите.
- На 23 Ноември 2016 година во хотел Денариус - Охрид беше спроведен семинар на тема:"Мерки за заштита од дискриминација при вработувањето" на која учествуваше координаторот на Комисијата за еднакви можности. На истиот се презентираше меѓународниот проект и проектните партнери; правната рамка за заштита од дискриминација; дискриминација при вработувањето; мерки за заштита од дискриминација; носители на политиките за еднакви можности при вработувањето.

Искуството и здобиените познавања од оваа област ќе бидат применети во наредните активности на Комисија за еднакви можности на мажите и жените.

**КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ**
**Претседател,**
**Оливија Пирузева- Јанева**

**Број 08-3415/24-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2016 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/25**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 8 и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 9 и член 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2016 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информациіиодјавенкарактер ( Сл.весникна Р.М бр.13/06, бр.86/08 и бр. 6/10 ), имателот на информации Општина Охрид ( „Димитар Влахов“ бр.57, тел. 046/262-492, факс бр.046/262-496 ) преку службеното лице за спроведување на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Симон Илијески (е-маил: simonilievski@ohrid.gov.mk,odnosisojavnost@ohrid.gov.mk), го подготви следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2016 до 31.12.2016 г. )**

Во текот на 2016 година преку службената архива и преку јавно истакнатите електронски адреси (на официјалната веб- страница на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk), odnosisojavnost@ohrid.gov.mk и simonilievski@ohrid.gov.mk )пристигнатисе**49**барањазаслободенпристапдоинформации од јавен карактер, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „ Сл. Весник на Р.М бр.13/1.2.2006 ) .На сите барања навреме е одговорено, освен за еден предмет поднесена е жалбадоКомисијатаза заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, која е одбиена.

Во вкупно применените **49** барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, поставени се **129** прашања во надлежност на повеќе сектори и одделенија во Локалната самоуправа.

Согласно законските прописи, до секторите и одделенијата во општинската администрација испратени се **72** барања за одговори на поставените прашања, а одговорите со посебен допис се испратени до барателите на информации од јавен карактер.

Барања за слободен пристап до информации поднеле **20**граѓани,**22** невладина организација,**3** правни лица и**4**инситуции.Барањата се испратени преку архивата на Општина Охрид, преку електронска пошта, а во неколку случаи и на двата начина.

Според структуратаодпоставените**129**прашања,**27**се упатени до Секторот за правни работи, **2** до Секторот за општи работи,**18**до Секторот за финансиски прашања, **4**до Секторот за даноци и комунални такси, **12** до Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште,**4** до Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, **3** до Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, **8** до Секторот за образование,детска,здраствена и социјална заштита, **12** до Одделението за инспекциски надзор,**29** до Одделението за управување со човечки ресурси и **10** се препратени до други институции.

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.М. бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10и бр.42/14), на 25.01.2017 г. годишен извештај е поднесен до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Број на поднесени барања; | **49** |
| 2. | Број на позитивно одговорени барања; | **49** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање; | **0** |
| 4. | Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација; | **1** |
| 5. | Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата; | **0** |
| 6. | Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата | **0** |
| 7. | Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање; | **1** |
| 8. | Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање; | **0** |
| 9. | Број на случаи на молчење на Комисијата; | **0** |
| 10. | Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки; | **0** |
| 11. | Број и видови на изречени прекршочни санкции; | **0** |
| 12. | Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата; | **0** |
| 13. | Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд. | **0** |

Имателот на информациите, Општина Охрид и нејзината администрација, преку овластеното службено лице за посредување, во законски утврдениот рок одговори на сите барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Доставените барања ги запазуваа критериумите кои се утврдени со закон и на сите нив им беше доставена бараната информација. Во извештајниот период има само една жалба што е одбиена од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер,а нема заведени судски спорови против имателот на информации поради недоставување на бараните информации или поради молк на администрацијата.

**Број 08-3415/25-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/26**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 31.12.2016 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 25.12.2015 година донесе Програма за работа на Советот за 2016 година. Во Програмата за работа активностите на Советот за 2016 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јануари, Февруари, Март),
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Април, Мај, Јуни),
**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јули, Август, Септември) и
**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Октомври, Ноември, Декември).

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Педесетта седница се одржа на ден 29.01.2016 година. За работа на оваа седница беа предложени 42 точки на дневен ред. Советот усвои 42 (четириесет и две) Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред предложени беа 40 (четириесет) точки. Беа усвоени 39 (триесет и девет) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не беше усвоена.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** На дневен ред беше предложена 1 (една) Предлог Одлука. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред предложени беа 40 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беше предложена 1(една) Предлог Одлука и истата беше усвоена.

**Педесет и првата седница се одржа на ден 29.02.2016 година и за истата седница беа предложени 75 точка на дневен ред. Советот усвои вкупно 74 (седумдесет и четири ) Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не беше усвоена.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 73 (седумдесет и три) Предлог Одлуки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 3 Предлог Одлуки и сите беа усвоени.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 71 (седумдесет и една) Предлог Одлука и сите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** - На дневен ред беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Педесет и втората седница се одржа на ден 14.03.2015 година. За работата на оваа седница беа предложени 51 (педесет и една) точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 2 (две) Предлог Одлуки. Советот усвои 53 (педесет и три) Одлуки**.

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 3 точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените** – На дневен ред беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 7 (седум) Предлог Одлуки. Комисијата усвои 1(една) Предлог Одлука, 5 (пет) Предлог Одлуки не беа усвоени, а една не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 23 (дваесет и три) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата усвоија 22 (дваесет и две) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред за оваа комисија беа предложени 3 (три) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Комисија за општествени дејности –** На дневен ред беа предложени 21 (дваесет и една) точка. Членовите на Комисијата усвоија 11 (единаесет) Предлог Одлуки, а 10 (десет) Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за урбанизам -** На дневен ред беа предложени 3 (три) точки. Членовите на Комисијата не расправаа за точките од дневниот ред, бидејќи немаше претставници по материјалите.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 44 (четириесет и четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија 42 (четириесет и две) Предлог Одлуки. Комисијата не расправаше за 2 (две) Предлог Одлуки, бидејќи немаше овластен претставник.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Педесет и трета седница се одржа на ден 27.04.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 21 (дваесет и една) точка на дневен ред. Советот усвои 21 (дваесет и една) Одлука.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 8 (осум) Предлог Одлуки на дневен ред. Комисијата не одржа седница бидејќи немаше кворум.

**Комисија за јавни и комунални дејности** - Беа предложени 12(дванаесет) Предлог Одлуки на дневен ред. Беа усвоени 11 (единаесет) Предлог Одлуки, а една не беше усвоена.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 4 (четири) Предлог Одлуки на дневен ред, но бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 17 (седумнаесет) Предлог Одлуки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за млади и спорт** - Беше предложена една точка на дневен ред, но бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Статутарно правна комисија** – Беше предложена една точка на дневен ред, но истата не беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Педесет и четвртата седница се одржа на ден 26.05.2016 година На дневен ред беа предложени 87 (осумдесет и седум) Предлог Одлуки. Советот усвои 84 (осумдесет и четири) Одлуки, а 3 (три) Предлог Одлуки не беа усвоени**.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 81 точка на дневен ред. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за туризам и локален економски развој** – Беа предложени 4 (четири) Предлог Одлуки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 81 точка на дневен ред. Беа усвоени 78 (седумдесет и осум) Предлог Одлуки, а 3 (три) Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 5 (пет) Предлог Одлуки на дневен ред, и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за верификација, избори и именување –** Беше предложена една точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Педесет и петта седница се одржа на ден 22.06.2016 година. Беше предложена 1 (една) точка на дневен ред. Советот усвои 1 (една) Одлука.**

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беше предложена 1(една) точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – Беше предложена 1 (една) точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Педесет и шестата седница се одржа на ден 28.06.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 10 (десет) точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со уште една точка. Советот усвои 10 (десет) Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлука не беше усвоена.**

**Комисија за јавни и комунални дејности –** Беа предложени 6 точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложени 3 точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за туризам и локален економски развој –** Беше предложена една точка на дневен ред, и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Педесет и седмата седница се одржа на ден 11.07.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 6 (шест) точки на дневен ред.. Советот усвои 6 (шест) Одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина –** Беше предложена 1 точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа ставени 3 Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 4(четири) точка на дневен ред, но седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа ставени 2 Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Педесет и осмата вонредна седница на Советот се одржа на 08.08.2016 година. На дневен ред беше ставена 1(една) Предлог Одлука и истата беше усвоена.**

**Педесет и деветтата седница се одржа на ден 15.08.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точки на дневен ред.. Советот усвои 53 (педесет и три) Одлуки и 1 Заклучок.**

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 5 точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 6 (шест) Предлог Одлуки. Комисијата не усвои ниту една Предлог Одлука.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 22 (дваесет и две) Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред за оваа комисија беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Комисија за општествени дејности –** На дневен ред беа предложени 19 (деветнаесет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 18 (осумнаесет) Предлог Одлуки, а 1 (една) Предлог Одлуки не беше разгледувана бидејќи немаше претставници по материјалот.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 2 (две) точки, и истите беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 37 (триесет и седум) точки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите 37(триесет и седум) Предлог Одлуки.

**Шеесеттата седница се одржа на ден 28.09.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 101(сто и една)точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1(една) точка. Советот усвои 102 (сто и две) Одлуки.**.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 68 (шеесет и осум) Предлог Одлуки. Комисијата усвои 68 Предлог Одлука.

**Комисија за општествени дејности –** На дневен ред беа предложени 30 (триесет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 21 (дваесет и една) Предлог Одлука, а 7 (седум) Предлог Одлуки не беа усвоени. Две Предлог Одлуки не беа разгледувани бидејќи немаше претставници по материјалот.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 69 (шеесет и девет) точки, и истите беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 17 (седумнаесет) точки. Членовите на Комисијата ги усвоија сите 17(седумнаесет) Предлог Одлуки.

**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Шеесет и првата седница се одржа на ден 10.10.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 4 (четири) точки на дневен ред. Советот усвои 3(три) Одлуки и 1(една) Иницијатива.**

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 2 точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 2 точки. Комисијата усвои 2 (две) Предлог Одлуки.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 2 (две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 2 (две) Предлог Одлуки.

**Шеесет и втората седница се одржа на 10.10.2016 година. За работата на оваа седница беше предложена 1 (една) точка на дневен ред. Советот усвои 1(една) Одлука.**

**Шеесет и трета седница се одржа на ден 20.10.2016 година. За дневниот ред беше предложена 1 (една) точка која се однесуваше на Советнички прашања.**

**Шеесет и четвртата седница се одржа на ден 04.11.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 47 (четириесет и седум) точки на дневен ред, од кои 46 Предлог Одлуки и Предлог Заклучок. Советот усвои 46(четириесет и шест) Одлуки и 1(еден) Заклучок.**

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 2 точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 13 Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум..

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 19 Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред за оваа комисија беа предложени 4 (четири) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред беа предложени 5(пет) точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 8(осум) точки, а седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше услови работа на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 39 (триесет и девет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 34 (триесет и четири Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата не заседоа став за 5(пет) Предлог Одлуки, бидејќи немаше претставници по материјалите.

**Шеесет и петтата седница се одржа на ден 30.11.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 67 (шеесет и седум) точки на дневен ред, од кои 66 беа Предлог Одлуки и 1 Предлог Решение. Од дневниот ред беа повлечени 3 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 (една) точка. Советот усвои 64 (шеесет и четири) Одлуки и 1(едно) Решение.**

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беше предложена 1 точка, и истата не беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 46 Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата усвоија 37 Предлог Одлуки, а 7 Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 14 (четиринаесет) Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред за оваа комисија беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 42 (четириесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 37 (триесет и седум) Предлог Одлуки, а 5 Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 25 (дваесет и пет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 23 (дваесет и три) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата не заседоа став за 2 (две) Предлог Одлуки, бидејќи немаше претставници по материјалите.

**Комисија за верификација, избори и именување** – На дневен ред беше предложена 1(една) точка, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за празници и манифестации и доделување награди и признанија -** На дневен ред беше предложена 1 (една) Предлог Одлука и истата беше усвоена.

**Шеесет и шестата седница се одржа на ден 23.12.2016 година. За работата на оваа седница беа предложени 36 (триесет и шест) Предлог Одлуки. Советот усвои 36 (триесет и шест) Одлуки.**

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 3(три) точки, и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за заштита на животна средина –** На дневен ред беа предложени 8(осум) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки, а 6 (шест) Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности –** На дневен ред беа предложени (дваесет) Предлог Одлуки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред за оваа комисија беа предложени 3 (три) Предлог Одлуки и истите беа усвоени.

**Комисија за општествени дејности –** На дневен ред беа предложени 5 (пет) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 3 (три) точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 35 (триесет и пет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 33 (триесет и три) Предлог Одлуки. Членовите на Комисијата не заседоа став за 2 (две) Предлог Одлуки, бидејќи немаше претставници по материјалите.

**Комисија за празници и манифестации и доделување награди и признанија** - На дневен ред беа предложени 2 (две) Предлог Одлука и истите беа усвоени.

**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените** – На дневен ред беа предложени 2 (две) Предлог Одлуки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година одржа 16 редовни седници и 1 вонредна седница. За работа на сите седници беа предложени вкупно 603 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 5 точки на 4 седници. Повлечени беа 3 точки на 1 седница.**

**Советот во овој период усвои вкупно 597 Одлуки, 1 Информација, 1 Заклучок, 1 Иницијатива и 1 Решение.**

**Советот не усвои 5 Предлог Одлуки**.

Финансиски дел, реализирани расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-31.12.2016 година

Советот на Општина Охрид како орган на локалната самоуправа изработува посебна програма врз основа на која во рамките на Буџетот на општината се одобруваат средства за нормално функционирање на овај орган. Во 2016 година во Буџетот на Општина Охрид, за програмата А0 - Совет на Општина Охрид беа одобрени средства во висина од 23.366.000,оо денари. од кои заклучно со опфатениот период- трет квартал реализирани се 18.719.526,оо денари. Износот на реализираните расходи е распределен по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајни зафаќања и исплати во овој квартал се даденио подолу во текстот, како што следи:

Од вкупно реализираните расходи, за плати и надоместоци за советници исплатени се 4.958.887,оо денари, додека пак за патувања во земјата и странство направени се трошоци во износ од 49.000,оо денари.

Како помош за настанати штети од пожари,и други елементарни непогоди од постојана и тековна резерва исплатени се вкупно 1.166.375,оо денари, трошоци кои подетално се објаснети во извештајот на градоначалникот за реализирани трошоци од овој вид.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган, имајќи морална, општествена и социјална одговорност спрема своите граѓани, на дел од жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните јавни комунални трошоци преку јавен повик и постапка за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и по овој основ во опфатениот период исплатени се 1.913.105,оо денари кон јавните комунални претпријатија.

Како посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание, издвоени се учениците и студентите на кои општината им доделува стипендии со што, ценејќи го и поддржувајќи го нивниот труд и талент, младите уште повеќе се поттикнати да учат и достигнуваат врвни успеси и резултати. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2015-2016 година од одобрените средства со Буџетот за 2016 за стипендии исплатени се 1.125.500,оо денари.

Постапувајќи во истата насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани и фондации, во висина од 1.789.398,оо денари, а

имајќи ја истата цел, согласно јавниот повик и постапката за учество во финансирање на проекти и програми, извршени се и други трансфери од контото Разни трансфери износ во висина од 3.713.710,оо денари кои дел се за исплата согласно наведениот повик, дел согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид, за помош за прво и второ родено дете.

Заради остварување на своите цели, афирмација и промовирање на општината, истата членува во повеќе меѓународни и домашни организации, за што се наметнува обврската од плаќање членарини кон тие организации, па така по овој основ исплатени се вкупно 3.994.592,оо денари, најголем дел од исплатениот износ се однесува по спогодба со Југозападниот плански регион за исплата на долг од претходни години и дел за ЗЕЛС исто така обврски од изминати години.

Со сето горенаведено Советот на Општина Охрид за разгледуваниот период има извршено 80,11 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2016 година.

**Број 08-3415/26-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2016 година и Извештајот за годишниот попис за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај и Завршната сметка на Буџетот на единицата на локална самоуправа општина Охрид за 2016 година и Извештајот за извршениот годишен попис во општина Охрид со состојба на 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА

Врз основа на член 34, точка 2, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на Општина Охрид на ден 14.03.2017 година го донесе следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

За реализираните приходи и извршените трошоци
на Буџетот на Општина Охрид за 2016 год.

### I *БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД*

Општина Охрид поаѓајќи од проектираните потреби на граѓаните и буџетските корисници а согласно донесениот буџетски календар за активностите за донесување на буџетот и напатствијата од Министерството за финансии на ден 25.12.2015 година со Одлука бр.08-17635/27 го донесе Буџетот на општината за 2016 година како единствен развоен документ. При неговото изготвување беше користена стандардната процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја како и мислењата и потребите на граѓаните сондирано преку одржаните јавни расправи, средби со граѓани, урбани заедници и сл.

Во согласност со насоките на буџетскиот циркулар и направените анализи, Буџетот на Општина Охрид за 2016 година беше проектиран на износ од **1.108.502.627,оо денари**. Согласно Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општина Охрид за 2016 год. бр.08-12066/44 од 15.08.2016 год. извршена е прераспределба на средства во буџетот односно пренамена на средства од едно конто на друго и од една програма на друга, односно извршена е реалокација на средства од едни позиции на други согласно приоритетите за извршување на одредени активности. Висината на буџетот со оваа Одлука остана непроменет. Во месец Септември повторно е донесена Одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на општината- пренамена бр. 08-13971/34 од 28.09.2016 год. во делот на буџетските средства за активности од детската заштита, каде се врши реалокација на средства од едно конто на друго во рамките на иста програма а нивото на вкупната програма и буџет останува непроменето. Буџетот на Општина Охрид во овие рамки се реализираше до 04.11.2016 година кога на седница на Совет беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 08-16043/36 со која Буџетот се проектира на износ од **998.895.127,оо денари**. Причините поради кои се пристапи кон донесување на оваа Одлука за измени на Буџетот на Општина Охрид беше отстапувањето кое се јави во делот на остварувањето на приходите.

Завршната сметка на буџетот се донесува согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат формата и содржината на завршните сметки, формата и содржината е пропишана од страна на Министерството за финансии. Завршната сметка во својата форма ги

содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, само што завршната сметка дава слика за реализација како на приходната страна така и на расходната страна. Во процедурата на донесување на годишната сметка, Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година и истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година. Структурата на планираниот буџет на општина Охрид за 2016 година согласно донесениот буџет и измените, прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2015** | **2016** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 439.780.236,оо | 418.373.962,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 54.379.917,оо | 91.815.555,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 367.196.402,оо | 368.185.000,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 20.835.000,оо | 19.367.000,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 15.662.721,оо | 23.124.259,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 87.445.724,оо | 78.029.351,оо |
| | | 985.300.0000,оо | 998.895.127,оо |

**2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ**

**2.1 Приходи на Општината**

Извршувањето на приходите во буџетот на Општина Охрид за 2016 година изнесува **955.442.981,оо** денари што претставува извршување од 95,65% од проектираните **998.895.127,оо**. Ваквото извршување на приходите во себе ги содржи и средствата кои останале како непотрошени во буџетската 2015 година и истите како такви се пренесени и планирани во буџетот за наредната 2016 буџетска година односно тн вишок на приходи, приходите пак кои како непотрошени останале на крајот на буџетската 2016 година се пренесуваат и планираат во наредната 2017 буџетска година. Висината на вишокот на непотрошените средства кои се пренесуваат во новиот буџет, поодделно по видови буџет (основен буџет, блок-наменски дотации, буџет на самофинасирачки активности, донации и приходи по основ кредитно задолжување) дадени се во табеларниот приказ на приходите кој е составен дел на завршната сметка и овој извештај.

Според изворите на приходи, структурата на остварување на буџетот е дадена во следната табела:

***Табела бр.2***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2016 Планирано** | **2016 Остварено** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 418.373.962,оо | 380.673.222,оо | 90,99 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 91.815.555,оо | 89.047,659,оо | 96,99 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 368.185.000,оо | 367.754.135,оо | 99,88 |
| **4.** | Приходи од самофин. активности | 19.367.000,оо | 17.968.292,оо | 92,78 |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 23.124.259,оо | 21.980.247,оо | 95,05 |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 78.029.351,оо | 78.019.426,оо | 99,98 |
| | | 998.895.127,оо | 955.442.981,оо | 95,65 |

Дадените показатели во табелата укажуваат дека Општината воглавно во значителен процент ги реализирала зацртаните приходи. Во табеларниот дел од завршната сметка на буџетот на општина Охрид за 2016 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план и класификација на приходите утврден

за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија.

Споредбено остварувањето на буџетот во 2016 и 2015 година е дадено во следната табела:

***Табела бр.3***

| Реден број | Видови на приходи | 2015 Остварено | 2016 Остварено |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 397.036.008,оо | 380.673.222,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 63.631.798,оо | 89.047.659,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 366.735.039,оо | 367.754.135,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 17.764.641,оо | 17.968.292,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 14.876.264,оо | 21.980.247,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 21.416.612,оо | 78.019.426,оо |
| | | 881.460.362,оо | 955.442.981,оо |

Сумирано вкупните реализирани приходи во 2016 година се за 73.982.619,оо денари поголеми во однос на вкупно реализираните приходи во 2015 година. Структурата на приходите е дадена во табелата погоре при што позначителни се отстапувањата во делот трансфери од други нивоа на власт и делот на приходи по основ кредити. За делот трансфери од други нивоа на власт потребно е да се напомене дека ги опфаќа приходите прикажани на групата 741 кои во себе како позначајни категории ги опфаќа приходите од ДДВ, трансферите од јавното претпријатие за државни патишта согласно годишна програма исто така и приходи од Агенцијата за финансиска поддршка и рурален развој кои се присутни во буџетската 2016 година за поддршка на проекти кои ги реализира општина Охрид како и пренесениот вишок-средства кои како непотрошени се пренесуваат од една во друга буџетска година и како категории секоја пооделно учествува со различен процент во буџетот и се различни во различни буџетски години.

**2.2 Расходи на општината**

Остварениот износ на приходи на буџетот на општина Охрид за 2016 година, претставува основ за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2016 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на општина Охрид за 2016 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2016 година изнесува 921.725.492,оо денари (881.460.362,оо во 2015) или 92,27 %. (89,46% во 2015).

Разликата од 33.412.985,оо денари помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2016 година претставува вишок на приходи кои како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот на наредната 2017 година, соодветно по намени.

Финансиските параметри по основ расходи и приходи од позицијата самофинансирачки активности како и наменските дотации за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Охрид.

**2.3 Обврски кон добавувачите**

За обврските кои ги има општина Охрид, за нивната висина и потекло се дискутирало повеќе пати. Во минатиот период беа превземени чекори и мерки за намалување на истите и започнување на еден избалансиран пристап во однос на решавање на наталожените, затекнати обврски и долгови. И покрај досегашните активности на ова поле,

висината на обврските и натаму претставува значителна пречка за непречено функционирање на општината, како и за целосна реализација на усвоените програми за работа. Покрај активната политика и мерки кои беа превземени во изминатиот период, високиот степен на задолженост од една страна и секојдневните растечки потреби на граѓаните на општина Охрид, допринесуваат општината и покрај активните мерки и политика, сеуште да има големи проблеми во своето делување и сервисирање на обврските кон добавувачите. Општината и натаму работи во услови на блокирана сметка со утврден лимит од основниот суд Охрид во висина за непоходно извршување на функциите на општината. Како во изминатиот период, така и денес, општина Охрид во решавањето на овие проблеми се потпира единствено на своите приходи односно тековни средства, што од своја страна влечи многу средства за решавање на тековните проблеми и потреби на граѓаните од проста причина што општината не располага со неограничени можности и фискален капацитет. И покрај се, општината и натаму води активна политика, склучува спогодби за подмирување на долговите на рати и во исто време активно во рамките на своите можности ги решава тековните проблеми и потреби на граѓаните на општина Охрид.

Висината на обврските континурано предизвикуваше и сеуште предизвикува проблеми не само во извршувањето на тековните активности туку и во самиот процес на планирање и подготвување на буџетот а следствено на тоа и рационално планирање и реализација на програмите за работа. Во изминатиот период за утврдување на вкупните обврски кон добавувачите од страна на менаџментот на општината беше изготвен план за реализација на оваа активност и во целост беше утврден вкупниот долг на општината за кој беше поднесен и извештај до Советот на општината кој го содржи вкупниот долг по сите основи, структурално разработен по доверители за изведени работи, доверители за експропијација, каматни побарувања, судски процесни трошоци, спогодбени побарувања и побарувања од физички лица. Обврските кои настануваат после овој извештај тековно на дневна основа се евидентираат и ажурираат во стручната служба при општина Охрид.

Обврските на општината и во идниот период, се до нивно целосно расчистување ќе го имаат главниот збор во креирањето на политиките на општината, во креирањето на фискалната стратегија и буџетите. Ваквата ситуација како досега така и во периодот кој следи налага целосно ангажирање на сите капацитети, максимален ангажман на менаџментот на општината како и висок приоритет во агендата на активности на општината во натамошниот период со цел што поскоро општината да излезе од ситуацијата во која моментално се наоѓа и е голема пречка пред се за економски раст и развој на општината.

## 2.4 *ПОБАРУВАЊА*

Покрај за претходно споменатите обврски кои ги има општината, Општина Охрид во насока на заштита на своите права, преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, редовно ги следи своите побарувања, врши пратење на нивното доспевање и превзема дејствија за судска наплата на истите. Од страна на стручната служба за сите оние побарувања кои доспеваат без разлика на нивниот основ и висина како од правни така и од физички лица навремено се дава предлог за утужување до правната служба или правните застапници и сите вакви предмети навремено се процесуираат од страна на стручната служба пред надлежните органи. Бидејќи ваквиот процес се одвива секојдневно односно се работи за континуиран процес каде дел од предметите веќе се завршени, дел се во постапка, а дел започнуваат, во ниту еден момент општината неможе да располага со точен податок за висината на износот кој би се добил по овој основ односно од наплата по утужените предмети. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2016 година.

Во нашата општина контирнуирано се спроведува трендот на транспарентност во работењето, трендот на отворање на процесот на буџетирање кон јавноста, тренд кој значи

целокупното работење на општината вклучително и буџетското работење да бидат навремено и целосно достапни за јавноста, со цел запазување на претходно споменатите принципи а во насока на чесно и одговорно работење на локалната самоуправа. Администрацијата е се поотворена во своето работење, се прифаќаат предлози и идеи од граѓаните, се овозможи целосен пристап до информациите од јавен карактер. Партиципацијата во ваквите процеси од страна на граѓаните гради мостови на доверба помеѓу локалните власти и граѓаните, помага во градењето на една транспарентна и одговорна локална власт, помага во подобрување на услугите кои ги добиваат граѓаните. Вклученоста на граѓаните во овие процеси е како во делот на креирањето на буџетот, предлагање, планирање на активностите, процесот на донесување на буџетот, процесите на извршување на буџетот, така и при поднесување на отчет за сработеното, односно изготвувањето на завршните сметки, се со цел запазување на процесот на транспарентност во трошењето на нивните средства, висината, намената, остварувањата. Основните придобивки од транспарентноста во овие процеси е секако унапредување на демократските процеси во општеството, чувството за отвореност и отчетност кое го имаат граѓаните кон локалните власти и чувството на креатори на својата судбина, која произлегува од нивната активна улога во овој процес.

Во насока на ваквата транспарентност, согласно законските прописи, општините до Министерството за финансии редовно поднесуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за своето работење. Буџетот на општината, кварталните, полугодишните извештаи, како и завршната сметка на буџетот се објавуваат во Службен гласник на општината кој се објавува на официјалната веб страница на општината. Три основни принципи се битни во процесот на транспарентност на буџетскиот процес, и тоа:

- достапност на информации за буџетскиот процес, дали јавноста добива навремени, сеопфатни и точни податоци ;
- вклученост на граѓаните во процесот на донесување на буџетот и во колкава мера;
- мониторинг на процесот на извршување на буџетот.

Битен момент во овој процес е тоа, дали одлуките кои што се носат за трошење на народните пари, парите од буџетот, се донесени на транспарентен начин, дали одлуките кои ги носи локалната самоуправа и ги отсликува барањата односно мислењето и потребите на граѓаните или сето тоа се прави далеку од очите на јавноста. Во овој процес, голема е улогата на граѓанскиот и невладиниот сектор во поттикнување и развој на транспарентен мониторнинг систем, кој во голема мера ќе влијае на процесот на донесување на одлуките на локалната власт и секако намалување на лошото менаџирање со јавните ресурси и буџет. Иако ваквите процеси навидум не изгледаат лесни и се чини дека се ограничувачки, сепак постојат методи и начини за воведување на ваква пракса и систем на транспарентност и отчетност, а во оваа насока во последно време силен поттик дава и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во нашата општина принципот на транспарентност се практикува на едно високо ниво на сите нивоа од работењето од започнување на процесот на буџетирање каде се користи методот на партиципативно буџетирање, процес кој буди се поголем интерес и застапеност, процес кој вклучува директна вклученост на јавноста во целокупниот процес на буџетирање од самиот почеток па до крај, односно од моментот на започнување на планирањето на буџетот, до моментот на изготвување на буџетот па реализацијата на буџетот и на крај отчетот за сработеното. Сето ова се остварува преку разни форуми, јавни трибини, средби со граѓани, процес кој континуирано се врши од самиот почеток, при што улогата на граѓаните во сите овие фази е посебно изразена и е на високо ниво со цел граѓаните да одлучуваат за своите потреби и приоритети, односно да се слушнат нивните барања и мислење. Една од најголемите улоги која ја игра транспарентноста и кон која се стреми нашата општина не само во буџетскиот процес, туку и во целокупното работење е тоа што на тој начин се намалува корупцијата а расте одговорноста во работењето, принципи кои порано или подоцна ќе мора да ги прифатат и спроведуваат сите, бидејќи

целокупното работење, не само на локално ниво туку и на сите други јавни и државни институции се темели на работењето со парите на граѓаните. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2016 година.

**Број 08-3415/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. - 31.12.2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**<u>ОПШТИ СОСТОЈБИ И УСЛОВИ</u>**

Во текот на втората половина на 2016 година ПС од општа надлежност - Охрид согласно законската функција и надлежност, работите ги извршуваше во сложени општествено економски и социјални услови, а **релативно поволна безбедносна состојба**.

Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н., заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР-Охрид, односно МВР на РМ.

Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **втора половина на 2016 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како поволна и стабилна и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.

Присутното незадоволство кај граѓаните од аспект на економската сфера и актуелната политичката состојба, ја усложнува и неповолно се одразува на безбедносната состојба на Општина Охрид, а посебен акцент се посвети на организираните Предвремени парламентарни избори како и на предизборни митинци, но при тоа не се регистрирани појави и настани кои во овој момент би можеле да ја загрозат безбедносната состојба.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ВО ОБЈЕКТОТ ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА „СВ.ЕРАЗМО“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за инвестирање во инфраструктурно уредување на пристапот во објектот ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/50** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ( Сл.Весник на Р.М бр.5/02 ), како и член 15 став 1 точка 4 и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ИНФРАСТРУКТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ВО ОБЈЕКТОТ ЈЗУ СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ОРТОПЕДИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА „СВ.ЕРАЗМО“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука, се одобрува барањето на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „СВ. Еразмо’’ Охрид број 03-192/1 (наш број 08-3300/1) од 06.03.2017 година, за учество на општина Охрид во инфраструктурното уредување на пристапот во објектот ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „СВ. Еразмо’’ Охрид.

**Член 2**

Висината на инвестицијата на општина Охрид за инфраструктурното уредување од член 1 на оваа Одлука, ќе биде во рамки на доставената предмер пресметка доставена во прилог на барањето од ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „СВ.Еразмо’’ Охрид, нивен број 03-192/1 од 06.03.2017 година, која предмер пресметка претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Средствата за намената наведена во член 1 од оваа Одлука се предвидени во буџетот на општина Охрид.

**Член 4**

Се задолжуваат надлежните служби на општина Охрид, веднаш по стапување во сила на оваа Одлука да пристапат кон реализација на истата.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/50**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за исплата на долгот на ОУ„Григор Прличев“ Охрид кон ЕВН Македонија за потрошена електрична енергија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/51**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПЛАТА НА ДОЛГОТ НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ОХРИД КОН ЕВН МАКЕДОНИЈА ЗА ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Општина Охрид како основач на основните училишта, а со цел зачувување на општествената одговорност, обезбедување континуитет во образовниот процес и обезбедување услови за тековно работење на ОУ„Григор Прличев“ Охрид, се обврзува да го исплати долгот за потрошена електрична енергија кој ОУ„Григор Прличев“ Охрид го има кон ЕВН Македонија, во износ од **186.273,00** денари.

**Член 2**

Средствата за исплата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид, Програма Н1 основно образование, конто 421110 – Програм Н1.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/52** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/52**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

**ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2017 ГОДИНА**

I. Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14, став 2 од „Законот за заштита на населението од заразни болести„ (Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004; 139/2008 и 99/2009), а во врска со член 18, став 6 од Статутот на Општина Охрид (Службен гласник на Општина Охрид број 8/07) и член 36, став 6 од „Законот за локална самоуправа„ (Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002).

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно мислење на Центарот за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат „Програми за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје„.

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2017 година.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2017 година ќе се превземат:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2017 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

**1.1**. Водоснабдувањето на општина Охрид го врши МЈП „Проаква“ – Работна единица – Водовод Охрид и тоа за: градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, а со Одлука на Советот на Општина Охрид се управува и со системот за водоснабдување во с. Љубаништа од втората половина на 2007 година, а од мај 2008 год. управуваме и со системот за водоснабдување во с. Лескоец. Од 2011 година РЕ Водовод Охрид управува и со водоснабдување на селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи во Република Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**1.2. Планирани активности**

Во Институт за јавно здравје на РМ – Скопје, се носат два пати годишно мостри на вода од следните изворишта: Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол и од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа. Мострите се земаат и носат во месец март и месец ноември. На мострите испратени во ИЈЗ на РМ се врши следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали

- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Од Центарот за јавно здравје – Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2017 година ќе се извршат анализи на 830 примероци од системот за водоснабдување

- еднаш неделно се земаат 14 примероци.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје – Охрид се врши :

- Основна бактериолошко – хемиски анализа
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи на Република Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие МЈП „Проаква“ – Охрид.Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата.

Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработени во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед .

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

2.1. За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Користењето на базените за капење може да доведе до здравствени ризици заради опасноста од појава на штетни микроорганизми и изложеноста на штетни хемикалии. Од тие причини во летниот период се врши редовно физичко – хемиско и микробиолошко испитување за квалитетот на водата која се користи во базените.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење.

**2.2. Планирани активности за контрола на езерската вода**

| квартал | теренски увиди | мостри од езерска вода |
|---|---|---|
| I | 8 | 15 |
| II | 12 | 50 |
| III | 12 | 50 |
| IV | 8 | 15 |

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје – Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

3.1. Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници. Вкупната должина на денес постојната мрежа изнесува околу 146, 36 км од кои:

- мешовита канализациона мрежа 40.45 км,
- фекална канализациона мрежа 74.74 км,
- атмосферска канализациона мрежа 31.17 км.

За превентивно спречување на појава од заразни болести редовно се врши одржување и темелно чистење на уличната (фекална) канализациона мрежа, ревизионите, приклучни и прекршни шахти, чистење на улични сливници и електромашинско и механичко одржување на црпните станици.

Според Одлуката за комунален ред на Општина Охрид се врши организирано отстранување на комуналниот отпад. Организираното отстранување на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица Комунална хигиена.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика и стара хартија, со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

Правните и физичките лица кои создаваат или поседуваат опасен (медицински) отпад, склучуваат договор за собирање и транспортирање на опасниот отпад со правни лица кои поседуваат дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад.

**3.2. Планирани активности**

- Чистење на улици:
  - улици од прва категорија - секојдневно
  - улици од втора категорија – два пати неделно

- улици од трета категорија – еднаш неделно

- Миење и прскање на улици
  - секој ден од 1 април до 31 октомври.
  - Во зимскиот период од 1 ноември до 31 март (поради ниските температури).

- Одвод на смет
  - I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период два пати во текот на денот.
  - II категорија и III категорија на улици – два пати неделно.

- Дезинфекција
  - Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
  - По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**Перманентни активности**

Редовни контроли од страна на комунална инспекција

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола по пријави на граѓани

**4. Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

4.1. За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2017 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

4.2. Планирање и водење на овие активности е во рамките на агенција за храна.

4.3 За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ – Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2017година.Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје.Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на задравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

**5. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

5.1. Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09) треба да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училишта и предучилишни установи, Студенски дом, социјални установи, објекти за водоснабдување, пазари, автобуски станици и други јавни објекти , средства за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на

населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ја изведува избран извршител на тендер и тој го одредува типот на средството за дезинсекција согласно одобрението од Бирото за лекови.

**5.2. Планирани активности**

**Дезинсекција**

Екипа на ЈЗУ „Центарот за јавно здравје“ – Охрид заедно со претставници на Локалната самоуправа на Општина Охрид вршат мапирање на водните површини како потенцијални легла за размножување на комарци и места со крлежите.

- Дезинсекцијата ќе се врши согласно временските услови односно по предлог на стручни лица кои ги следат фазите на развојот на комарците.Места кои треба да бидат третирани се :

  * Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум и подножјето на планината Галичица – Населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка и
  * По потегот на реката Грашница и Коселска река.

- Дератизација

Ќе се изврши дератизација на канализацискиот систем односно на околу 3000 шахти на територијата на општина Охрид два пати годишно (пролет и есен).

**6**. Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

6.1. Со здравствено воспитување во 2017 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

Хепатити
Инфективни ентероколити
Имунизација
Заштита на животната средина
Сексуално преносливи заболувања
ХИВ/СИДА
Микози
Здрава исхрана
Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата

Стручно мислење од ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид

Корегирале:
Д-р Лидија Симоноска
Спец. По хигиена и здравствена екологија

М-р сци , д-р Јованка Стурлакова Коровешовска
Спец. по епидемиологија

**Број 08-3415/52-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмата за работа на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/53** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид за 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/53** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА на Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид**

Програмата за работа на ОСБСП Охрид за 2017 година предвидува реализација на повеќе значајни проекти и активности насочени кон општата јавност и кон сите целни групи-учесници во сообраќајот со цел унапредување на безбедноста на сообраќајот во Охрид, едукација на целните групи за потребата од почитување на сообраќајните правила и прописи и подобрување на сообраќајната инфраструктура во градот. Намерата е значително да се влијае кон подигнување на јавната свест за внимателност во сообраќајот, подигнување на сообраќајната култура кај сите учесници посебно на ранливите категории, намалување на сообраќајните незгоди, загуба на човечки животи, телесни повреди и материјални штети.

Во таа насока, ОСБСП Охрид, во својата годишна програма за работа во 2017 година, ги предвидува следниве активности:

- Остварување на континуирана соработка и контакти со локалната самоуправа-општина Охрид, фондот за комунален развој и патишта,со службите во локалната, јавните претпријатиа и другите институции.

Цел: запознавање со предвидени активности, проекти и кампањи за реализација, добивање стручна и логистичка помош и поддршка во реализацијата на предвидените активности за обезбедување на поголема безбедност на возачите на патнички возила, моторцикли, на велосипедистите, пешаците, на ранливите групи и воопшто на сите учесници во сообраќајот. Време: во текот на целата година.

- Континуирана соработка со Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Цел: активно учество во промоција и подршка на локално ниво на кампањите и проектите што ги организира Републичкиот совет. Време: во текот на цела година.
- Интензивна и постојана соработка со Секторот за внатрешни работи Охрид и надлежните организациони единици. Време: во текот на цела година. Цел: координација и соработка во реализација на одредени проекти и кампањи, добивање стручна и логистичка поддршка од стручните полициски службеници од областа на безбедноста во сообраќајот, размена на искуства за подобра реализација на предвидените активности, размена на информации и добивање на податоци и други аналитички податоци за случени сообраќајните незгоди, врз основа на што ќе се утврдат причините за случување на истите. Време: цела година.
- Остварување соработка со Општинската организација на Црвениот крст од Охрид во реализација на заеднички кампањи а посебно во обезбедување поголема заштита на ранливите групи во сообраќајот. Целна група: велосипедисти, моторциклисти, лица со посебни потреби и други учесници во сообраќајот што можат да бидат целна група на одредени заеднички проекти.

Цел: преку реализација на заеднички активности да се влијае врз јакнење и подигнување на свеста за сопствената и безбедноста на другите учесници во сообраќајот. Време: цела 2017 година.

**5.** Активности и контакти со надлежни институции за реализација на проектот „Велосипедска патека на секоја охридска улица“. Во таа насока,изготвување предлог иницијатива до локалната самоуправа за воспоставување велосипедска патека на улиците „Питу Гули“ и „АСНОМ“ како и за обновување на постојната хоризонтална и вертикална сигнализација на „АСНОМ“.

Цел: Промовирање и активности за изградба на велосипедска патека на сите улици во градот (улици што се во реконструкција и улици каде е планирана реконструкција или проширување)

**6.** Организација на велосипедски патроли и велосипедски дефилеа во соработка со СВР Охрид, локалната самоуправа, детските градинки, велосипедските и мото клубовите, туристички агенции, хотелиери, НВО, Црвен крст,Здруженијата на пензионери и наглуви лица, угостителски објекти. Целна група: граѓани на Охрид и туристи.

Цел: подигнување на јавната свест за поголема безбедност во сообраќајот, посебно за време на летниот период, анимирање на целните групи за афирмација на урбаниот велосипедизам како здрав и корисен начин на живот. Време: од април до септември.

**7.**Велосипедско поврзување на Охрид и Струга (изработка на идејна сообраќајна студија-пилот проект. Целна група: локалните самоуправи во Охрид, Дебарца и Струга, велосипедски клубови од Охрид и Струга, хотелско туристички асоцијации и здруженија. Цел: збогатување на туристичката понуда на двата крајезерски града, афирмација на велосипедизмот како здрав начин на живот.

**8.**Проекти за едукација на учениците од основните училишта, типизирани предавања за сообраќајните знаци, сообраќајните правила и прописи. Целна група: ученици од 1-5 одделение во основните училишта. Целта е стекнување на основни знаења од сообраќајната сфера, запознавање со сообраќајните правила и прописи, унапредување на сообраќајното воспитување на ученици во текот на одделенската настава преку запознавање со значењето и важноста за почитување на сообраќајните прописи, укажување за потребата од нагласена безбедност како најмлади учесници во сообраќајот, подигнување на нивната безбедносна култура, запознавање со основните правила за управување со велосипед, користење на велосипедските патеки и носење велосипедска опрема. Време: во тек на целата година.

**9.**Организација на сообраќаен општински квиз натпревар за учениците од V и VI одделение од основните школи во Охрид.
Цел: стекнување и зацврстување на стекнатите знаења од областа на безбедноставо сообраќајот, познавање на сообраќајните знаци, правила и прописи, развивање на натпреварувачки дух кај младите преку заедничко дружење и стекнување. Време: октомври 2017 година.

**10.** .Едукативни наставни програми за учениците од средните училишта, за нивно запознавање со сообраќајните правила и прописи, за потребата од нивно доследно почитување, за техниките и условите за управување со велосипед со помошен мотор и мопед. Цел: правилно и целосно информирање на учениците од средните училишта како идни кандидати за возачи на мопеди и автомобили, за условите, правилата и прописите во областа за добивање дозволи за соодветните категории, стекнување поголемо знаење за техниките на управување со мопеди и автомобили и побезбедно учество во сообраќајот. Време: во тек на цела 2017.

**11.**Соработка со пензионерските здруженија на подрачјето на општина Охрид како и со организациите на лицата со посебни потреби, со цел запознавање на нивните проблеми од сообраќајно-безбедносна сфера, утврдување на нивни потреби во тој домен, добивање информации за можни идеи во решавање и надминувањето на одредени состојби. Целна група: пензионери и лица со посебни потреби. Време во текот на цела 2017 година.

**12.**Организирање на воспитно образовната манифестација „Детски семафор“. Време: април 2017 година. Целна група: ученици од основните училишта во опшината. Цел: подигнување на сообраќајната култура кај учениците, запознавање со сообраќајните правила и прописи на управување и движесе со велосипед, стекнување вештини за безбедно управување велосипед.

**13.**Организирање едукативни часови и типизирани предавања, панорамски прошетки со панорамскиот автобус „Едукативен автобус“ за децата од предшколските установи, со цел запознавање на сообраќајниците низ Охрид, практично функционирање на сообраќајот во градот, подигнување на сообраќајната култура кај најмладите.
Целна група: деца од детските градинки. Цел: преку заедничко дружење до едукација за сообраќајните знаци, правилата и прописите. Време: јуни-јули 2017 година.

**14.**Организирање на ликовни настани на тема „Безбеден сообраќај“. Целни групи: деца во детските градинки и учениците во основните училишта. Цел: развивање на креативноста кај младите поврзана со сообраќајот, збогатување на нивните знаења за сообраќајната инфраструктура, сообраќајните знаци. Време: цела 2017 година.

**15.**Продолжување на едукативните кампањи „Како возиме на кружен“, „Вози одговорно-животот е во твои раце“, „Вози трезен стигни жив“, „Едукативен сообраќаен пункт“ и други кампањи што ќе се реализираат во соработка со локалната, СВР Охрид, Авто-школите, медиумите (дистрибуција на едукативни наменски флаери, ЦД со видео анимација за правилно управување на возила на кружните текови)

**16.** Кампањи за осветлување на пешачки премини, отстранување на хаваризани возила од коловозни површини и други јавни површини во градот со цел зголемена безбедност.
**17.** Остварување соработка со домашни и странски организации и институции кои работаат на полето на безбедноста во сообраќајот, пред се со РСБСП во насока на организација на едукативни трибини со учество на професори од сообраќајниот факултет во Битола и други експерти од областа. Цел: размена на искуства и унапредување на работата на Советот, интелектуална поддршка и координација. Време: во текот на цела 2017 година.
**18.**Соработка со медиумите со цел комплетна транспарентност на работата на Советот, известување на јавноста за сите активности предвидени во програмата во насока на унапредување на безбедноста во сообраќајот. Време: во текот на цела 2017 година.
**19.** Во тековната година, Советот може да ја дополнува програмата, да иницира и други проектни активности и други идеи со цел зголемена сообраќајна безбедност и поефикасно остварување на функциите и надлежностите на Советот во корист на граѓаните-учесници во сообраќајот.

Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид
П р е т с е д а т е л
м-р Стефан Димоски

**Број 08-3415/53-1**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ – ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Билјанини извори“ – Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/54**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Билјанини извори“ - Охрид за 2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид бр.02-193/5 од 07.03.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/54**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 20 - а од Законот за вработени во јавен сектор ( Сл. Весник на РМ бр. 24/17 и 199/14) и членот 22 од Статутот на ЈП Билјанини извори - Охрид, Управниот одбор на ЈП Билјанини извори Охрид на состанокот одржан на ден 07.03.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2017 год.**
**на ЈП Билјанини Извори - Охрид**

1.1 Се донесува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2017 год. изготвен од вд Директорот на јавното претпријатие.
1.2 Годишниот план за вработување за 2017 год. содржи:
- точни податоци за состојбата на пополнетост на работните места во институцијата,
- податоци за планирани пензионирања и податоци за други планирани движења на вработените (мобилност во рамките на институцијата и/или јавниот сектор, унапредувања и друго) и
- план за распределба на бројот на нови вработувања во следната година по припадност на заедница.
1.3 Планот за вработување за 2017 год. ќе се донесе по добиената согласност, а ќе важи по добивање на Позитивно мислење од МИОА.

**Бр.02-193/5**
**Од 07.03.2017 година**
**Охрид**

**Управен одбор**
**Претседател,**
**Стефан Арнаудов,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ТАБАНА - КАНЕО - ЛАБИНО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешачка патека Табана - Канео -

Лабино, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/55** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 52 став 2 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ТАБАНА – КАНЕО - ЛАБИНО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешачка патека Табана - Канео – Лабино Број 08-9609/7 донесена од Советот на општина Охрид на 28.06.2016 година.

**Член 2**

Се менува член 2 од Одлуката и истиот гласи:

**„Донесувањето на предметната Одлука е потребно заради одобрување на проектот за инфраструктура со кој се врши усогласување и прецизирање на трасата на инфраструктурниот објект согласно ажурираната геодетска подлога, но без промена на регулационата линија утврдена со урбанистички план или урбанистичко-планска документација “.**

**Член 3**

Сите останати одредби од Одлуката бр.08-9609/7 од 28.06.2016 остануваат непроменети.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/55** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП.БР.1, КП.БР.2 И КП.БР.3627 КО ЕЛШАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на Кп.бр.1, Кп.бр.2 и Кп.бр.3627 КО Елшани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/56** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14,115/14,199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16 ), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП.БР.1, КП.БР.2 И КП.БР.3627 КО ЕЛШАНИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето на кое има бесправно изграден објект, за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, кој што објект се наоѓа на Кп.бр.1, Кп.бр.2 и Кп.бр.3627 КО Елшани.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/56** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНАТА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА ДЕЛ ОД ВОДОТЕКОТ НА СКРЕБАТСКА РЕКА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО КОСЕЛ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за определување на ширината на крајбрежен појас на дел од водотекот на Скребатска река во населено место Косел, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година.

**Број 09-3415/57**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р**

Врз основа на член 131 став 2 алинеа 3 од Законот за водите („Службен весник на РМ“ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2017 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНАТА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА ДЕЛ ОД ВОДОТЕКОТ НА СКРЕБАТСКА РЕКА ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО КОСЕЛ

### Член 1

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на дел од водотекот на Скребатска река во населено место Косел, согласно Елаборатот за утврдување на границите на регулирано речно корито со предлог крајбрежен појас на дел од река Скребатска изработен од Друштво за градежништво промет и услуги Хидро-Консулт ДООЕЛ Скопје со тех.бр17-ЕЛАБ-003 од 02.2017 година.

### Член 2

Со елаборатот се дефинира меродавната стогодишна голема вода за димензионирање на речно корито на река Скребатска и со хидрауличка анализа дефинирана е граница на регулиран речен појас кој се наоѓа на дел од КП бр.821/1 КО Косел.

Должината на трасата на која се однесува оваа Предлог Одлука изнесува 628 м и тоа од почетна стационажа 0+000.00 до крајна стационажа 0+628.00 м.

Кординатата на почетната стационажа изнесува 485706.9109, 4557709.8583 и кординатата на крајната стационажа изнесува 486233.4700, 4557396.8700.

Согласно законската регулатива се предлага крајбрежен заштитен појас зад надворешната граница на регулираното речно корито во ширина од 3,0 м.

### Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Решението за давање согласност на предлог Одлуката за определување на ширината на крајбрежниот појас на водотекот на Скребатска река во населено место Косел, општина Охрид заведено под УП 1-11/5 -307/2017 од 13.03.2017 година, донесено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3415/57**
**14.03.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р**